**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 февруари 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,04 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Али Ахмети, Абдулаќим Адеми, Мендух Тачи, Сашко Ќедев, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски и Андреј Жерновски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по **точката 14-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Следен на листата за збор е пратеникот Ристана Лалчевска.

Повелете госпоѓо Лалчевска, имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

На дневен ред е расправа за потребата за измена и дополнување на Законот за јавни собири, донесен 1995 година и, кој што, морам да нагласам од 1995 година до сега не е менуван. Значи, немало потреба да се менува. Ова го кажувам, бидејќи од 1995 до 2005 година, за 10 години имало јавни собири од разни причини, меѓутоа ниту една Влада не се дрзнала да предложи вакви измени и дополнувања на Законот што го имаме сега.

Измениве што се предложени од група пратеници се противуставни, бидејќи во членот 21 од Уставот на граѓаните им е гарантирано правото мирно да си собираат и да го изразуваат јавниот протест, без претходно пријавување и без посебна дозвола. Уставот, на ваков начин им го гарантира правото на граѓаните на јавно собирање и протестирање.

Тоа е една од основните причини заради што нема потреба да се вршат овие измени, а друга и многу чудна причина зошто овој предлог предлагачите треба да го повлеат од седница, би сакала да ја прокоментирам.

Пред четири месеци имавме идентичен предлог и Собранието расправаше по тој Предлог. При тоа Собранието го отфрли Предлогот, со образложение дека нема потреба од такви измени. Исто така и Владата достави мислење до Собранието по Предлогот и се изјасни дека е противуставен. Сега, после четири месеци имаме идентичен предлог, во една чудна процедура на доставување, каде што имавме пет потписници, пратеници од владеачките партии, како предлагачи, а за при тоа, еден од наводните потписници го повлече својот потпис со тврдење дека не го ставил својот потпис на Предлогот и дека било злоупотребено неговото право на предлагач, што, јас сум правник, во правото се вика фалсификат. Меѓутоа, ова не е суд, н ие нема да расправаме, за тоа има надлежни институции, меѓутоа моралниот аспект на ваквиот чин и те како треба да го расправаме од причини што таквите постапки и фрлањето во заборав на таа постапка го доведува Парламентот и сите пратеници, сегашни и идни, во една многу нелагодна и непријатна ситуација да бидат прозвани како претставници на народот, подготвени да фалсификуваат и потпис за да дојдат до одредена цел. Односно владеачките партии да дојдат до одредена цел, а целта е да ја заштитат Владата од јавните протести на граѓаните што се насочени, секако кон лошото работење на Владата. Граѓаните никогаш нема да излезат на протест, јавно се собираат, да го искажуваат своето мислење ако се задоволни и ако живеат спокоен живот.

Во сета оваа работа и Владата ја сметам за директен учесник, затоа што, како што кажав претходно, пред четири месеци за идентичен предлог Владата се изјаснила за неуставност на Предлогот, и сега после четири месеци добиваме мислење со кое што потврдува дека е добар и дека треба пратениците да го поддржат. Навистина не знам како Владата го чита Уставот. Колку што мене ми е познато, а и на сите верувам ви е познато дека во овие четири месеци не дошло до никакви уставни измени во членот 21. Тоа јасно зборува дека нема уставен основ да се донесе и да се предложи воопшто Предлог за измена и дополнување на закон со што ќе се ограничи правото на јавно собирање на граѓаните. Ваквата работа и ујдурма и од пратениците и од Владата, што ја сметам за директно одговорна за оваа работа, е недолична и го руши угледот на законодавниот дом.

Од ова што го искажав, мислам дека, пред се, како морален чин на предлагачите ќе биде да го повлечат ваквиот Предлог и да не го рушат дигнитетот на пратеникот, уште помалку на Собранието како законодавен дом, што треба најодговорно да се грижи за донесување на законите, за нивно спроведување, што ќе бидат усогласени пред се со Уставот, како највисок правен акт на државата, а не да предлагаат и, уште помалку, користејќи го мнозинството во Парламентот, да изгласуваат закони што се противуставни и насочени директно во ограничување и загрозување на основните и уставно загарантирани човекови права, меѓу кои е и правото на јавно собирање.

Со овој Предог што го доставувате, вие барате да се ограничи, пред се, местото каде граѓаните ќе

протестираат. Во Уставот, уставотворецот не предвидел такво нешто. Кажал дека ваквото право на граѓаните, ќе цитирам од Уставот за да бидеме јасни и децидни "Користењето на ова право може да биде ограничено само (нагласувам само) во услови на воена и вонредна состојба". Значи, ако уставотворецот, односно Собранието, бидејќи ние го носиме Уставот сакал поинаку да се ограничи ова право, тогаш немало да ја внесе оваа одредба во Уставот, туку ќе оставел и ќе посочел дека со закон може да се ограничи. Ако кажал вака децидно и императивно, тогаш воопшто не остава простор за со закон да биде ограничено ваквото право.

Затоа, драги колеги и овој Закон за јавно собирање, за јавни собири што го имаме од 1995 година и после 10 години и после сите искушенија низ кои помина нашава држава и после сите јавни протести и изразувања на незадоволство на граѓаните не го ограничиле и не дошло до потреба да се ограничува, зата што Уставот децидно тоа го бара од нас. Никогаш до сега не било злоупотребувано, затоа што право е на граѓаните, во случај на свое незадоволство, а може и во случај на поддршка, јавно да се соберат и да го искажат своето мислење. Никој нема право, а најмалу законодавниот дом да им го ограничува таквото право, бидејќи ние мораме да постапуваме онака како што Уставот побарал од нас. Тоа е да ги штитиме основните човекови права, од кои едно, тежишно е и ова право.

Објаснувањата од одредени колеги, пред се од предлагачите, дека со ова право само се уредува правото на јавно собирање, а при тоа им определувате каде се не смејат да се собираат граѓаните и дека треба да ги известат органите и дури задирате во правото на искажување на своето мислење, значи во правото на слободно изразување, што значи задирате во едно друго основно право со Предлогот што го давате, вие сакате да ги ограничите и замолчите граѓаните. Меѓутоа, познато е дека, колку повеќе ги замолчувате граѓаните, толку повеќе тие во случај на свое незадоволство ќе изнајдат начин и патишта и покрај сите ограничувања, да го искажат своето мислење и својот став по одредени прашања. А, пред се, кога ќе бидете незадовлни од структурите што ја водат државата, без разлика кои тие се.

Внимателно ги прочитав сите предложени решенија што ги нуди предлагачот. Во превод, тоа би било вака - вие можете да протестирате, ама да одите таму на Зајчев рид и ќе си правите монолог самите со себе. Тоа, драги колеги е недопустливо. На граѓаните Уставот им дава право и воопшто сите конвенции што се во сферата на човековите права им даваат право јавно да се собираат, да го изразуваат својот став и своето мислење. Јавното собирање не секогаш значи и протест. Јас кажав и пред малку дека граѓаните имаат право и можат да се соберат јавно и да искажат задоволство од некое решение, што за жал во последно време тоа не е случај.

И, како заклучок на сето тоа, се ми се чини дека стравот од се почести протести, како израз на незадоволство од работењето на владеачката структура ги тера граѓаните на јавно протестирање и искажување на своето незадоволство од позицијата во која се ставени. Немојте да дозволите, со едно вакво противуставно решение, да ги замолчите граѓаните. Затоа што тие ќе си го најдат патот и ќе си го искажат своето мислење.

Затоа, драги колеги, не дозволете, прво, да донесеме Предлог за измени што е противуставен и што директно задира во уставно загарантираните права на граѓаните.

Второ, од морални причини, немојте да го рушите дигнитетот на Парламентот и да дозволите да помине предлог низ Собранието што е доставен со, еве ќе цитирам, како се изјасни еден од предлагачите "добронамерен фалсификат". Во правото, добронамерен фалсификат нема. Има фалсификат што е казнив. Меѓутоа, за тоа ќе си кажат надлежните органи.

Нема да дадам поддршка на овој Предлог-закон, нема да даде поддршка ниту Либералната партија, а се надевам дека до крајот на расправата предлагачите ќе бидат разумни и ќе го повлечат Предлогот. А, мнозинството, мислам дека ќе биде недостојно ако го поддржи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Глигориевски имате реплика? Повелете три минути.

**Тома Глигориевски:** Бидејќи пратеничката се осврна на членот 21 од Уставот, каде што се вели дека граѓаните имаат право да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна потреба, јас би ја запрашал како го толкува, бидејќи таа е правник, членот 27 од истиот Устав, овој наш, македонски кој вели "Секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Република и слободно да го избира местото на своето живеалиште". Значи, за првиот дел од ова, слободно да се движи низ патиштата и слободно да се движи низ целата територија на Република Македонија. Тоа е едната работа.

Втората работа, дали овде не се прави јасна распределба меѓу она дека Уставот гарантира права и слобода на луѓе да протестираат за нешто за што мислат дека се обесправени од конкретниот случај што го прави Здружението "Глас за светлина" или како се вика за еден процес што со закон е озаконет, процес на трансформација и приватизација на Електростопанство. Значи, овде не се работи за, во конкретниов случај, не се работи за задоволување на потребата од искажување на јавен собир, за некој што го има правото, туку баш напротив, го злоупотребува уставното право и ги

оневозможува другите граѓани да си го остваруваат своето уставно право на слобода на движење.

Затоа, мислам дека и овој закон, можеби првиот пат, од одредени причини не бил донесен, бидејќи навистина не треба да се ограничува правото на собирање на луѓето и да им се посочува само на Зајчев рид или не знам каде. Меѓутоа, мора да се направи разлика дека луѓето не можат, остварувајќи или злоупотребувајќи уставно право да го загрозуваат правото на другите луѓе. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контра реплика госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам колега на репликата.

Вие во репликата, само го потврдивте, само потврдивте дека моменталната ситуација е таа што ве принудува да донесете ваков закон. Значи, се уплашивте од моменталната ситуација.

А друго, по однос на членот 27, правото на слободно движење на граѓаните никој не им го ограничува. И во случај на вис мајорум може улица да биде затворена по неколку часови или цел ден или два дена, а тука има институции што треба да се грижат за пренасочување на сообраќајот. Вие намерно не ги пренасочувате граѓаните да се движат онаму каде што можат. Нивното право на движење не е ограничено. Јас се движам во Скопје по алтернативни патишта. Значи, полицијата е таа што треба да ги обезбеди алтернативните патишта во вакво време. Вам не ви е ограничено. Еве, доаѓате на седница секојдневно, си одите од седница секојдневно.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоице Грковска имате реплика или барате збор, бидејќи сте предлагач?

**Славица Грковска:** Барам збор како предлагач.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, барате збор.

**Славица Грковска:** Многу ми е жал што морам да констатирам дека...

**Љупчо Јордановски:** Само да се договориме госпоѓице Грковска, ако имате збор ќе дообјасните, а нема да реплицирате, ќе ве молам. Повелете.

**Славица Грковска:** Да, ќе дообјаснам.

Многу ми е жал што можам да констатирам до некои пратеници што себе си се сметаат добри познавачи на правото и на Уставот, се осмелуваат да даваат вакви коментари.

Тоа што во Уставот пишува дека само во услови на воена и вонредна состојба се ограничува правото на јавен протест е точно. Меѓутоа, тоа значи дека во такви услови не смее да има протести. Во законот нема да најдете ниту еден збор во кој што се забранува одржување на протест. Во законот се вели дека јавен собир заради мирно изразување на мислење, или протест, може да се одржува на секое место кое е соодветно за таа намена освен на автопати и магистрални патишта на начин на кој се загрозува патниот сообраќај. Значи, не вели дека во ниеден случај не може на автопати и магистрални патишта. Потоа, до детски градинки и училишта, меѓутоа само додека децата престојуваат во нив. И до здравствени установи на начин кој го оневозможува пристапот на возила на брза помош и го нарушува мирот на болните. Оној што не бил во позиција да чека брза помош не знае што значат секунди, а камоли минути додека чекаат брзата помош да се појави, затоа што зборуваме за човечки живот. И во тие ситуации можеби е некаква утеха дека брзата помош е кај некој друг болен и му помага на друг. Меѓутоа, да знаете дека заради блокади брзата помош не може да стигне, јас не гледам човек што нема да се согласи со ваквата одредба. Ние некако многу прелесно си дозволуваме да даваме толкување на Уставот, дури имавме примери од пратеници кои беа и претседателски кандидати кои што сметаат дека само заради тоа што некој закон е даден пред Уставниот суд, заради тоа е неуставен. Јас ќе се воздржам од таквите коментари, затоа што ги почитувам институциите во државата и сметам дека Уставниот суд е оној кој што единствено може да се произнесе по тоа дали некое решение е уставно, или не. Меѓутоа, ќе се повикам исто така и на закон во кој што вели дека организаторот е должен да обезбеди одржување на ред на јавниот собир, да организира редарска служба заради заштита на правата на граѓаните, нормално одвивање на сообраќајот, снабдување на населението со лекови, храна, гориво и слично. Значи организаторот е тој кој што е должен да го обезбеди тоа, не институциите на системот. Што ќе се случи ако организаторот во ниеден момент не побара од институциите на системот, како што имавме примери во досегашното искуство. И уште еднаш, јавно ги повикувам сите оние кои што имале штета заради одржување на блокадите, да се повикаат и да го искористат член 7 од основниот закон во кој што вели дека организаторот на јавниот собир е должен да ја надомести евентуалната штета што ќе настане при одржување на јавниот собир.

**Љупчо Јордановски:** Да не ја тераме работава во недоглед, јас би ги замолил претставниците, бидејќи трошат околу три минути време да не го користат правото на збор, туку право на реплика.

Господине Крстевски имате три минути реплика.

**Зоран Крстевски:** Секој си ја брани струката, ама ова вас не ви е струка, а сакате да навлезете и добро е и консултирајте се. И ние пак ќе ви повториме дека основата на која сакате измените на законот да ги правите се против уставни. Тоа е едно. Второ, животот ќе ве демантира. Ќе дојде Велигден и сите пред црквите ќе излеземе и сите улици ќе бидат блокирани, а вие ќе треба да го примените вашиот закон, затоа што некој не е христијанин, муслиман е, или не е православен,

ќе сака да помине тука спрема болница, или каде и не знам вие кого ќе казнувате и какви сили ќе извадите да го расчистите патот. Животот е нешто друго. Животот е да го решите проблемот што граѓаните го наметнуваат како протест. Тоа е животот. И тоа во законите го нема. Така што не ни читајте одредби кои не се применливи. И уште тука некоја демагогија, да ги повикувате граѓаните на кои што им настанала штета, или не знам што. Тие си ги знаат своите права и оставете го тоа на граѓаните. Повлечете го законот за да се создаде клима на соработка. Цело време подметнато кукавичко јајце сега имаме и вие цело време тука ни го објаснувате. Пред 15 дена имавме ист закон, иста Влада, исто мислење, иста компетентна расправа. Зошто сега сето ова?

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓице Грковска, една минута контра реплика.

**Славица Грковска:** Денешнава реплика е само уште една потврда дека репликите на господинот Крстевски се помалку и помалку ми стануваат предизвик. Меѓутоа, пак ќе повторам, само во интерес на јавноста. Сите сме свесни дека за време на Велигден, институциите, односно МВР организира алтернативни решенија за сообраќајот во градот и тоа само заради тоа што организаторот го барал тоа од нив. Што се однесува за демагогијата, не е демагогија, тоа е само повикување на користење на легитимното право на граѓаните кои што имаат штета од јавните собири, затоа што законодавецот тоа им го овозможил. И ако вас ви смета тоа што упорно повикувам да го искористат тоа право, тоа е ваш проблем, ако сметате дека е тоа демагогија, туку напротив е запознавање на граѓаните со она што можат да го користат како инструмент за сметка на злоупотребата на одредени луѓе на нивното право на протест.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, пред само четири месеци еден ист, или многу сличен ваков закон беше предложен во Собранието. Во расправата пратениците, Собранието и парламентарното мнозинство што ја поддржува Владата го отфрли предлогот со огромно мнозинство. Во таа прилика исто така Владата даде негативно мислење со едно дебело образложение, зошто не треба да се поддржи овој закон. Јас ќе се обидам како и некои мои колеги кои што цитираа туѓи колумни, да цитирам, или да парафразирам дел од тие образложенија што тогаш ги даде Владата пред 4 месеци. Значи, тука доминираше во образложението на Владата зошто не треба да се поддржи овој закон, доминираше објаснувањето за загрозување на човековите права и слободи како темелна вредност на секоја демократија, вклучително и правото на протест како една од основните демократски права и правото на јавно собирање. Исто така, едно од главните образложенија на Владата беше дека ваквиот закон е во спротивност со духот и со словото на Македонскиот устав со член 21 и воопшто со духот на Уставот во кој што основна интенција е заштита на индивидуалните човекови права и слободи. Сега јас ве прашувам вас, посебно предлагачите, што од тогаш се промени, иако овде нема присутен претставник од Владата, меѓутоа имаме мислење од Владата, од истата таа Влада, бидејќи и Владата не е променета од тогаш колку што знам. Кои околности, или што се промени за 4 месеци, па сега парламентарното мнозинство, истото тоа кое што со огромно мнозинство ја отфрли тогаш иницијативата, сега хорски оркестрирано да го брани и поддржува овој Предлог закон со разни тези во кои што доминира едната дека со основното демократско темелно право на граѓански протест без негово ограничување се нарушувале правата на другите граѓани. Значи, прашувам уште еднаш, што за овие 4 месеци се случи со човековите права и слободи како темелна вредност на демократијата, дали тие повеќе не се тоа за Владата и за предлагачите на овој закон. И без цитирање на членови, без разни демагогии, без повикување на граѓаните да се спротивставуваат едни на други, без да ги подучувате, да им изигрувате правен советник како, кого да тужат итн., без да сеете омраза и раздор помеѓу нив итн. Значи, што во меѓувреме се промени кај вас како предлагач и кај Владата за да дијаметрално спротивно мислење сега имаме по овој закон, односно по основ на основните човекови права и слободи загарантирани со Уставот. Значи, сега повеќе нема да бидат загарантирани основните човекови права и слободи, бидејќи со овој закон, иако е против уставен, тие права и слободи ќе бидат ограничени. Значи, пред 4 месеци правото на протест беше едно од основните демократски права, а сега повеќе не е тоа. Значи, правото на слободно изразување на протест, слободно собирање не е повеќе право, иако во Уставот е така запишано. И сега се обидувате да не убедите дека не е така, дека не треба да се толкува дека не се забрануваат јавните собири, туку се ограничуваат. Во Уставот јасно пишува дека и не може да се ограничуваат, не само да се забрануваат. А овој закон токму тоа го прави. Без разлика со какви образложенија, со колку членови, со колку убави зборови, сепак тоа е ограничување на основните човекови права и слободи и на демократијата. Дали во меѓувреме кои промени настанаа? Ако не настанале промени во размислувањата на Владата и на предлагачите и на колегите пратеници, да не настанале уставни промени, а ние сме ги пропуштиле и не знаеме дека се случиле и дека има промена во член 21. Да не се променил случајно Уставот во членот 54 каде што ограничувањето на јавно собирање е само во услови на воена и вонредна состојба.

И на крајот уште едно прашање, значи тогаш, или сега Владата и предлагачите лажеа. Е па сега кога лажеа, тогаш, или сега? Едно е точно, или

тогаш лажеа кога го отфрлија овој предлог и огромно мнозинство и од пратениците од владеачкото мнозинство и Владата кажа дека овој закон е недемократски и против уставен, или сега кога вели дека е демократски и е во согласност со Уставот. Одговорот лежи во еден прост факт дека, по мое, дека Владата во овој момент е исплашена од сопствените граѓани, од нивното незадоволство, дали е тоа во сферата на тутунопроизводството, дали е во сферата на брзата распродажба на ЕСМ, дали во третманот на инвалидите на трудот, сиромаштијата, невработеноста, колапсот на земјоделството и на целата економија, како што гледате нема сфера во животот во која што граѓаните се задоволни. Сега наместо да ги решава овие проблеми на граѓаните, Владата во еден тоталитаристички манир го ограничува правото на протести на граѓаните. Значи, немасто да ги решава причините, да се обидува да ги спречи последиците, а суштината е да се решаваат причините за незадоволството на граѓаните. Тоа и е работа на Владата. Во оваа намера со една симулација, со еден меѓусебен договор со Владата и пратениците од владеачкото мнозинство практично пратениците на СДСМ, ЛДП и ДУИ ја поддржуваат во овој во суштина не демократски чин за ограничување на граѓанските права. И после ова колеги, останува уште да ни честитате срекна Нова 49-та година и сите заедно да тргнеме во светла комунистичко сталинистичка иднина. Но, ситуацијата е премногу сериозна за така лесно некој да ја враќа Македонија во 48-ма.

Ограничувањето на јавните собири значи директно се коси со член 21 од Уставот на Република Македонија и претставува еклатантен пример на узурпација на човековите права и слободи, вклучително и правото на јавен собир и протест. Од друга страна Уставот на Република Македонија во член 54 експлицитно предвидува дека човековите права и слободи, а во таа насока и правото на јавен собир и мирен протест може да биде ограничено единствено, значи, ограничено, не само забрането, единствено во услови на воена, или вонредна состојба. Можеби за СДСМ и ЛДП поразот на следните парламентарни избори е рамен на катастрофа, но никој не им дава за право да прогласат за тоа ниту вонредна, ниту пак воена состојба. Овој предлог освен што е против уставен, тоталитарен и антидемкратски како Предлог закон врие од нејаснотии, од безсмислици, од недоречености, произволни толкувања со кои власта, значи секоја власт може да манипулира како што сака, што уште повеќе ја потврдува неговата употребна вредност како инструмент во рацете на една тоталитарна власт која се плаши во суштина од своите граѓани. Еве неколку примери за тоа како се регулираат, односно како се ограничуваат правата на граѓаните на изразување на јавен протест и мислење. Значи, во членот 1-а се наведува дека правото на граѓаните може да се ограничи заради заштита на слободата и правата на другите граѓани, правниот поредок, јавниот морал, имотот, животот и здравјето на луѓето. Сега овде останува нејасно според кои критериуми тоа се прави, значи според кои критериуми тоа ќе се прави, во каква постапка, кој орган тоа го прави, кој орган тоа го контролира и како и кому се реферира за стореното? Значи, воопшто не постои ништо јасно и цврсто прецизирано, само едноставно недемократско ограничување на правото на граѓаните. Исто така, не е јасно што конкретно се подразбира под јавен морал и кои се критериумите според кои се цени дека јавниот морал е загрозен.

Во став 2 се прави дури и обид за регулирање на ограничувањето на слободата на говорот на јавниот собир. Има амандмани во меѓувреме, го знам тоа, меѓутоа ова е основната верзија и коментар. Според кои критериуми и на кој начин ќе го прекине во текот на јавниот собир поттикнувањето на војна, употреба на насилство, национална, расна, или верска омраза, или било кој друг вид на нетрпеливост. И посебно е нејасно што се подразбира под тоа: било кој друг вид на нетрпеливост. Дали се мисли на политичка, а под тоа може и на тоа да се мисли. Исто така е нејасно и како ќе се цени дека искажаното на јавниот собир упатува на погоре посоченото, дали ќе се имаат во предвид конкретно искажаните зборови, или ќе се цени и контекстот на искажувањето.

Во член 2-а навистина не е јасно што значи соодветно место за јавен собир, дали според предлагачите, или според Владата тоа е ливада, Зајчев рид ли е? Кој го оценува тоа, значи што е соодветно место, според кои критериуми го оценува, во каква постапка, како се известува организаторот на јавниот собир, како оди постапката на обжалување итн. Гледате еден куп недоречености, а предлагаме закон за ограничување на основните човекови права и слободи.

Во следната алинеја не е дефинирано што значи: "во близина на". Се однесува на предшколски установи и на здравствени установи.

Повторно, кој тоа го оценува, има ли критериум за близината, со метри ли е, со километри ли е. Значи кој орган го оценува. Исто така не е јасно кој и во каква постапка определува дека е загрозен патниот сообраќај, дали е тоа сообраќајната полиција, дали сообраќајна инспекција, кој орган.

Исто така, во контекст на целиот овој галиматијас на нејаснотии, што конкретно значи, кој, во каква постапка и врз основа на кој критериуми определува дека јавниот собир би можел да го попречи слободното движење и работа на граѓаните. Значи, воопшто се остава на еден чист волунтаризам на Владата, тоа да го прави врз тотално субјективни критериуми, бидејќи овде, воопшто нити постапка, ниту начин, ниту критериум не е пропишан за тоа ограничување. Ако веќе нешто ограничувате, тогаш дајте барем

некоја постапка за да биде тоа транспарентно, а не утре како некому ќе му текне, така да го толкува, затоа што и Собранието на Република Македонија, по некоја случајност е во близина на Градската болница и секој собир и протест и пред Собранието на Република Македонија, може да се толкува дека е во близина на здравствена установа и е во близина. Значи, изнесов само некои суштински забелешки кои во суштината на самиот закон оставаат толку голем простор за произволно толкување и оценување, дали настапиле околностите, што свесно или несвесно се толку нејасно дефинирани и оставаат простор за злоупотреба на сила од страна на власта.

За крај, почитувани колеги, не барајте партиски ракопис или ракопис на ВМРО-ДПМНЕ зад актуелните протести. Ракописот е на незадоволството на граѓаните, на револтот на народот. Тоа е граѓански, народен ракопис кој, за жал, вие одамна сте го заборавиле и не умеете да го прочитате. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ако има реплики, пред да почнете вие со реплики, бидејќи јас не можам да се пријавам, да кажам, и јас имам една реплика, всушност едно прашање.

Гледам дека тука доста се дискутира кој член од Уставот е пред едниот или другиот член.

Сега сакам да го замолам господинот Китаноски да размисли за следново:

На неговата улица, пред неговата зграда или пред неговата куќа, бидејќи е јавно место, таму проаѓаат луѓе, има граѓани кои овој закон го подржуваат и мислат дека треба да се донесе, може да се соберат и на јавно место, пред вашиот влез, да направат протест затоа што вие сте против овој закон.

Сега ве прашувам, кој од овие членови од Уставот има приоритет. Слобода за вас, бидејќи вашето движење е ограничено. Прво, право на слободно движење. Тоа е еден член од Уставот. Второ, неповредливост на приватноста и на домот. Тоа е уште еден член од Уставот. И трето, заштита на пратеникот од она што го кажал овде во оваа сала и од оваа говорница. Ќе ми кажете по кој член тие луѓе немаат паво да се соберат на јавно место пред вашата зграда, да искажат револт, или имаат право и вие тоа ќе го дозволите. Ова го кажувам затоа што даваме апсурдни примери, дури мислам дека се и демагошки. Не мора да одговорите, а ако саката повелете една минута.

**Илија Китаноски:** Примерите, господине претседателе, воопшто не се апсурдни. Граѓаните имаат право да се собираат на секое јавно место, па и пред зградата или куќата каде некој живее, затоа што на секое место каде ќе се соберат некој живее, без разлика дали таму живее пратеник или друг граѓанин. Во тој дел, сегашното решение што е содржано во сегашниот закон, а е во согласно со Уставот, треба да остане, а сите овие објаснување, господине претседателе и вие требаше пред 4 месеци да ги дадете.

Јас сега вас ве прашувам, дали тогаш не бевте во право, или сега не сте во право, затоа што пред 4 месеци имаше ист ваков предлог и не ги кажувавте овие аргументи.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Значи вие се согласувате и пред вашиот дом да има демонстрации и да не можете да влезете во куќата и да си ги вршите нај елементарните работи.

Повелете Топузова имате три минути реплика.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Што се однесува за протестите пред домовите, тоа е својствено на ВМРО-ДПМНЕ, дури преминува во каменувања, имавме можност тоа да го видиме. Но, јас побарав збор за сосема друго.

Навистина, јас не би можела да реплицирам на целокупниот галимат на излагањето на господинот Китаноски.

Својствено на ВМРО-ДПМНЕ му е својствено да ја замајува јавноста и да го корисит и злоупотребува незадоволството на народот, од одредени состојби, што видовме дека само со дијалог можат да се надминат, како што е впрочем и ситуацијата со незадоволството на тутунопроизведителите. Но, за тоа имаме следна точка. Во тој правец сакам да го прочитам членот А), па нека суди македонската јавност дали тука има јавен морал, имот и живот. Токму поради тоа што тој го читаше, пред 4 месеци не беше усвоен овој закон. Но, сега имаме нешто сосема друго. Вели:"Правото на граѓаните на мирно собирање може да се оствари на начин со кој мирно ќе го изразуваат јавниот процест и при тоа нема да се ограничува правото на граѓаните кои не учествуваат на јавниот собир, на слободно движење и другите права утврдени со Уставот на Република Македонија". Никаде нема повикување, поттикнување, војни, јавни морали, итн. Уште еднаш да кажам, не се ограничува правото на јавен протест, ниту пак не е јасно каде може тој да се одржува. Може секаде да се одржува и онаму баш каде му е местото, пред Владата на Република Македонија, пред Собранието на Република Македонија, пред зградата на Локалната самоуправа, затоа што токму од работата на власта, било да е на централно или локално ниво, граѓаните не се задоволни, а немаат право да одржуваат протести до здравствени установи, знаеме зошто, немам време да образложувам, до детски градинки и училиште, исклучиво кога децата престојуваат во ниц и на автопатиша и на регионални патиште, со што ќе го загрозуваат нормалното одвивање на сообраќајот. Законот е толку јасен и нема никаде ни ливади, ни незнам, зајчеви ридово или што не слушнавем овде. Напротив, сметам и јас и мојата партија дека местото на одржување на јавни собири е пред Владата, пред Собранието и пред зградите на Локалната самоуправа, едноставно речено пред

власта затоа што токму народот е незадоволен од власта. А, ДПМНЕ, реков дека не се познава ракописот. Можеби ракописот тие не можат да го видат затоа што не сакаат да го видат, но тука се аргументите, регистерските таблички од возилата на нивните членови. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Китаноски имате контра реплика.

**Илија Китаноски:** Прво, околу тоа дека со дијалог се решавале проблемите, да кажам, дали сите незадоволни граѓани во Република Македонија по било кој основ, а ги има многу, треба да излезат да направат протести, па Владата да почне да размислува да ги решава нивните проблеми и зошто Владата не ги решаваше нивните проблеми пред да настанат десетодневни блокади на патиштата, пред да го изразат со протест својот револт граѓаните, а Владата е должна да го знае тоа. Министерството за земјоделство, шумарсто и водостопанство ја следи работата. Сигурно не мислеа дека се задоволни тутунарите од откупните цени и од тоа дека не им се исплаќа премија итн. Немојте сега, демек тоа е разултат на дијалогот. Тоа е резултат на протестот и револтот што го изразија тутунарите, па на тој начин беа повикани и седнаа.

Околу ограничувањето. Јавниот собир не смее да се одржува, или самото тоа е ограничување. Штом кажете каде ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Кондарко имате збор.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

На почетокот на мојот говор во врска со овој закон за јавните собири, сакам преку еден конкретен пример да илустрирам едно живо сведочење и жив пример што деновиве го слушнав, значи нешто од лице место, од раскрсниците и од барикадите во центарот на Скопје. Имено се работи за ка жување на граѓани кој се возел со својот автомобил носејќи ја својата болна мајка во Градската болница. Во автомобилот биле неговите две деца и неговата сопруга. Што се случило? Кога сакал да си го оствари своето право на лекување, своето право на безбедност, безбедноста му била загрозена. Од кого? Токму од оние учесници на барикадите, како што ВМРО-ДПМНЕ вика, од Гласот на светлината односно како што СДСМ вика од некои активисти, можеби на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи ние цело време говориме дека тоа е силна политичка заднина и зад тоа стои токму ВМРО-ДПМНЕ. Овие луѓе така наречени борци за правата на останатите граѓани, на барикадите со шамари го спречиле овој граѓанин да ја однесе својата мајка во болница и со погрдни зборови и со плукање го малтретирале, на очиглед на неговото семејство и на очиглед на многу сведоци и на очиглед на останатите учесници од таа страна на барикадите кои барикадите ги прават, наводно во името на останатите граѓани, затоа што со тоа ќе ги заштителе да не се поскапи струјата, а всушност заборавaат дека ова е изборна година и забораваат дека ова е дел од кампањата на ВМРО-ДПМНЕ, исто на онаа кампања на ДПМНЕ и на Никола Груевски, за приказната за фалсификатот на изборите. Тоа не е тема. Ќе се вратиме на барикадите.

Сега, јас ги прашувам сите овие на барикадите односно нивните ментори, подбуцнувачи и иницијатори од ВМРО-ДПМНЕ, што е тука демократски. Значи, во името на човековите права токму тие прават недела и други неправа на останатите граѓани. Кој е сега реперот за демократијата, кој е реперот за интересите, освен оној репер кој е веќе на сите видлив, интересот на ВМРО-ДПМНЕ да направи проблеми во државата и да направи кампања за претстојните избори. Значи, кој е реперот за почитување на останатите човекови права, исто така предвидени во Уставот. Каде е тука правото на сигурност и безбедност на граѓаните. Зошто тука, еве го прашувам јавно Министерството за внатрешни работи, малку посериозно не ја врши својата работа, да ги заштити своите граѓани од таквите насилници на барикадите. Зарем граѓаните, правото и правдата треба да го земат во свои раци и физичи да се пресметуваат на барикадите за да се остватат право на лукување, право на безбедност на своето семејство. Зарем треба граѓаните да бидат понижувани само затоа што сакаат да си остварат некое свое право, демократско право во едно демократско општество каде правото на протес е загарантирано и каде што организаторот има кодекс на однесување и треба да обезбеди основни елементарни законски предуслови за одржување на тој протест и дали тие треба на тој начин да прават хаос и да се пресметуваат физички со организаторите и поборниците за таканаречени човекови права кои ги држат на барикадите. Секако дека не. Навистина тука Министерство за внатрешни работи ќе треба да има многу по активна улога во согласно со своите законски надлежности.

Што правиме со едно друго право, право на децата. Овој граѓанин во автомобилот имал две малолетни деца. Што правиме со правото на честа и угледот на тој граѓанин. Со што заслужил да биде малтретиран, понижуван, плукан и шамаран пред сопствената мајка, сопруга и пред сопствените малолетни деца. Дали е тоа демократијата на ВМРО-ДПМНЕ и дали е тоа цената што ВМРО-ДПМНЕ, заедно со приказната за фалсификатот сака да ја плати, за да има успех на парламентарните избори. Секако дека граѓаните тоа ќе го разоткријата и осуетат. Не може ВМРО-ДПМНЕ и таквата негова кампања да биде репер за демократија и репер за човекови права.

Уште еднаш ќе ве прашам каде е правото на децата, каде е правото на лекување. На крајот на краиштата не знаеме за што станува збор. Каде е тука правото на живот. Каде е тука правото на

сигурност и безбедност. Каде е правот на заштита на честа и угледот на граѓаните и на краојто правот на слободно движење на граѓаните. Господо, правото за едни, значи правото на протест кое е загарантирано, не може да биде не право за други. Тоа не е демократија. Тоа можеби е демократија во изборна кампања и практикување на изборна кампања во изборна година, од страна на ВМРО-ДПМНЕ. На тоа веќе сме навикнати и тоа е својствено за ВМРО-ДПМНЕ.

Што правиме понатаму, ако некои такви како што се овие на барикадите и што го малтретирале овој граѓанин, само некои со поинакви побуди, демек овие ги штителе граѓаните од продажбата на ЕСМ и поскапување на струјата, а да се соберат уште 40 или 50 такви, друга група на граѓани што некои други демократски права, а и тие сите останати имаат право на протест, ќе прокламираат, ќе застанат, или ќе заземат некоја раскрсница во Скопје и ќе се судрат на барикадите или некоја трета група за некое трето демократско право, истовремено. Што правиме тогаш? Ќе ги заземаме раскрсниците во Скопје, ќе ги блокираме? И некои таму самонаречени потпароли ќе градат политичка кариера, наводно под плаштот на невладини организации.

Ја гледам тука колешката Бонева, ја слушав вчера и не ми е јасно, зошто толку реагираше кога беше спомната потпаролката Марина Христовска. Вие од една страна тврдите тоа здружение на граѓани е граѓанско и невладино здружение, а кога ја спомнаа, така многу ве заболе и така реагиравте, ги има стеногравските белешки, бев присутен на седницата. Сега можете да негирате, меѓутоа испаѓа дека вие нешто криете и некого штитите. Се обидувате да ја скриете политичката заднина на ВМРО-ДПМНЕ, зад овие протести, меѓутоа се издавате и овде во Парламентот се издавате.

Значи, од опозицијата која се оградува дека е организатор и инспиратор и потбутнувач на овие барикади и протести, а истовремено ги подржува, истовремено ги стимулира политички, бевме обвинети, кога ја осуетивме оваа кампања на ВМРО-ДПМНЕ во јавноста, дека наводно сме го загрозиле со тоа правото на приватност на граѓаните, учесниците на барикадите, дека сме го загрозиле или сме го оспориле правото на протест, понатаму дека сме го загрозиле на политичко организирање и дејствување на граѓаните. Ајде ќе почнеме по ред.

Правото на приватност. Кое право на приватност кога јавните протести се јавни, значи на јавни места. Зарем некој кој сака да протестира се плаши нешто или се крие од некого. Зошто само со тоа сакавме да ја покажеме политичката заднина и манипулација што се крие позади една политичка партија ВМРО-ДПМНЕ, зад овие протести кои за свои политички цели ги манипулираат граѓаните.

За среќа не се многу, 50-тина до 100 лица и уште толку можеби автомобили во Скопје, што успеаа да ги изманипулираат и наводно под закрилата на заштита на демократијата не обвинија дека ние сме го загрозиле правото на приватност. Тоа сме го направиле, затоа што сме кажале дека сме информирани од граѓаните дека самите граѓани ги препознаваат на барикадите активисти на ВМРО-ДПМНЕ. Дури и не кријат, ставиле таму лавчиња и сега дали е некој крив или дали вие ќе го ограничите демократското право на граѓаните, на пример, да носат мобилни телефони по улица, мобилни телефони кои имаат фотоапарат. И тоа е демократија. Или кога ВМРО-ДПМНЕ прави јавни протести со кои им се загрозува приватноста на граѓаните или на активистите на ВМРО-ДПМНЕ на тие протести, а ВМРО-ДПМНЕ не стои зад тие протести и обвинува дека некој им го загрозил правото на приватност. Можеби затоа што носел мобилен телефон со вградена камера. Дали вие ќе донесете амандман со кој ќе забраните луѓето да се шетаат по улица кога има јавен протест зад кој не стои ВМРО-ДПМНЕ, ама го поддржува и ги манипулира граѓаните, тогаш да носат тој ден мобилни телефони. Тоа е демократскиот дострел на ВМРО-ДПМНЕ.

(Реакција од страна на госпоѓа Бонева)

(Со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски)

**Слободан Најдовски:** Без нервоза госпоѓо Бонева. Ќе имате право и вие да се искажете.

**Борис Кондарко:** Без нервоза, без паника, имате право на збор, право на реплика. Ова е демократска дебата.

**Слободан Најдовски:** Кондарко, ве молам, јас сум тука за да воведувам ред овде. Секој има право да дискутира, а вие госпоѓо Бонева сте пријавена за реплика и ќе го добиете правото на реплика. Ве молам, без дофрлување од место. Продолжете господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Така е потпретседателе, ова е демократска дебата и не знам зошто некој се возбудува ако чуе поинакво мислење. Ова е едноставно поинакво мислење кое некој од политичките партии не сакаат и не можат да го прифатат во јавноста и да се соочат со тоа. Ајде да разговараме и да видиме кои се сите аргументи со кои обвинува опозицијата и кои се сите аргументи во корист зошто треба да биде донесен овој закон. Тоа ми е смислата. Инаку, правото на протест е неспорно.

Да се вратам јас на правото на приватност. Да продолжам понатаму, застанавме кај мобилните телефони и едноставно препознавањето на случајни минувачи, затоа што Скопје колку е големо, толку е и мало, граѓаните ги препознаваат кои се на улица, кои се активисти и не е спорно да бидат активисти и не е срамота, ниту пак е забрането. Со ова се надоврзува на другото обвинување дека сме го ограничиле правото на политичко дејствување. Ниту е срамота да се

дејствува политички, ниту да се членува на политичка партија, ниту да се гласа за кого кој сака, апсолутно не. Само сакаме да покажеме и да докажеме дека ВМРО-ДПМНЕ е организатор на оваа кампања, наводно штитејќи ја демократијата и правата на граѓаните, но од друга страна крши исто така десетици други права на граѓаните, што исто така е недемократски. Значи, дали е срамота кога објавивме дека портпаролката на Гласот на светлината била член на избирачки одбор во избирачко место 2837 и нејзиниот исто така пријател на соседното избирачко место 2838 во Скопје. Дали тоа е нарушување на правото на приватност. Дали тие таму во илегала работеле во избирачки одбор, сакам да кажам дека не е срамота воопшто некој да каже дека е член на политичка партија. И, ако мислите како политичка партија да ги поддржите овие барикади, излезете каде сте не знам, еве викнете го Груевски, кој континуирано не доаѓа во Парламентот, се крие од дебата, не дојде кога се носеше Устав, не дојде кога се носеше Буџет, само подбуцнува, потпалува нешто, шета по светот, еве викнете го и нека излезе на барикада. Кажете јасно и гласно што се срамите дека ВМРО-ДПМНЕ стои зад барикадите. Се заканувате, господине, тоа е својствено исто така на ВМРО-ДПМНЕ.

**Слободан Најдовски:** Господине Србиновски без дофрлување од место. Кога ќе се јавите за дискусија, тогаш ќе одговорите. Ве молам, со оглед на тоа што има неколку реагирања за тоа дека дискусијава е надвор од темата. Господа пратеници, господинот Кондарко цело време дискутира за собирите кои се во тек и за кои што се однесува овој закон. Затоа, не ги прифаќам тие дофрлувања.

**Борис Кондарко:** Што сакате вие, да ми го одземете зборот од место? Ве боли демократијата? И, правото на говор ќе го одземете некому во Парламентот?

**Слободан Најдовски:** Господине Кондарко, извини јас да кажам, те молам, за да не ви го одземам и вас зборот, кога јас ќе зборувам вие ве молам да прекинете.

Јас би сакал да ги замолам сите пратеници кои се присутни да не дофрлуваат од место. Ако се нервозни, нека си ја чуваат нервозата во себе. Ако имаат да кажат нешто ќе си се пријават и после ќе добијат збор.

Продолжете господине Кондарко и ве молам без меѓусебни дијалози.

**Борис Кондарко:** Дали е загрозување приватноста кога некој друг ќе се посомнева или ќе обвини дека некој од опозицијата стои зад организација на ваквите собири, а не е загрозување на приватноста кога да речеме медиумите што легитимно работат и тоа им е работа објавуваат на насловните страници фотографии од учесници на јавните собири. Дали со тоа не им ја загрозуваат приватноста или тоа за ВМРО-ДПМНЕ не важи. Се разбира дека тоа е двојниот аршини контрадикцијата на кампањата на ВМРО-ДПМНЕ.

Дали е демократски, господа, да се натпреваруваме кој повеќе проблеми ќе направи во државата и кој повеќе протести или нешто конструктивно, корисно да направиме, да донесеме некој закон или да направиме нешто како Парламент што ќе не приближи во Европа. А, не времето да го губиме, затоа што некој сака да води политичка кампања, манипулирајќи ги обичните граѓани. Тоа не е демократија. Дали е демократски овие таканаречени невладини организации, можеме да провериме колку време пред одржувањето на овие јавни собири се регистрирани, па и од таму да ја осуетиме задднината. Дали е демократски кога тие бегаат од разговори во Владата и со Владата.Тоа е начинот на решавање на проблемите и испаѓа дека суштината на кампањата е поинаква, дека не сакаат да се реши проблемот, не сакаат да разговараат со Владата, туку сакаат тоа да се одолговлекува и да се прават проблеми на улиците, да се предизвикува и да се наметнува една таква атмосфера. Ако е тоа демократија по вашите сфаќања, тогаш навистина немам коментар.

Инаку, кога веќе сме кај демократијата, таа е организиран ред на права, а не неограничени права. Демократијата не претставува неограничени права некому. А, правото за едни, не може да биде неправо за други, посебно кога сите други се во огромно мнозинство. Тоа се принципите на демократијата.

Јас сум свесен за ризикот сега што ќе се предизвика со оваа дискусија, меѓутоа, вашата терминологија е дека со овој закон Владата ги скратува правата, ова се тоталитарни мерки и сето тоа што е многу убаво за уво, за да се чуе во јавноста. Но, што е суштината на овој закон? Апсолутно не се ограничува и она третото право за кое вие обвинувавте, односно третата работа за која обвинувавте, а тоа е правото на протест. Всушност, се сака да се воведе некој ред, да се воведат некои правила како тоа да се прави, како граѓаните да го остваруваат и ова демократско право. Протести несомнено дека има, имало и ќе има. Меѓутоа, многу е лошо кога политичките партии за свои интереси пред избори манипулираат на таков начин со граѓаните и не само што ги манипулираат и ги навредуваат, туку создаваат хаос и не ги почитуваат останатите права на другите граѓани. Ги набројав, правото на живот, правото на лекување, правото на лична сигурност и безбедност. Значи, ве повикувам уште еднаш да не го спуштаме нивото на кампањата и на политичката дебата на овој начин. Јас сум свесен дека ќе имате и гневни реплики. Нема да се трудам да одговорам со вашиот вокабулар. Не е смешно, смешно е и жалосно она што се случува под ваш патронат. Тоа е смешно и трагично. Значи, ако сакаме, ако зборуваме за

демократија тогаш и самите ние како пратеници и самите политички партии во водењето на кампањата и во водењето на оваа политичка битка и оваа политичка дебата, треба малку повеќе да бидеме толерантни и повеќе да се научиме да прифаќаме, не мора да се согласуваме со поинакво мислење. Не може на нож да се дочекува секогаш кога нешто ќе биде кажано спротивно на она што го мисли ВМРО-ДПМНЕ и кога е на власт и кога е во опозиција. Не може ВМРО-ДПМНЕ да не става сите нас и демократијата и институциите како заложници во оваа држава само затоа што има некои амбиции, некои хирови и други ...

**Слободан Најдовски:** Господине Кондарко, досега зборувавте за законот, ве молам сега повторно префрлете се на законот.

(Реакција на пратеникот Александар Флоровски од место)

Ве молам, сега почнавте со политички квалификации, вратетете се повторно на законот.

**Борис Кондарко:** Господине Најдовски, потпретседателе, прво, ова е прва фаза од донесувањето на законот и ова е општа расправа. Ве молам, како претседавач на седницата да го имате тоа предвид.

Второ, тоа може и Флоровски да ви го потврди, вчера разговаравме, кога водиме дебата политиката е јавна работа. Значи, кога некој на барикадите може да дава како невладина организација политички изјави и квалификации, зошто овде кога сме најповикани во Парламентот, ние не можеме политички да дебатираме за настани и за луѓе. Тоа е дел од демократската дебата. Вие не можете тоа право да го ограничувате. Јас завршив со дискусијата, меѓутоа ова треба да го имате предвид при водењето на седниците за сите пратеници подеднакво, и за оние од опозицијата, па сакаат малку во прва фаза да излезат повеќе надвор од темата.

**Слободан Најдовски:** Извинете господине Кондарко, не ги прифаќам тие забелешки со оглед на тоа што додека дискутиравте за законот и кога ги поврзувавте барикадите, се додека ги поврзувате тие протести со законот, тоа дозволувам, од кога ќе почнат политичките квалификации, затоа и ве прекинав. И покрај сите инсистирања ...

(Реакција на пратениците од место)

Извинете, јас можам да ве насочам да зборувате за она што е тема на законот. Вие не прифаќајте понатаму.

Сега, да видиме одиме со ред, со оглед на тоа што на екранот има само дел од пријавените, прво кој е за процедурално. Господинот Флоровски е за процедурално, а за реплики госпоѓа Бонева, Самоиловска-Цветанова, Китановски Илија, Лалчевска, а Стојан Андов не е тука. Госпоѓа Станковска не е за реплика, а господин Србиновски е за реплика.

Прво, господинот Флоровски има процедурално. Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Господине потпретседателе, мислам дека вашето однесување за разлика од вчера е променето и мислам дека она што вчера на некој начин се наметна како практика во ова Собрание, треба и денес да продолжи. Да им се даде ширина на пратениците и од позицијата и од опозицијата да говорат за она и што е на дневен ред и да опфатат еден поширок дијапазон околку она што ќе донесе до поквалитетно донесување или не донесување на овој закон. Ве молам, немој да се ставате над нас и да говорите дека вие сте тој што води ред, зарем ние создаваме неред? И, да си давате третман дека вие стоите повисоко од нас. Точно дека стоите, но имаме исто рамниште и вие сте пратеник и ние сме пратеници. Така што, јавно кажаниот збор, она што господинот Кондарко го говореше, ќе сакаме и ние да го манифестираме овде и нема да прифатиме ниедна дигресија која ќе сакате да ни ја наметнете. Немавте дигресија, но чувствував дека ќе се промени практиката од вчера и дека ќе барате модус вивенди да ги прекинувате пратениците од опозицијата. Ако самата дискусија зема еден нормален тек, за мене нормален, затоа што ова е просторот каде што треба да разговараме, а не улицата, дозволете да разговараме за сето она што значи проблематика која мора да се надмине. Значи јас кога ќе излезам, а пријавен сум да говорам, сакам да ви кажам дека ќе немате право да ме прекинете, да направите дигресија и да се ставате над моите пратенички права. Прочитајте ја пратеничката книшка што пишува и ќе ви биде јасно која е улогата на пратеникот овде. Значи, да немате дупли аршини, еден за вашите пратеници, условно кажано, од позицијата. . .

(Реакција од страна на потпретседателот Слободан Најдовски)

Господине, бидете културен, знам дека сте од село, но бидете културен. Сакам да ви го кажам следното, сочувајте го дигнитетот на пратениците, затоа што и утре ќе бидете вие во позиција на еден обичен пратеник, затоа што имаме пратеници од прв и од втор ред, прва и втора категорија, ако сме ние втора категорија на пратеници, ве молам немојте да ни го газите достоинството, нема смисла. Прифаќам она што го говореше Кондарко и Дојчиновски и сега што ќе го говорат пратениците од опозицијата. Јас ќе седнам, а вие што ќе кажете тоа е ваше право и ќе проценам дали треба да ви реплицирам или не.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, сега седнете си на место. Со оглед на тоа што сите сме еднакви пратеници за сите важи еднакво Деловникот. Јас не можам да се надвикувам еве и сега со вас, кои преминавте повеќе од 3 минути, каде што во Деловникот стои за процедурална забелешка. Јас сум овде да се грижам за

спроведување на Деловникот и нема да му дозволам на никого да оди надвор од Деловникот. А, дека не сте во право, јас не прекинував сега некој од опозицијата, го прекинував господинот Кондарко кој што е од позицијата, што значи имаме подеднаков аршин за сите.

Продолжуваме со работа и ќе работие според Деловникот.

3 минути реплика има пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван колега Кондарко, ја почитувам вашата слобода на творештво и вашите размислувања за ВМРО-ДПМНЕ, но тоа верувајте ми исто е како ѓаволот да го интерпретира евангелиeто, евенгелската биографија на Исус Христос. Ви честитам за обидот да го наметнете вашиот параноичен поглед за ВМРО-ДПМНЕ, но, кажете кој врмровец...

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Бонева, ќе ви го одземам зборот ако продолжите со оваа дискусија.

**Силвана Бонева:** Господине потпретседателе, вие требаше да му го одземете зборот на господинот Кондарко, кој што не зборуваше за ...

**Слободан Најдовски:** Вие продолжете да реплицирате на господинот Кондарко, ќе ви го одземам зборот, продолжете да реплицирате онака како што треба да се реплицира за она што зборуваше господинот Кондарко. Продолжете.

**Силвана Бонева:** Па, онака како што зборуваше господинот Кондарко, така реплицирам и ве молам да ми дозволите и да немате двојни аршини за пратениците на Собранието на Република Македонија. Ние заеднички се договоривме за еден принцип на работа, кој што ние како пратеници од опозицијата го почитувавме, меѓутоа вие го погазивте. Сега, не смеете на еден да дозволите да зборува што сака, а на другите да не им дозволувате да зборуваат.

**Слободан Најдовски:** Не, подеднакво е исто дали се лутите или не или вие, или Кондарко или други, јас подеднакво се однесувам кон сите. Ако вие не сакате да реплицирате, тоа е ваше право. Продолжете со репликата.

**Силвана Бонева:** Господине Кондарко, ќе повторам дека ви честитам на вашиот обид да го наметнете вашиот параноичен поглед кон ВМРО-ДПМНЕ, но кажете кој врмовец ...

**Слободан Најдовски:** Исклучете ја госпоѓа Бонева, научете се да дискутирате и ќе добиете збор.

Една минута контра реплика пратеникот Кондарко Борис.

Повелете господине Кондарко.

(Реакција од место на пратеникот Силвана Бонева)

**Слободан Најдовски:** Вие добивте реплика, ви го одзедов зборот. Завршивме со тоа.

Значи, една минута контра реплика на пратеникот Кондарко.

(Реакција од страна на сите пратеници во салата)

Ве молам без дофрлување.

Повелете господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Кажете ми кога можам да почнам.

**Слободан Најдовски:** Секој има право да се јави и да зборува, но ќе зборува онака како што е во Деловникот. Прочитајте се ги Деловникот и ќе видите зошто ви го одзедов зборот.

(Реакција од страна на пратеникот Силвана Бонева, господинот Александар Флоровски и господинот Зоран Крстевски)

Господине Крстевски, бевте пријавени и се одјавивте. Пријавете се и ќе добиете збор.

1 минута контра реплика за пратеникот Кондарко.

Повелете господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Госпоѓо Бонева, почитувана колешке, јас исто така ви го честитам вработувањето на вашиот сопруг во Паркови и зеленило, само тоа да им го објасните на 82 невработени агрономи.

(Реакција на госпоѓата Силвана Бонева од место)

**Слободан Најдовски:** Ве молам, дали може сега да прекинете.

Предлагам 5 минути пауза, за да ги смириме сите страстите.

(По паузата)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме понатаму со седницата.

Следен дискутант за реплика е пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова.

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Благодарам господине потпретседателе.

На почетокот од мојата реплика би сакала да го изразам моето незадоволство од начинот на водењето на оваа седница и би сакала да потсетам дека точката за која денеска дискутираме гласи: Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, а воопшто тема на дискусија не е кој е иницијаторот и организаторот на протестите кои се претставуваат како израз на незадоволство на група граѓани во однос на продажбата на Електростопанство на Македонија.

Доведувањето во корелација на организаторот, иницијаторот на овие протести со Предлогот за изменување на Законот за јавни собири само е потврда дека причината за донесување на овој закон е дневно-политичка. Донесувањето на законите треба да биде предмет на сеопфатна и опсежна анализа преку која би се решиле

определени незадоволства и проблеми на граѓаните.

Преку донесувањето на овој закон власта се обидува на акутен начин да се справи, но не и да ги реши натрупаните односно акумулираните незадоволства кај граѓаните на Република Македонија. Со нерешавањето, а спречувањето на изразувањето на протест власта дополнително генерира поголеми незадоволства и фрустрации.

На крајот сакам да потенцирам дека предлагањето и донесувањето на овој закон за мене претставува исклучително недемократски чин, бидејќи преку ограничувањето на правото на протест и јавни собири значи и ограничување на правата и слободите на граѓаните на оваа држава.

Би сакала да потенцирам дека една од основните функции на современата демократска држава значи обезбедување и гарантирање на човековите права и слободи и во таа насока ќе ја искористам мојата реплика за да не се јавувам дополнително за збор, да кажам дека ќе гласам против донесувањето на овој недемократски закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Цветанова и ви благодарам за коректната реплика која се однесуваше токму на говорот на господинот Кондарко.

Следен за реплика од три минути е пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе,

Сакам на две тези што ги изнесе колегата Кондарко да реплицирам.

Првата е околу тезата што проткајува низ дискусиите на останатите пратеници од СДСМ односно од позицијата дека никој не го ограничува правото на протест, дека никој не го забранува протестот итн.

Во Предлог законот, па и во амандманите со кои се ублажува терминологијата се ограничува местото или се пропишуваат услови. Тоа е ограничување на правото на протест како едно од темелните човекови права и слободи во демократски земји.

Значи, секакви други тези и објаснувања не држат затоа што штом пропишувате услови под кои може да се одржи јавен протест и штом ги определувате местата односно кажувате каде не може да се држи и тоа е исто така ограничување.

Да се разбереме, по дефиниција во секој закон, во секоја реченица кога нешто тврдите и додавате "но", самото по себе значи ограничување.

Мислам дека во тој дел нема потреба да се троши дополнителна енергија, аргументи дека ние не ги ограничуваме, ние не ги забруваме, а во стварност тоа се прави со законот.

Втората работа на која сакам да реплицирам е повторно опседнатоста на господинот Кондарко со ВМРО ДПМНЕ, со лидерот на опозицијата господинот Никола Груевски, повторно како и пред неколку недели ќе му кажам дека го разбирам, но не можам да му помогнам, барем не сега за сега.

Уште една работа, се обиде господинот Кондарко да објасни зошто СДСМ ги снимал протестите на граѓаните на Република Македонија против брзата распродажба на Електростопанство на Македонија. Мислам дека многу погреши, тоа е необјасниво. Што сте вие како СДСМ УДБА ли сте, телевизиска куќа, па со камера да ги снимате луѓето по улица? Па, не сме 1948 година. Тоа во суштина е антидемократски чин, посебно ако самите признавате дека СДСМ тоа го правел, а го правел и уште ни објаснувате дека тоа било во ред, па дека имало лавчиња на некои таблици итн., мислам дека самото тоа покажува дека имате медиумски куќи, ваши телевизии, па подобро тие да снимале отколку вие со ваша партиска камера. Мислам методи од 1948-та сега во 2006 година навистина не личат на една модерна партија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Следен за реплика е пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе,

Вие колега Кондарко сте правник по професија и најмалку што очекував од вас да дадете објаснување или правнички аспект, видување на Предлогот за измени и дополнувања најмалку по две работи.

Прво, вие самиот наметнавте теза што ако се сретнат на пример две групи или три на граѓани кои излегле на протест по различни основи, што ќе се случи. Па, ни вашиот предлог не дава решение на таква ситуација, значи вие не сте го дочитале предлогот кој го поддржувате.

Исто така можат да се сретнат две или три различни групи на граѓани кои излегле на јавен собир пло различни основи и цитирам: "на местото кое е соодветно за таа намена", ова стои во Предлогот на законот. Сега се прашувам што тогаш колега Кондарко, вашиот Предлог на закон вака како што го давате ограничувачки и противуставен дури е недоречен за некои претпоставени ситуации кои вие ги наметнавте како теза. Тоа е една работа.

Друга работа го спомнавте фалсификатот. Јас навистина незнам како вие прифаќате да поддржите предлог кој дошол пред Собраниска расправа со фалсификуван потпис на пратеник. Затоа што сте правник, очигледно колега вас популизмот ви е појака страна во правото, за жал.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за реплика е пратеникот Илија Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Значи од она што го кажа господинот Кондарко не се осврна многу на Законот за јавни собири, но познато е, според Уставот, граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола.

Владата го поддржува предлогот од овие пратеници и тоа од владеачките партии. Но, зошто го поддржува? Смислено за да се постигнат дневно - политички цели, а се знае бидејќи сега моментално има протести против продажбата на Електростопанство на Македонија, блокадите на патиштата од страна на производителите, а се знае зошто протестираат овие луѓе. Протестираат заради ниската откупна цена, а сега дури им се закануваат да сносат некакви последици од овие јавни собири. Каде го има ова? Никаде.

Трето, сакам да напоменам дека постојано господинот Кондарко го спомнуваше господинот Никола Груевски, најискрено да ви кажам кога го погледнав право во очи и кога неколку пати го спомнуваше Никола Груевски, на господинот Кондарко косата му се креваше нагоре, а што значи тоа? Страв од Никола Груевски. Кога е така дека шетал нашиот лидер, шета, има право да шета, а шета за државата, а нивниот лидер беше во Либија, па не го прими господинот Гадафи. Замислете сега кој е поголем лидер. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ссрбиновски за ставот на ВМРО-ДПМНЕ во репликата.

Продолжуваме понатаму со дискусии.

Следен за дискусија е господинот Аце Спасевски.

**Аце Спасевски:** Благодарам потпретседателе,

Ќе се обидам малку да ја свртам темата на друга страна и во мојата дискусија да се осврнам на економската страна на јавното собирање односно економскиот проблем што се јавува при вакви јавни собири. Мислам дека во овој момент е многу побитен економскиот од политичкиот.

Ќе почнам со блокадите на тутуно-производителите. Сите знаеме дека тутуно производителите ги блокираат улиците и патиштата со основна цел за зголемување на цената на тутунот односно за поголемо вреднување на нивниот труд. Во суштина ова е економски проблем така го гледам и јас.

Сега кога е економски проблем цената на тутунот протестите односно јавното собирање на тутунарите се штрајк односно по дефиниција на нештата тоа претставува штрајк. Кога ќе се префрлиме на Законот за работни односи во кој е регулиран и штрајкот, со донесувањето на Законот за работни односи на некој начин ги скастривме правата на работниците, па дури во некои случаи работниците треба да се замислат дали воопшто да штрајкуваат или не, бидејќи тоа што треба синдикатот да го подмири за штрајк, малку ќе ги подзамисли.

Во овој случај кај тутунопроизводителите такво нешто не постои. Сега кога ќе ги споредиме правата на работниците и правата на тутунопроизводителите испаѓа дека работниците во овој случај се обесправени до максимум.

Споредувајќи ги овие две работи во никој случај не може, а да не се заклучи дека овој закон што треба да го донесеме оди во прилог на тоа. Неминовно после сите овие работи се наметнува и прашањето што е појако дали правото на протестирање на тие што протестираат или правото на тие што не протестираат, оние што се против протестирањето.

Остварувањето на правото на една група во никој случај не треба да биде преку правото на заедницата, јас така би го дефинирал. Во овој случај со овие протести се гледа дека една група луѓе 100, 200, 300 па и илјада нека се одат против, односно нивното право на протестирање е против огромен број на луѓе или заедница кои се против протестирањето.

Во демократска земја или во демократски земји секогаш правото на мнозинството е во предност. Апсолутно право како право никаде не постои. Влада на чера во дискусијата се спомна дека правото на протест е апсолутно право. Па научно е докажано дека апсолутно не потои никаде, па не може ни право за да биде апсолутно. Секогаш правото е право на мнозинството кое во овој случај би требало секаде да се почитува.

Бидејќи самиот закон како закон е ограничување на некои права односно ставање во рамка на тие работи што граѓаните на одредена држава можат да ги остваруваат на разни начини.

Изнесувајќи ги овие работи, мислам дека законот што е предложен е добра основа за натамошно користење односно спроведување на човековите прва како што пред малку некои дискутанти спомнаа дека се нарушени, јас мислам дека токму со овој закон човековите права ќе бидат многу поголеми во поголема мера спроведени. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Спасевски.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе, навистина после една ваква жолчна дискусија и расправа која се отвори, човек се прашува дали воопшто да расправа по овој закон. Но, добро е, страстите се смирија, еве со ладна глава да се обидеме да се искажеме за она кое ние го сметаме и она што треба да се слушне.

Многу интересна тема, многу интересен закон, очигледно, навидум закон со едвај 10-тина члена предизвика толкаво внимание како да се расправа за Закон за територијална организација или Закон за тетовскиот универзитет, затоа што тогаш имавме такви расправи. Ако се види насловот на законот ќе видите дека не е ништо кој знае каков закон освен што кажува изменување и дополнување на Законот за јавните собири. Кога

се носеше законот пред десетина и повеќе години сигурно ваква галама немало. Тогаш најверојатно тој што бил на власт, а тоа е истата не ни очекувале дека после десет години или после незнам колку години ќе се дојде во една таква ситуација што неминовно ќе ни биде потребен еден закон кој ќе биде спротивен на оној што тогаш се донел.

Сега, тука мора да се повикаме и да се потсетиме на она што се случувало овие години, бидејќи зборуваме за потребата од донесување на овој закон. Понатаму ќе искажам свои забелешки кои сметам дека заради нив нема оправданост од носењето на овој закон.

Прво, не беше така одамна, некаде август месец, кога сличен ваков закон од пратеникот Славица Станковска беше предложен овде во Собранието и кој не ја доживеа судбината да помине затоа што тогаш и мислењето на Владата и мислењето на парламентарното мнозинство беше дека законот е противуставен. Не би било ништо чудно тогаш да им беше јасно на сите дека тој закон независно какви одредби имал бил против уставен од проста причина што го ограничувал правото на јавен протест кој, со Уставот е кажано, дека таквото право е слободно и неограничено.

Тогаш, водејќи се по тој основ на Уставот и Владата и Парламентарното мнозинство имаше воедначен став. Позицијата и тогаш и сега вели дека врз основа на тој член од Уставот и врз основа на Уставот овој закон е неуставен.

Многу е индикативно прашањето. Што измени за три месеци? Што се случи кај Владата да сфати или на не сфати дека сега по три месеци со еден сличен текст на ист закон Владата го смени мислењето, па сега овој закон бил уставен и дури во своето мислење дава препорака Собранието да го изгласа, што е многу интересно прашање, колку време и е потребно на Владата да сфати дека одредена работа е еднаш уставна друг пат неуставна и што е тоа што ја натера.

Сега, ако тргнеме по таа теза неминовно ќе се отворат неколку прашања.

Прво, прашањето било зошто Владата го смени мислењето. Мора да има причини сега, ако се постави тоа прашање да се прашаме зошто Владата го смени мислењето мора едно подпрашање дали проблемот што сега Владата го сменила мислењето е тоа што можеби сега предлагач не е само Славица Станковска, туку уште неколку други пратеници или дали е проблемот токму во Славица Станковска.

Дали еволуиравте за тоа е тешка работа. Меѓутоа, неминовно се отвора прашањето дали е проблемот во Славица Станковска, како пратеник, зборувам како предлагач. Зошто го кажувам тоа, ќе го потврдам со следното. Првиот пат кога пратеничката Славица Станковска беше предлагач имаше храброст д каже пред сите, дека таа е предлагач и дека смета дека законот треба да помине и смета дека не е неуставен, а се судри токму со својата влада и со своето парламентарно мнозинство, односно пратеници кои што го сочинуваат парламентарното мнозинство. Сега, многу индикативно, меѓутоа со една голема разлика. Тогаш госпоѓата Славица Станковска беше предлагач, ама не со фалсификуван потпис. Сега предлагачите ја предлагаат Станковска Славица повторно, и тоа прва како предлагач, арно ама со фалсификуван потпис. Би ги прашал предлагачите зошто ви беше потребна Славица Станковска кога не знае да поднесе закон, односно еднаш тврдите дека не се разбира што е Устав, а што не, а друг пат.

**Слободан Најдовски:** Ве молам, без дофрлување. Продолжете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Друг пат истата госпоѓа се јавува повторно предлагач заедно со вас, само без да ја прашате. Повторно можевме да го слушнеме тоа од средствата за јавно информирање дека во Собранието се случи скандал, помислив кој знае што се случи. Скандалот бил Славица Станковска и нејзиниот фалсификуван потпис. Потоа се отвори повторно прашањето кој е фалсификаторот. И никој не се кажува, нормално. Или пак дали пак такво чудо се прави и другите пратеници предлагачи треба да се преиспитаат. Така што очигледно дека нешто не е во ред со предлагачите барем во делот што имаме прилика да го запознаеме.

Јас и честитам на почитуваната колешка Станковска. Таа излезе и храбро кажа никој не ме консултирал, јас не сум предлагач и мојот потпис е фалсификуван. Така се работи во ова Собрание, затоа што таа има гордост. Што фалеше во нејзиниот закон, па сега овој е подобар. Не фалеше ништо и тој и овој закон се да не речам идентични, или со некои мали разлики. Меѓутоа, главното прашање кој ја предомисли Владата. Сега ќе се прашате дели госпоѓата Славица Грковска како предлагач, или останатите колеги предлагачи. Дали се тие толку авторитетни, за разлика од Станковска Славица, за што сега ја убедија Владата да даде позитивно мислење. Јас ќе ви кажам најодговорно не е тоа. Сигурно дека не е тоа. Без разлика што тука предлагачите се и заменици координатори на некоја пратеничка група. Едно нешто, кое е вистина, Владата не ја премисли листата на предлагачите, туку ја премисли фактичката состојба во Република Македонија. Во оној момент кога Владата се дрзна да каже дека законот кој што го предлага госпоѓата Станковска Славица е против уставен и дека граѓаните во Република Македонија имаат право јавно да протестираат и да го изразуваат својот револт како притисок до власта одредени проблеми да се решаваат, денеска, откако фактичката состојба во Република Македонија е сосема поинаква, поточно имаме масовни протести, имаме штрајкови, имаме буквално на секое ќоше протести, Владата свати дека можеби тајмингот го погрешиле, дека можеби требало да го прифати

тој предлог на почитуваната колешка. Но, обично ние се учиме на грешките или обично доцна ни текнува, односно доцна ги сознаваме работите или обично сме толку арогантнни што не ни помислуваме како власт дека и нам може да ни се случи чудо да не излезат граѓаните на улица. Затоа што многу овдека се прашуваат каде се граѓаните овие 4 години, никаде ги нема. Што се не вети СДСМ, ништо не оствари, дури и тоа што вети заборави што кажа, а камо ли нешто да оствари. Према тоа, сите се прашуваме каде се луѓето на улица да излезат, зошто не реагираат. Тоа создаваше ароганција кај власта. Самобендисаност. На нас не ни е потребен ваков закон, затоа што на нас нема никој да ни штрајкува, нема да ни излезе на улица, затоа што народот е задоволен, па нели станавме земја членка на Европската унија. Како тоа да носи леб, како тоа да е најважно прашање во Република Македонија. Кога почна револтот да излегува, кога почнаа граѓаните да неможат повеќе да истрпат, едноставно, толку се нанижија проблемите од економска, социјална и не знам каква сфера, па дури и светиот СДСМ повеќе не е свет. Дури и нему му се дрзнаа, дури и неговите членови да кажат и на собирот кај премиерот и јавно на улица да кажат доста е, не го бива, тоа е факт. Меѓутоа, тоа мора да го кажеме јавно. И јавно го слушате секој ден, јавно го слушате пред Влада, јавно го слушате пред Собрание и како се изминува времето, тоа ќе ескалира. Заради тоа, Владата се премисли. Не оти аргументите помогнаа, не затоа што се други предлагачи, или кој знае што измислија ново, само заради тоа. Јас ќе ви кажам друго. Не е проблемот тоа што се блокираат патиштата, не е проблемот тоа што некој ги блокира сите главни раскрсници овде во Скопје и не е проблемот што од ден во ден се повеќе и повеќе имаме протести. Проблемот е тоа што Владата се уплаши од нешто сосема друго. Се уплаши тој народ да не влезе внатре во институциите на системот и да ги избрка како што ги донесе. Тука е проблемот. И заради тоа треба тоа право да се ограничи. Заради тоа се носи еден ваков закон.

Потоа почитувани колеги, откако овој закон ќе стапи на сила, ќе имате една лажна слика, ќе имате една лажна претстава. Благодарение на ваквите одредби на Законот, многу помалку ќе гледате протести во Република Македонија, затоа што навистина, граѓаните не ќе знаат каде да излезат и каде да протестираат, така да, ќе се стекне една погрешна претстава дека граѓаните се смирија. Еве, Бучковски вети 30 денари стимулација за тутунот, иако се бараше 60, им вети некоја инспекција која ќе прави контрола, како да до сега немаше и одеднаш, вие ќе го видите народот седи дома, се е мирно. Значи, власта работи, се е добро. Убаво ни е. Тоа е лажна слика. Тоа е тоа што го правите цело време откако сте на власт, само со некакви декрети.

Друга работа, цело време зборуваме јавен протест, јавен собир и така натаму. Овдека колегите би сакал да ги прашам што е тоа јавен протест, а што е јавен собир. Дали го разбираат тоа. Што е јавен собир, што е јавен протест. Јас ќе ви кажам, не е проблем, само не е поентата во тоа да го знаете поимот.

**Слободан Најдовски:** По десетти пат денеска ве замолувам да не дофрлувате од место. Можеме ли да се слушаме колеги пратеници.

Продолжете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Значи вака. Ако не знаете што е јавен собир, јас нема да ви кажам, пак да не знаете. Меѓутоа, во Република Македонија она што сега се случува не можеме да го ставиме под јавен протест, или јавен собир, туку, бунт. Народот излезе на бунт. Не ли ви е јасно. Излегува, не заради туркање на поредокот на државата, не заради се ова што е наведено во овој член, туку со јасен показател, оваа власт што побрзо да си оди. До таму е дојдена работата. Причините се многу и секој ден излегуваат. Тоа е пораката која вие не сакате да ја слушнете која вие ја забранувате со закон.Инаку, да се разбереме, една работа е многу јасна. Не би сакал сега овдека да читам одредби од Уставот да кажам што е по Устав, како е по Устав, бидејќи многу ќе се дискутира, да не ги повторувам колегите. Носењето на овој закон со вакви одредби е повеќе од јасно дека е против уставно. Веќе и членот во Уставот кој ја регулира материјата за јавните собири и неговата цел, со ваков еден закон паѓа во вода. Значи ние со закон ја рушиме директно уставната одредба.

Почитувани колеги, не треба да носиме закон како да го спречиме јавниот протест. Треба, ако сме власт, односно ако сте власт, кога ние ќе бидеме на власт, тогаш ќе мислиме како, но сега сте вие власт и треба да мислите. Тоа се однесува и за парламентарното мнозинство. Значи, не е проблемот да размислувате како да ги спречите, како да ги ограничите и каде да им дозволите. Проблемот почитувани колеги, е да нема потреба од протести. Ако како вас, како парламентарно мнозинство кое ја поддржува оваа Влада, сте направиле за овие четири години тоа што сте ветиле, и ако кој знае што не сте ветиле, освен три лаги, друго ништо не направивте, барем една да исполните. Вие немаше да имате проблем. Не би сакал сега да ја земам програмата на СДСМ, милион пати сум ја читал и напамет ја научив. Само да ви укажам колку лаги изнесовте. Во таа програма стои: "тутунот е жолто злато, кога ние ќе дојдеме на власт Република Македонија ќе се грижи за тутунот и неговото производство и така натаму. Цената на тутунот ќе достигне светски и европски размери за да се плати достоинството на тие производители". Тоа ли е ова што го направи оваа Влада. Или се остана како ветено. Затоа ви се случуваат протести. За законот јас ви кажувам каде е проблемот. Значи ако не продуцирате проблеми, нема да имате ни

протести. Значи повторно е се во законот. Се стрчавте сите не ви беше битна информацијата, за тутунот да биде разгледана како прва точка, се истепавте сите да изгласате Законот за јавни собири да се изгласа пред информацијата за тутунот, пред некои заклучоци кои што би ги донеле за да помогнеме на производителите. Јасна е политиката. Треба машки да се признае. Непродуктивните проблеми, решавајте ги проблемите на граѓаните, така како што сте ветиле. Ништо повеќе не ви бараат. Вие бевте почитувани колеги од СДСМ не седевте овде, седевте од оваа страна, јас седев од другата страна, бидејќи бевме власт. Владата на Љубчо Георгиевски, кога срипавте, станавте на чело со вицепремиерката и велевте продажбата на Електростопанство е најголемото зло во Република Македонија. Триста квалификации и сега вие го правите тоа и одеднаш аргументите се оправдани и одеднаш дајте да ги спречиме граѓаните да не го блокираат Скопје, затоа што само вашето држи. Да ве прашаме нешто друго почитувани колеги. Зошто СДСМ или Владата, зошто не се сети пред едно 5-6 години кога беше власт ВМРО на чело со Георгиевски. Кога секој ден ни се случуваа протести и штрајкови иницирани и дури поддржани од вас. Да ве потсетам само со господинот Муратовски кој ни правеше сцени овдека пред Собрание. Не знам што се не беше блокирано. Какви беа вашите ставови да ве потсетам. Вие ги поддржувавте и велевте, да, треба да се протестира, затоа што оваа власт е однародена, затоа што оваа власт треба да си замине, затоа што е најголемото зло на Република Македонија, кога ќе дојдеме ние ќе цветаат и бандерите. И тоа се случуваше секој ден. Дали сте свесни дека Владата на Георгиевски и ние како пратеници на крај памет не ни текна ваков закон да донесеме. Дали бевме глупи, дали не знаевме. Но не ни текна. Не заради тоа. Затоа што не сакавме почитувани колеги. Ве оставивме. Еве ќе ве видиме и вас на дело, како што ќе ги видиме и некои други што се прават премиери. Ќе ве видиме. За жал, трпи народот. Пет премиери да смените кога доаѓаат од една иста матрица не очекувајте многу. Тоа е капацитетот.

**Слободан Најдовски:** Господине Караџоски, може ли да се навратите повторно на законот.

**Жарко Караџоски:** Господине потпретседателе, се е во контекс на законот. Јас ги образложувам причините.

**Слободан Најдовски:** Ова не е во контекст на законот. Причините за донесување на закон се едно, а причините зошто сега, тоа е друга работа. Затоа вратите се на законот.

**Жарко Караџоски:** Јас ја кажувам хронологијата. Зошто ние сме си доследни на нашите ставови и тоа го објаснувам. Јас премиерот не го спомнувам, ако е тоа причина за опомената.

Би ве прашал почитувани колеги, особено предлагачите на овој закон. Не прочитав за жал никаде една одредба и не ми е јасно. Како правник, еве колешке Славица Грковска, извинете вака што директно ве прашувам, би ве прашал една работа која навистина, не ми е јасна. Во Република Македонија не знам точно која година беше, ќе ме потсетите вие, се случи јавен протест. И тоа директно овде во Собранието кога опозицијата протестираше заради тоа што вие ја замолчувавте. Не ни дававте право да разговараме, ни го ограничивте времето за буџетот да дискутираме 10 минути. Овде ви се случи протест. Да ве потсетам, шетавме со транспаренти, велевме ова е за учуткување на опозицијата, тропавме, тоа ви беше прв пат во Република Македонија и најверојатно, последен. Потоа ви се случи чукање, тропање и така натаму, галама а вие си излгасавте буџет најбитниот акт во државата, го правевте по една сцена, која јас не знам дали ја има на друго место. Ви укажувавме дека не можете со сила да не замолчите. Има аргументи. Тогаш ве болеше глава од чукањето. Ви сметаше дека овде викавте. Благодарение на тој протест, кој влезе во историјата, во историјата затоа што повеќе нема да има можност. Ние ви скренавме внимание и никогаш повеќе не ни го ограничивте правото на говор. Не ви текна повеќе и за банални работи да ни го ограничите времето на десет минути, затоа што една поука многу значи. Што сакам да кажам? Сакам да кажам ако ни го замолчивте правото на јавен протест, значи ако ни го ограничивте правото на јавен протест да го искажеме своето незадоволство за одредена работа која власта ја работи, а немаме друг начин, освен да излеземе овде и да ви стоиме со барикади и со транспаренти, да ви кажеме дека вака не се работи. И фала богу, успеавме и од тогаш до денеска, немате потреба да гледате протести, и без закон, затоа што опозицијата си го доби она што ја следува со Уставот. Тоа е истото што сакам да го кажам на друг терен. Значи, моето прашање до предлагачите е дали овој закон ќе ни ги ограничи на нас правата утре повторно да излеземе овде во Собранието, затоа што не го потенциравте во Законот. Кажавте детски градинки. Ова не е детска градинка, фала богу, кажавте болници и кажавте регионални патишта. Не спомнавте Собрание, бидејќи вие сте претставници, ние сме граѓани. Значи ние сме претставници на граѓаните секој од своја изборна единица. Ако ви се случи колеги, затоа што допрва ќе ја разгледуваме, имате право на амандмани, значи размислете и тоа да го забраните. Да не ви се случи овде уште еднаш. Предвидете ги сите ситуации каде што можете да ги замолчите граѓаните и преку пратениците и преку се живо. Да немаме утре повторно проблеми.

Значи, ги слушам сега аргументите на пратениците од позицијата. Не успеав се да запишам, навистина, толку беше жестока дискусијата што повеќе се сконцентрирав кој кому ќе дофрли, кој колку е вакво, кој колку е таков и ми

избегаа искрено да ви кажам, поентите кој би сакал да ги запишам. Мене ми беше многу интересна расправата, секогаш кога ќе се дојде во судир позиција-опозиција, некако ми стана убаво да слушаме навреди, што не е во ред овдека, барем не од собраниска говорница. Меѓутоа, едно сакам да ви кажам. Оние аргументи кои што сега ги кажа, особено господинот Кондарко, јас успеав само нешто да запамтам вели:"Каде е правото на живот, гарантирано со Уставот". Потоа прашува: "Каде е правото на сигурност на граѓаните, па каде е правото на слободно движење на граѓаните". Накажа уште нешто но да бидам искрен не успеав да ги запишам, затоа што ми беше интересно она другото што се случуваше. Сега контра прашање. Зошто почитувани колеги од позицијата, кога истото ова и можеби многу повеќе во време кога ВМРО беше на власт, нам ни се случуваше секојдневно, не излеговте како пратениците да прашате, каде е правото на живот, каде е правото на слободно движење. Каде е правото на сигурност. Туку велевте обратно. Народот е во право што протестира. Граѓаните во секој случај имаат право. Тоа е уставно гарантирано и дури не ви беше срам, не се срамевте, дури ги поддржувавте јавно.

Затоа, немојте да лепите етикети дека некаква си опозициона партија стои и е организатор на некаков си протест. Не лепете етикети. И немојте тоа да му го лепите на ВМРО-ДПМНЕ како да е тој единствена опозициона партија во Република Македонија. Во Република Македонија има многу опозициони партии и според тоа, немојте да им го земата правото на сите други.

Ако следите, а сигурно следите, не слушнав да некоја опозициона партија, можеби ВМРО-ДПМНЕ и Народна партија предничеа, излегоа на ПРЕС и рекоа дека ги подржуваат. И, што е сега дилемата? Сега ја откривте вие Америка, некој стоел, некој ова правел. Па, стоел со подршка, како партија, од која што вие се страмевте пред некое минато време.

Значи, сите овие аргументи што ги искажав, укажуваат на едно дека овој закон не се предлага заради да се прецизираат или уредат или утврдат правилата како треба и кој треба и зошто треба да протестира, односно правото на јавни собири, туку од една единствена причина, а тоа е она што последните денови се случува во Република Македонија или, уште попросто кажано, страв од народот. На оваа власт и е страв од народот. Страв и е да не и се случи народ. Заради тоа ги бара аргументите таму и средствата и начините како да не се случи народ. Барем додека се уште некој месец на власт.

Заради тоа, ваков закон нема потреба да се донесе. Решавајте ги проблемите така како што треба да ги решавате и нема да имате народ. Но, можеби е сега и доцна, народот веќе се освести. Можеби е доцна.

Со овој закон нема да спречите ништо,освен што, навистина ќе создадете револт и единственото уставно право што народот го имаше, односно граѓанинот да ви го искаже револтот, затоа што поинаку не може, на јавен протест, вие сега го ограничувате. Така не се оди во Европа и така власт не се одржува. Благодарам.

(со седницата продолжи да раководи господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието)

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Госпогице Грковска барате реплика или збор?

Барате збор, повелете.

Само, немојте да реплицирате, ве молам.

Добро, барате реплика.

Повелете, имате три минути.

**Славица Грковска:** Ќе го задржам правото за збор подоцна.

Добро, сакам да се извинам на господинот Караџоски затоа што, ете, сме направиле некаков пропуст и сме пропуштиле да кажеме дека и ВМРО-Народна ги организира блокадите. Значи, јавно кажувам дека зад блокадите главни организатори се ВМРО-ДПМНЕ и ВМРО-Народна и дека добар дел од граѓаните се манипулираат, се користат за зголемување на нивниот партиски рејтинг.

Со овој закон, господине Караџоски, ние не сакаме да ги спречиме протестите. Воопшто. И, мислам дека доволно овие два дена кажував зошто е тоа така и немам намера понатаму да образложувам. Свесни сме дека овој закон ќе важи и тогаш кога ние ќе бидеме во опозиција, освен ако некоја наредна власт се одлучи да го измени, тогаш кога ние ќе бидеме во опозиција.

Мене, воопшто не ме изненадува тоа што повикувате народот да влезе во Владата и Собранието и да ги истера пратениците и министрите, затоа што тоа е улична демократија и начин на дејствување што ви е вам веќе востановен во вашата пракса, исто како што го спомнавте и бунтот во Собранието. И, нема да бидам изненадена ако не биде поставен пат тоа, како што го рековте вие.

Велите дека не ви текнало да предложите ваков закон. Мене ме изненадува, затоа што иницијативноста на пратениците од претходниот парламентарен состав да предлагаат закони, беше речиси никаква. Да навлегуваме сега во причините, дали слепата послушност спрема Владата или заради недостаток на иницијативноста.

И, на крајот сакам да кажам дека СДСМ е доследна во однос на неговите ставови, кога станува збор за продажбата на ЕСМ, заради тоа што и во претходниот мандат се залагаше прво за трансформација на претпријатието и за продажба само на одредени делови, за разлика од вас кои сакавте да го продадете со непосредна спогодба и потполно, целиот. И покрај обврската со ММФ и Светската банка што ја презедовте во 2000-та година за трансформација на ЕСМ и

приватизација само на одредени негови делови. Доколку мислите не е така, земете ги стенографските белешки, ќе се уверите дека сосема спротивно дискутирате сега одколку што сте дискутирале тогаш. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, вашата една минута.

**Жарко Караџоски:** Почитувана колешке,

Ќе почнам од иницијативите. Какви се пак вашите иницијативи кога предлагате закони, многу се виде на една од последните седници кога вашиот закон за образование не го изгласа парламентарното мнозинство. Тоа е една работа.

Но, многу индикативна, кога сега се јавувате како иницијатор за една ваква проблематика, еве се смилостиви Владата, ќе ви го подржи, нема проблем.

Јас, почитувана колешке, народот не го повикав да влеже во Владата. Не се плашете. Вие, како власт, како мнозинство се плашите од народи, да не ви се случи народ. Инаку, јас нема потреба што да го повикувам.

Според тоа, заради тоа и го носите овој закон. И, јас да ви се заблагодарам што ја спомнавте и ВМРО-Народна партија, но повторно ќе кажам ние не сме организатори, само ги подржавме како партија граѓаните кои излегле на протест. И сега ги подржуваме да го искажат сопственото мислење.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика за господинот Гешоски, повелете.

**Благоја Гешоски:** Благодарам господине претседателе.

Колега Караџоски,

Оваа моја реплика можеше да биде упатена на било кој од претходните дискутанти кои говореа во стилот како што говоревте и вие. Меѓутоа, сметам дека добива посебна тежина кога ќе ја упатам кон вас од причина што доаѓаме од ист град и во изминатите 15-тина денови заедно бевме сведоци на она што се случуваше во Прилеп.

И сега, кога ве слушам, се прашувам дали вие тоа го заборавивте или пак говорницата ве тера да кажувате поинакви факти, поинакви работи. Исто сме констатирале дека на барикадите и на блокадите на патиштата во Прилеп стоеја луѓе кои никогаш не работеле тутун и немаат ништо заедничко со производството на тутун. Двајцата знаеме дека Прилеп овие денови беше, буквално кажано, херметички затворен град. Во него ниту можеше да се влезе ниту да се излезе.

Се прашувам дали заборавивте за да дојдете во 11,00 часот на седница вие моравте во 05,00 часот наутро на -25 степени да поминувате на Плетвар и сега да кажувате дека било нормално.

Не, колега Караџоски. За мене и за вас не гласаа само тутунопроизводителите на кои ние им ветивме Информација што ќе биде на дневен ред. За нас гласаа и останатите граѓани на Прилеп кои имаа потреба овие изминати денови да отидат на двор од Прилеп, да ги завршат своите приватни и деловни обврски.

Со еден збор, сакам да кажам, а ова се однесува на она кога прашувате што се сменило во овие 6 месеци од првата иницијатива кога се поднесе Законот за јавни собири? Точно е дека правото на јавни собири, јавни протести е демократско право. И ние, таквото право го почитуваме. Меѓутоа, во овие 6 месеци, посебно на последните собири се покажа дека некој го злоупотребува тоа право.

Јавните протести и блокадите се легитимно право, меѓутоа секое право и секое правило или секоја игра има и свои правила. Не може град од 60.000 жители или повеќе да биде херметички затворен. Токму е тоа она што се промени. Блокадата може да има симболика, меѓутоа не да никој од Прилеп не може да излезе или да влезе или во Скопје вие да блокирате една раскрсница. И тоа да е симболиката преку која ќе го изразите својот протест.

Немојте да ги заборавате работите, помислете на оние останати 40.000 во Прилеп кои не се тутунопроизводители и на стопанствениците кои претрпеа огромни загуби во изминатиов период, а не само политички маркетинг од говорницата. Има живот што треба да тече во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Со волку пријавени за расправа не знам дали точката за реколтата воопшто ќе стигне оваа недела на дневен ред.

Повелете господине Караџоски една минута.

**Жарко Караџоски:** Господине Гешоски ,

Воопшто не сум заборавил како доаѓав во Скопје и дали ми беше тоа мака или не. Но, едно да ви кажам, мојата мака како доаѓав на минус колку степени или  дали рано сум доаѓал во Скопје е многу неспоредливо во однос на маката на тутунопроизводителите. Според тоа, не зборувам никако популистички, туку сакам да го искажам она што го мислам.

Никогаш не сум кажал кој стои и дали стои некој зад барикадите. Тоа не го кажав ни сега кога дискутирав. Можете само да измислувате. А, едно да ви кажам, ако не беше таков протестот, верувате дека тутунопроизводителите ќе добиеја ова што го добија, ако не се собраа онаму да го блокираат патот и пред Вкадата мислиш на Бучковски сам ќе му текнеше да даде 35 денари стимул? Не, господине Гешоски.

И друго нешто да ви кажам, протестите се уставна категорија. Не можете да ја забраните со закон. А народот, граѓаните во најголем дел се солидаризираат со, да ги наречам условно, со луѓето.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Освен ако ми ја кажете господине Караџоски бројката и статистиката колку народи се солидаризираат.

Господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги,

Денеска расправаме по една точка што беше на дневен ред пред не цели 5-6 месеци, значи на 31 август 2005 година. Очекував денеска да имавме претставник од Владата, затоа што расправаме веќе втор ден. Аргументите што ги гледаме од позицијата и опозицијата, сите мислиме дека сме во право, но доаѓаме во една ситуација, како што почна мојата колешка Славица Грковска, ќе се обидам и јас да го направам тоа и да кажам што во меѓувреме се случило за да некој може да има промена во своето мислење.

Една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати во меѓународното право и утврдени со Уставот.

Согласно член 16, став 1 од Уставот на Република Македонија се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Слободата на мислата Уставот ја определува како апсолутно право на човекот, без ограничување.

Согласно ставот 2 од истиот член, се гарантира слобода на говорот и јавниот настап. Наведеното значи право на човекот да може јавно да ги изнесе своите погледи и мислења. Правото на говор и јавно настапување не може да се ограничи по било кој основ, освен врз основа на основ предвиден со Уставот.

Во членот 21 од Уставот е утврдено дека граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола. Користењето на правото на ова право може да биде ограничено единствено во услови на воено или вонредна состојба.

Уставот на Република Македонија утврдва конзистентен систем на заштита на слободите и правата, односно нивна гаранција. Согласно член 54 став 1, од Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Устав.

Ограничувањата на слободите и правата, согласно ставот 4 од истиот член, покрај останатото, не може да се однесува на слободата на уверување, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Одтука произлегува дека со закон не може да се ограничи правото на јавно собирање, односно граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола. При што, ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба, ниту да се ограничи слободата на говорот, бидејќи овие права се загарантирани со Уставот на Република Македонија и може да се ограничат само со устав.

Забраната за повикување и поттикнување на војна, употреба на насилство, национална, расна и верска омраза или нетрпеливост е обезбедено ссо Уставот на Република Македонија, според што е забрането дејствувањето на граѓаните да биде насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување на воена агресила или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост и со Кривичниот законик, со кој што се предвидени кривични дела во делот Кривични дела против државата.

Имајќи ги предвид наведените уставни одредби, а со оглед на фактот што одредбите на предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири имаат за цел ограничување на правото на јавно собирање, како и пропишување на должност за претходно пријавување на јавниот собир, Владата смета дека одредбите од членовите 1 и 4 од предметниот закон не се во согласност со Уставот од причина што, согласно одредбата на член 51 од Уставот на Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот и секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Ова е доставено до Собранието на Република Македонија на 25.07.2005 година, потпишано од тогашниот и сегашен претседател на Владата на Република Македонија, доктор Владо Бучковски.

Е сега, Влада, во овој ист текст, многу сличен бидејќи ќе го разгледаме текстот и ќе разговараме член по член за него, доаѓа еден нов допис во кој што се кажува:

Владата на Република Македонија му предлага на Собранието да го прифати Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, со Предлог на закон, предложен од група пратеници, со амандманите што ви се доставуваат во прилог.

И сега, се ќе беше во ред, доколку тие амандмани господата пратеници, предлагачи на овој зако имаат еден проблем. Нивниот закон беше предложен на 18 јануари или можеби грешам, 19 јануари 2006 година, веќе на 31 јануари имаат поднесено нови амандмани, на 2 февруари имаме нови амандмани од Владата и веќе на 7 февруари, вчера, на почетокот на седницата, вие господа пратеници предлагачи имате нови амандмани. Не знам дали имавте толку голема дилема, дали имате уште дилема во однос на она што го предлагате или пак, можеби, ќе беше покоректно сето ова да го предложи Владата, вие да го браните и да излеземе со еден владин предлог, но не на ваков начин. Затоа што и во таа дискусија пред 6 месеци се бараше место што ќе донесе до една ситуација во која што ќе направиме закон што ќе важи не само за денес, не само овие ситуации, туку ќе важи за години нанапред.

Не секој може да се гледа од позиција на позиција и од позиција на опозиција. Мислам дека со ова сакате да кажете нешто што во моментот се случува, се согласувам дека ситуацијата не е како што се пишува, во воена состојба, но дека е вонредна состојбата тоа е повеќе од очигледно. Очигледноста ја гледаме сите на улиците и во вашите дискусии до сега од повеќе од вашите дискутанти слушнавме дека и покрај тоа што се прават вакви протести, многу тешко се доаѓа до нешто што едноставно ќе биде искористено или ќе биде во насока на тоа да оние што протестираат ги остварат своите права.

Но, јас ќе ве потсетам, бидејќи сакате многу да се повикувате на нешто што било и поминало, но не е поминато, тоа секогаш останува и секогаш се знае, значи вашите размислувања и вашите погледи како опозиција, како луѓе кои сте делувале како опозиција, за жал биле многу потрагични, многу новинари тука пред ова Собрание протестирале и кажувале-Тука сме, удрете, па денеска ги гледаме сите како потпароли во Влада, кај Претседателот и не знам каде. Значи, тие, целта на нивниот протест ја оствариле. Целта не е неостварена, целта е остварена.

Понатаму, кажувавте против продажбата на Телеком, против продажбата на ЕСМ и сега уште се повикувате и пред малку пред вашата реплика кажувате дека ние сме сакале да го продадеме ЕСМ цело. Не заборавајте дека во овој Парламент се кажаа од сегашни министри во Владата на Република Македонија, дека луѓето знаат дека ЕСМ е продадено, дека ги знаат и банкарските сметки на господата од тогашната Влада на господинот Љубчо Георгиевски во Унгарија и во Швајцарија и тоа стои. Тоа не може никој да го избрише, затоа што има стенографски белешки.

Но, за ваша голема среќа, или за жал, Електростопанство не се продаде. На таа седница се разговараше за добивање на кредит за предприватизација кое што вие како опозиционери кажувавте дека ова е најголемо благо, ова златно теле на Македонија не смее да се продаде. Сега народот ве повикува да кажете зошто, како и каде. Таков одговор нема ниту од претседателот на Владата, ниту од министерот и нон-стоп доаѓаат погрешни  кажувања дека сето тоа апсолутно не е така. Затоа што ќе ве повикам уште еднаш, она што го бараат граѓаните да се каже, премиерот излегува и кажува: овие пари ќе бидат насочени во проекти. Проектите ги нема, никој не ги знае. Министер од Владата во разговори со ММФ излегува информација која што новинарите ја пренесуваат дека ММФ инсистира сите тие средства да завршат таму каде што треба, како што завршија и тие 45 милиони кои што  ние како Собрание и вие како позиција ги одобривте за предприватизација да завршат во Буџетот на Република Македонија за покривање на некои дупки, а она што е основното не можеме да го направиме. Затоа господа имате еден проблем. Ние не го продадовме ЕСМ, затоа што се говореше за предприватизација , што после тоа ќе се случуваше, ќе покажеше времето. Вие сте сега во ситуација веќе да имате состојба на продаденост, а не знаете ниту за колку, ниту со што, ниту каде, ниту како ќе бидат искористени тие средства што е еден голем проблем за кој што граѓаните апсолутно имаат право да ве прашаат, затоа што сето тоа утре ќе се фокусира врз нивниот грб и тоа ќе биде граѓаните повторно за разлика од Телекомот за кој што кажувате цело време, струјата е нешто друго и ќе донесе и ова така ситуација во овие 4 години за кои што ветувавте многу на економски план, овие социјални немири, ова се што се случува во Републиката се токму предизвикот во неработењето, или неисполнувањето на обврските на Владата при доаѓањето на власт. И тоа е вашиот проблем дефинитивно.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, јас не сум доволно паметен и признавам дека вие сте многу попаметни од мене, но навистина би сакал да знам, целата плеада и разговор за ЕСМ, во која функција е сега со законот? Објасни ми го тоа.

**Спиро Мавровски:** Ќе се обидам да ви го објаснам, знам дека сте паметен и дека ќе разберете многу брзо. Во сите овие разговори се спомнува цело време "Гласот на светлината", протестите во Скопје и она што еве и госпоѓата предлагач неколку пати го потврди, дека претходната Влада на Љубчо Георгиевски беше таа што го продаде ЕСМ, веќе јас така почнувам да ја разбирам.

**Љупчо Јордановски:** Го прифаќам образложението.

**Спиро Мавровски:** Мислам дека ја сфативте поентата. Не се сомневав дека интеигенцијата е многу повисока за разлика од објаснувањата кон некои други. Но, во секој случај јас би продолжил.

Значи, говориме за протестите кои што се случија тука пред ова Собрание во време на војна кога беше нападнат и еден министер од Владата и се случи тоа што се случи. Кој беше позиција, кој беше опозиција, вие знаете подобро од мене. Се случи и напад врз Американската амбасада, еден од двата во светот кој што беше успешен, па сега некој од тие организатори се погодени американци од американците. И тука е најголемиот проблем. И како ние понатаму ќе говориме дека со закон ќе можеме да ги решиме овие ситуации. Не знам? Нашиот начин на размислување мислам дека е многу погрешен. Во која смисла? Ние сите вклучувајки ме и мене за разлика можеби не сум чекал, но ние како граѓани на Република Македонија си дозволивме 4 години да бидеме во некоја изолација.  И сега ако се дрзнеме да одиме некаде во некоја наша соседна држава, или во Европа и таму се случуваат протести. Нашето размислување е едно единствено: ова е слобода, ова е демократија и

секој може да се искаже како што мисли. Значи, дали се тоа земјоделците во Грција кои што ќе блокираат една недела пат, затоа што нивните портокали државата не ги откупила, дали се тоа овие протести во Франција кога цел Париз е запален, кога имало жртви. Ние кажуваме дека тоа е демократија и начин на размислување и искажување на своите размислувања. За жал, овде луѓето можат да седат и со денови и недели и седат и нема човек од Владата кој што може да ги прими, кој што со нив ќе разговара и да им даде не лажно ветување, туку начин на решавање на нивните проблеми. Верувајте ми ова го кажа и колегата Гешовски на овој студ на минус 25 степени нема човек кој блокира пат, а притоа 12 часа да биде на тие минус 25 степени. Мислам луѓето имаат голема мака и проблемот е еден и единствен. Кога функционираме кај нас секој денеска се тутунарите, утре ќе бидат оние што одгледуваат жито, друг ден ќе бидат вработените во ЕСМ, после тоа ќе бидат вработените во "Охис" и нон-стоп некој протестира, но никој не го гледа другиот кога го бара своето право се до оној момент кога ќе дојдете вие да протестирате. Тогаш како што кажувате вие против вас ќе бидат останатите граѓани, затоа што го загрозувате нивното право. И тука апсолутно не се сложувам, затоа што функционирате на основа дека имаме луѓе кои што во овој момент се оние кои што го одземаат правото на останатите и вие се наоѓате во функција да ги одбраните тие останати кои што исто така се незадоволни и имаат многу право сето тоа да го искажат онаму каде што треба. Значи, јас би побарал државата како што е редот и како што треба да се носи и во самиот закон како што стои, кога вие имате забрана на патишта, или незнам која друга ситуација, државата и МВР е тоа што треба да го организира сообраќајот, кој што треба да го организира редот во еден град како што е Скопје. Не очекувајте од оние што протестираат дека ќе застанат на крстосници и ќе поставaт редари по сите улици во Скопје и тие ќе бидат оние што ќе го регулираат сообраќајот. Значи, на барање за приклучување на МВР тука апсолутно нема никаква дилема дека тие луѓе треба да бидат таму.

Во самиот закон во членот 1 се повикуваме и бараме заштита на јавниот морал. Јас ќе кажам една работа. Во оваа ситуација во која што се наоѓа Република Македонија јавен морал, ќе ви кажам најискрено, не знам дали има, дали постои во овој момент. И тука е најголемиот проблем, затоа што под јавен морал и под она што значи ветување на некој кој доаѓа на власт значи исполнување. Вие можете да кажувате што сакате и кога сакате, но моментот кога тоа треба да го исполните, треба да го завршите. Ако тоа не го правите, не знам за каков морал можеме да говориме кога вие моето право, или мојата надеж дека нешто ќе се заврши како што треба, вие ми го одзедовте. И сега јас не треба да излезам на протести, затоа што вие кажувате: на некое одредено место. Кој е тој што ќе го одреди и кое е тоа одредено место. Дали тоа ќе биде некој паркинг, дали ќе биде некоја улица, или не знам во некој парк каде што во тој момент можеби некој велосипедист ќе треба да си го оствари своето право и да ги сврти своите 30 кругови. И сега ќе треба да му го обезбедиме и неговото право, затоа што секој ден тој доаѓал таму и не ќе може да го оствари своето рпаво. Ако тргнеме од тоа право, тогаш апсолутно ништо во државата не може да се направи. Немаме регулација на ништо од тоа. Мислам дека првиот пат кога овој закон се носеше и кога разговаравме имаме ситуација во која што од вкупно присутни 89, како што стои, што ги имаме картичките тука, вкупно гласале 57 пратеници, од нив против биле 47, воздржани биле 5 и за биле 5. Сега имаме ситуација кога имаме 5 предлагачи, од нив како што говореа и моите колеги, јас не би сакал да говорам за таа ситуација, веќе е кажано неколку пати. Значи, госпоѓата Славица Станковска од тоа испаѓа, остануваат 4 предлагачи, меѓутоа се 5 луѓе кои што на таа пленарна седница на 31 август гласале за овој закон. Сега што се променило и како се променило, со тоа што Владата веќе доставила некои амандмани за разлика од многу пати досега кога имаме само мислење и кажува дали пратениците ова да го прифатат, или апсолутно да не го прифатат и тука завршува приказната и обично ако доаѓа од позиција и ако е договорено се прифаќа, ако не, не се прифаѓа и тука не аргументи, не амандмани, незнам што да се донесат, до сега не е поминато.

Во однос на ова што во законот го кажувате и ова што доаѓа од Владата, вие кажувате дека предлагачите на 7.02. испратено до пратениците предлагате уште 3 амандмани, т.е. 4 амандмани и кажувате дека амандманите од Владата се прифатливи првиот, вториот и третиот, а амандманите 4, 5 и 6 не ги прифаќате. Затоа кажав, не гледам тука претставник од Владата, затоа што Владата ни предложи 6 амандмани, а целиот закон се состои од 10 члена. Значи, и вашите амандмани кои што вие ги имате предложено, едните како што кажав на 31.01.и до тука имате три амандмани, после тоа на 7.02. имате други амандмани кои што се предложени и тоа 4 и овие 3, 7 и 6 од Владата, 13 амандмани на 10 члена. Мислам дека имате голем проблем дека и самите во сето ова како да не верувате, или барате некој начин на кој што сето ова ќе се направи да не биде толку непријатно за граѓаните на Република Македонија, да се најде начин со номотехника, со извртување на зборовите и кажување: може, или не може, или забрана, не забрана, да дојдеме во ситуација дека на граѓаните не само што им се забранува, туку им се овозможува уште повеќе од тоа што го имале. Зошто? Ќе ви кажам само еден пример во интерес на граѓаните, бидејќи ова нема да го видат тие. Значи, членот 1-а во кој се вели: правото на граѓаните на јавно собирање и слобода на говорот на јавниот собир во одделни случаи може да се ограничи, може да се ограничи за да се

спречи дејствување на граѓаните насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и поттикнување, или повикување на воена агресија, или разгорување на национална, верска, расна, или друга омраза и нетрпеливост.

Членот 1-а предложен е од Владата во кој се вели: правото на граѓаните на мирно собирање може да се оствари, сега значи имаме: може да се оствари, а не, може да се ограничи. И тука сега следи истото, на начин со кој мирно ќе го изразуваат јавниот протест и притоа нема да се ограничува правото на граѓаните кои не учествуваат во јавниот собир на слободно движење и другите права утврдени со Уставот на Република Македонија. Значи, имате во првиот случај, да се ограничи, а сега, може да се оствари. И тука гледајќи го членот 1 во кој што не знам се повикувате на додавање на нов член, затоа што законот и покрај тоа што е донесен на 17 ноември 1995 година и тој е сеуште важечки, можеби очекував дека ќе го промените членот 5, бидејќи веќе предлагате ваков закон каде што лицата кои присуствуваат на јавниот собир не смеат да носат оружје и опасно орудие. Ние донесовме Закон за носење на оружје каде што апсолутно за секого е забрането носење на оружје, уште повеќе е забрането на вакви собири воопшто да постои ваква работа и казна од 5 до 10 илјади денари е апсолутно неприкладно, затоа што за ваква ситуација со Кривичниот законик се предвидува и казна затвор. Значи, начинот на кој што се обидуваме членот 2-а кажува : јавен собир заради мирно изразување на мислење, или протест може да се одржува на секое место кое е соодветно за таа намена и освен, до здравствени установи на начин кој го оневозможува пристапот на возила на брза помош и го нарушува мирот на болните, што до сега мислам дека апсолутно никој пат не било така, во детски градинки и училишта додека престојуваат децата во нив. И ова апсолутно не е така. На автопатиштата и магистралните патишта на начин со кој се загрозува патниот сообраќај. Сега јас повторно ќе ве потсетам на едно време од 1998 до 2002 година кој, како ќе имаше случај во некое претпријатие да останат без работа, 5 луѓе беа доволни да го затворат патот и патниот правец не функционира цел ден. И тоа се случуваше константно со месеци. Но, има една друга ситуација, за мене е многу проблематично "кое е соодветно за таа намена". Мислам дека на ваков начин не решаваме ништо, не решавате ништо, не нудите решение. "соодветно" не знам кој е тој што ќе го каже, дали некој професор кој што се занимава со социолошки работи и истражувања, дали од сообраќајот човек кој што има поголемо искуство, дали е тоа претседателот на Владата, дали се меѓународни институции. Затоа што Република Македонија си дозволи 4 години овие автопати кои што секој пат од наша страна биле проодни да ни бидат буквално затворени значи и кон Север и кон Југ и Република Македонија не видов да направи нешто во тие 4 години да направи простор како би можеле ние да го искористиме нашето право на автопат и по меѓународни договори да функционираме. Тоа не се случи. Ние баравме нафта им пуштавме камиони и затоа ја покачивте цената на нафтата и после тоа откога се отворија патиштата остана така, тие камиони заминуваа до Бургас во Бугарија за да можат од таму да функционираме нормално како држава, или патиштата беа преку Бугарија, Романија и не знам каде. Трошоците огромни, но ние не се дрзнавме како држава да побараме од меѓународните фактори да ни ги обезбедат овие права кои што ние секому му ги нудиме. Тука се случи еден протест на границите со Грција, значи беше затворен тој граничен премин, после три часа полицијата интервенираше, затоа што тоа било по меѓународни стандарди и правила. Ако тие важат за нас, треба да важат за сите. И затоа јас повеќе би се залагал со овие закони да се побараме каде сме ние во меѓународното право, дали воопшто некаде функционираме, дали некој треба да ни овозможи и нас да ги обезбедиме нашите права, не само ние да ги обезбедуваме правата на другите. Мислам дека тука апсолутно нема некаков сомнеж.

Значи, една друга ситуација за која што говоревте пред малку, тоа е уличната демократија. Уличната демократија госпоѓице Грковска не ја измисливме ние, мислам ние како партија и како држава и како незнам што. Уличната демократија ја измислил некој друг, на тој начин некој дошол и на власт, некој начин можел да направи се. Ние имаме ситуација во Република Македонија не со улична демократија, со некаква друга демократија, со борци за човекови права некои тука да дојдат во овој Парламент и да бидат власт. Значи, вие ограничувате едно право кое што еден граѓанин треба да излезе на улица да го каже она за што има проблеми, мака, а од друга страна не можеме да најдеме начин, модалитет како да осудиме нешто што можеше државата да ја донесе во колапс и во пропаст. Еве, 4 години ги губиме токму на тоа во чекорот да стигнеме економски до некоја близина до Европската унија. Ние ги изгубивме во расправа за Охридскиот договор, не знам кој бил крив, дали бил крив и како вие со таква власт, со таква Влада, коалициона Влада функционирате. Тоа е големото прашање за кое што никој тука не постави прашање, затоа што сега нас ни смета, улиците биле затворени. Па беше блокирана цела Македонија, па никој не се потруди да побара нешто и вонредна ситуација кога беше барана, исто не се даде од опозицијата. Значи, не е ни воена состојба, ни вонредна ситуација, апсолутно ништо, Република Македонија функционираше како да е најнормална држава и во такви ненормални услови.

Тоа е катастрофа. Ние и сега немаме храброст да донесеме некој закон со кој ќе кажеме ова до тука било, завршило. Не можеме. Ова е многу лесно.

Јас мислам дека Владата треба да седне, да донесе решение, не вие да бидете тие што на овој начин ќе бранат нешто што апсолутно не е за бранење затоа што правото на граѓаните да протестираат можеме да го ограничиме само на еден начин. Тој начин е работа, ветувања кои можат да бидат исполнети и мора да бидат исполнети затоа што се друго е само политиканство и на таков начин граѓаните не можат да дојдат во ситуација да бидат одговорни за нешто што им се случува нон стоп. Вие објавивте војна на земјоделците. Од 2002 година, од година во година се случува војна, дали е тоа тутунот, дали е тоа репата, дали е тоа житото, дали се тоа она што значеше кажување во Република Македонија за птичјиот грип, а никој не е одговорен. Тоа го нема. Кокошките ги нема во Могила, се се испозакла. Зошто и како, никој нема одговорност, никој не може да каже ништо. Во секој случај останува ситуацијата овој закон да го повлечете до крајот на оваа расправа. Ако можете да седнете, затоа што и вие со овие 13 амандмани на 10 члена, што самите си ги предлагате без да имате предлози од колегите пратеници, мислам дека прво е несериозно и дека мораме да најдеме закон, како што кажав што ќе важи за наредните неколку години, нема да важи за оне што е денес и за сега. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Госпоѓице Грковска имате реплика или збор?

**Славица Грковска:** Реплика.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, имате три минути.

**Славица Грковска:** Јас бев свесна дека во дискусијата по овој закон повеќе ќе зборуваме за политика и одредени политики на оваа Влада, отколку за самиот предлог. Затоа не ме изненадуваат коментарите од типот дека три години не е направено ништо и дека единствено сме се потсетиле на Рамковниот договор и на процесите да се доближиме економски до Европската унија. Да, затоа што тоа како обврска го има превземено претходната Влада и како сериозна Влада и покрај тоа што реформите се тешки и непопуларни меѓу граѓаните, ние ги спроведуваме реформите и благодарение на тоа од меѓународните претставници имавме потврда дека е  направен голем исчекор и од земја која била на работ на граѓанска војна, во овој период сме ја довеле во стабилна ситуација, сме направиле крупни политички реформи и за тоа го добивме кандидатскиот статус.

Велите да не очекуваме, од оние кои организираат протести да постават редари и да го регулираат сообраќајот. Јас токму тоа го очекувам од нив затоа што законот тоа го бара од нив. Ако некој организатор не е способен да го направи тоа, тогаш треба или да се откаже од организирање на протести, или да побара од Министерствотро на внатрешни работи да го направи тоа. Меѓутоа, ние имаме ситуација во која некогаш оганизаторите не го бараат тоа од Министерството за внатрешни раоти и не се способни да организираат проток и слободно движење на сообраќајот, како што имавме случај кога главните крстосници беа блокирани и практично и дури и Министерството за внатрешни раоти да беше замолено, едноставно не можеше да биде во состојба да најде алтернативни решенија.

Електростопанство на Република Македонија го спомнав само во контра реплика на господинот Караџоски. Меѓутоа, еве ќе ве потсетам, во вашата изборна програма пишува дека цел и задачи на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде, заклучно со 2003 година процесот на приватизација да биде целосно завршен.

Во изјавите на некои  ваши пратеници во тогашните дебати се вели, се бара преголем процент за приватизација на ЕСМ. Ако ги следите сите глобални движења ќе видите дека секаде се оди на приватизација од 51%. Ниту еден странски инвеститор нема да дојде да откупи малцински пакет акции.

Изјавите на пратениците на СДСМ, тогаш, беа потполно спротивни дека треба во законска процедура да се трансформира Јавното претпријатие и да се  приватизираат само одредени негови делови, што и се правеше во изминатиот период и се прави сега. Тендерот е само за приватизација на еден дел на ЕСМ. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски имате една минута контра реплика.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувана колешке.

Политиката ги прави овие протести, дефинитивно, е вашето незнаење и вашето неработење во овие три ипол години. Тука нема никаква дилема. Кажувате дека тоа е успешност и дека Европската унија го потврдила, но кандидатскиот статус, не знам кога ќе се претвори во статус на членка. Тоа никој од вас не може да ми го каже сега и покрај сите прашања во овие четири години. Од друга страна добиваме многу големи пофалби во однос на корупцијата која цвета во Република Македонија.

Во однос на она што значи судство, што апсолутно се трудиме да го измениме, да го деполитизираме, до колку за таква работа постои шанса.

Во однос на ЕСМ, повторно се навраќате. Јас ќе ве потсетам на говорите на вашите колеги пратеници, тогашни опозиционери и сега ќе ги прашам каде се сметките на оние што го продадоа ЕСМ.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Тоа ќе го прашате на следната реплика или контра реплика.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

Продолжуваме со работа.

Повелете господине Хасипи, имате збор.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Мене ми е жал што во овој момент опозицијата не е присутна во салата, не заради тоа што многу убаво ќе зборувам туку заради фактот, да ги слушне аргументите, бидејќи цело време предлагачите на законот беа напаѓани дека се обидуваат да воведат тоталитаризам и да спречуваат јавни собири во Република Македонија.

Господинот Жарко Караџоски во својот настап употреби една реченица, "се случува народот". Тоа ме потсети на едно друго време кога под српската верзија на оваа реченица "десио се народ", се случи она што се случи. Така што, тоа ми дава за право, гледано од денешна дистанца, да кажам дека не се случи народот туку се случија властољубците кои во име на народот го направија она што го направија, а цената ќе ја плаќа народот.

Сакам на самиот почеток да истакнам дека, иако се наоѓаме во предизборниот период, како предлагач на овој закон во ниту еден момент не се двоумев од потребата и оваа сфера да се регулира со конкретни законски решенија, независно од фактот што дел од опозицијата ќе се обиде ваквиот Предлог-закон да го окарактеризира како обид на Владата да го ускрати правото на граѓаните на јавно изразување на своето незадоволство, како фундаментално човеково право и политички да профитира, овој пат, за жал, на маката на недолжните граѓани.

Законот за јавните собири кој е донесен во ноември 1995 година, на граѓаните им овозможува слободно да го изразуваат своето мислење или протест заради остварување на нивните културни, верски, хуманитарни, социјални, политички, економски, спортски и други интереси. Ваквото законско решение е во потполна согласност со член 21 од Уставот на Република Македонија кој ја гарантира слободата на јавно собирање и изразување на своето мислење. Се би било во најдобар ред до колку досегашното искуство не покажа дека ова возвишено право не ретко беше злоупотребувано од најразлични политички групации чија единствена цел беше на маката на незадоволните, политички да поентираат и ништо повеќе. Ваквото искуство, злоупотребите претежно од политичка природа, масовното незадоволство на граѓаните поради попречување на нивните редовни активности, последиците по економијата на земјата, на што отворено предупреди Сојузот на стопанските комори на Македонија, ја наметнаа потребата од измени и дополнувања на Законот за јавни собири, преку кој од една страна на незадоволните граѓани ќе им се овозможи слободно да протестираат и да го изразуваат своето незадоволство, но од друга страна ќе се заштитат правата и слободите на другите граѓани, правниот поредок, јавниот морал и здравјето на луѓето. Наместо, како вистински избраници на народот во еден културен дијалог изнајдеме најоптималните решенија, почна тирадата на дежурните заштитници на Уставот,народните душегрижници и чуварите на човековите права и слободи. Си ги толкуваат уставните одредби по сопствен грб, иако и самите знаат дека интенцијата на едно уставно право е од генерален постулат, да се преточи во конкретна законска материја која не би оставила никаков простор за поинакво толкување, па ако сакате и поинакво практицирање на тоа право. Впрочем, било кое уставно право кое се практицира на начин што ги повредува правата на другите граѓани, треба да се нормира на начин кој ќе овозможи практицирање на тоа право, но со висок степен на заштита на правата на другите граѓани, за што ригидното толкување на ваквите уставни одредби можат да предизвикаат и крајности и што е надвор од секаква правна логика, а логиката на поддржувзчите на уличната демократија, господа е познатата "што полошо толку подобро", зошто целта не е да се заштитат незадоволните, туку да се поткопаат темелите на власта за политички да профитираат.

Впрочем она што веќе подолг период наназад се случува на нашите автопатишта, магистралните патишта, пристапите кон градовите, главните сообраќајници, раскрсниците, болниците, училиштата и сл., се жалната слика на една политичка филозофија која преферира улица место институции, сила место аргументи, хаос меѓу ред и правен поредок. Да бидам уште попрецизен господа. Јас никогаш нема да бидам против граѓаните јавно и слободно да ја изразуваат својата мака. Напротив, солидаризирам со нив во секој поглед зошто на овој студ да протестираат, ги натерало бедата и сиромаштијата. Но, секогаш ќе го кревам гласот против оние кои на маката на незадоволниците сакаат ефтино да профитираат и политички да поентираат. Таквите поединци или групи без трунка морал, под маската на божемни заштитници на народот и борци за човекови права и слободи, немилосрдно со популистичка реторика го посакуваат хаосот. Еве токму поради таквите се обидовме, како група предлагачи, со прецизни законски решенија да го нормираме ова уставно загарантирано право за да овозможиме операционализација и начленот 27 од Уставот на Република Македонија кој гарантира слобода на движење на граѓаните на Република Македонија, зошто, господо од опозицијата, колку за демократијата е важна слободата на јавните собири и јавното изразување на мислењето, не помалку е важна слободата на движењето на граѓаните заради редовно и навремено извршување на своите активности. Деновиве,

почитувани, не ретко гледаме жална слика кога меѓу масата на сиромашни, гладни и измачени граѓани, бивши профитери, новокомпонирани политичари или лидери, партиски извршители или сл., шират дефетизам и преку мегафони изигрworld поголеми католоици од папата. Зарем таквите што не знаат што е работа во рудник, тутунопроизводство или тешка физичка работа, можат да ја почувствуваат горчината на тешкиот живот. Нивното подбуцнување и поттикнување на уличната демократија е само поради политичко профитирање и гола борба за власт. Зарем навистина сметате дека тоа не го занаат рударите, тутунарите, млекопроизводителите. лозарите, земјоделците и сите други на кои по некој основ им се повредени правата. Со таквите треба да се преговара и во рамките на нашите економски можности да им се излезе во пресрет. Многу од нив успешно се разрешија преку разговори и подготвеноста да се изнајдат соодветни решенија. Ние тоа го правиме и во иднина ќе го правиме зошто одговорноста е наша, бидејќи сме коалиција на власт. Токму затоа господа сум еден од предлагачите на овој закон, зошто не сакам да носам маска, бидејќи маските кога тогаш паѓаат, зошто знам што е маката на тутунопроизводителите и на земјоделците затоа што потекнувам од семејство кое традиционално се занимавало со тутунопроизводство. Тежок и горчлив е тутунскиот леб, господа.

Денес од оваа говорница јавно го споделувам задоволството што Владата на Република Македонија изнајде решение да ги задоволи тутунарите.

Како еден од предлагачите на законот јавно изјавувам дека сум солидарен со сите оние кои поради мака, беда и сиромаштија протестираат по овој студ. Но, истовремено апелирам до нив да не ги блокираат автопатиштата, магистралните патишта, пристапите до градот, главните сообраќајници и раскрсници затоа што на тој начин оневозможуваат некој поради болест да стигне до лекар, некој на време да стигне на работа, друг на авион, а трет на достоен начин да биде погребан. Зошто на вашата мака со која треба да се солидаризираат сите граѓани, некои да прават политички маркетинг, а многу граѓани да ве напаѓаат само поради тоа што им се ускратени слободата на движењето, за да ги извршат своите секојдневни активности.

Организаторите на јавниот собир, согласно Законот за јавните собири е должен да го одржува редот и мирот и да овозможи непречено одвивање на сообраќајот. Уставот на Република Македонија преферира мирни и достоинствени протести со кои нема да бидат повредени правата на другите граѓани. Одредбите на овој закон токму тоа го овозможуваат.

Длабоко сум убеден дека опонентите на овие измени погрешно ги толкуваат одредбите на овој закон. Буквално, ама буквално со ниту една одредба од овој закон, почитувани граѓани не ви е ускратено правото на протест и на јавни собири. Впрочем, како што реков, нека стане било кој пратеник од ова Собрание и нека ја цитира таа одредба. Не, почитувани граѓани. Проблемот не е во спречувањето на јавните собири. Проблемот е во тоа што на политичките профитери не им одговараат правилата на игра зашто при јасни правила на игра им се смалува просторот за манипулирање и политичко профитирање.

Јас во ниеден момент не се двоумев да бидам еден до предлагачите на овој закон, зошто подеднакво ги почитувам и се солидаризирам и со оние кои со право протестираат, како и со оние кои со право сакаат слободно да се движат и да ги извршуваат своите редовни активности. Длабоко сум убеден дека истите оние кои денес, наводно ве поддржуваат, почитувани граѓани, уште утре, до колку дојдат на власт би ви го оспориле тоа право, затоа што тие кои предлагаат магла, во мага и заглавуваат.

Измените и дополнувањата на Законот за јавните собири, како и амандманите на Владата од кој дел, како предлагачи ќе ги прифатиме, дефинитивно прецизно ја нормираат и оваа сфера. Тоа со други зборови знчи дека граѓаните имаат право да протестираат кога сакаат и пред Собрание и пред Владата и пред фирмите кои ги обесправиле и на плоштади и на сите други места, освен на автопатишта и на магистрални патишта, на начин кој би го ометал сообраќајот, до болниците, на начин на кој би се ометал пристапот на брзата помош, до училиштата и детските градинки во време кога во нив престојуваат учениците и децата. Тоа е се, почитувани граѓани, а не сиот оној ешалон на клевети со кои не бомбадираше дел од опозицијата. Впрочем како би се чувствувале учесниците на јавниот собир, кога некои би ја ометале наставата на нивните деца, кога некои би им оневозможил нивните блиски да одат на лекарски преглед, или не дај Боже да бидат отпуштени од работа заради ненавремено доаѓање на работното место.

Ни една одредба на Уставот на кој толку ревносно се повикува дел д опозицијата, не ви го дава тоа право, право на спречување на слободното движење на граѓаните.

Мене ми е жал што членовите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците од опозицијата ја напуштија седницата на Комисијата, несакајќи да се соочат со аргументите, зошто народната вели "пред фактите и боговите молчат". Веројатно проценија дека парламентарната дебата е попогодна за популистичкото плукање по предлагачите на законот и по владината коалиција и притоа наивно веруваа дека времето им оди во прилог, бидејќи голем број протести сеуште се актуелни. Ние, за разлика од нив ќе разговараме со незадоволните и ќе бараме најсоодветни решенија. Впрочем тоа е и задачата на секоја сериозна и одговорна власт.

Длабоко сум убеден дека тоа е единствениот чесен начин да се справиме со проблемите и во тоа, бидете сигурни, ќе успееме, а вие продавајте мага, господа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојаноски имате реплика три минути.

**Блаже Стојаноски:** Продава магла тој што манипулира, а манипулира тој што ја извртува вистината, затоа што вистината е дека постои законска регулатива со која се штитат правата на движење на граѓаните, со која се штитат сите оние работи за кои зборуваше господинот. Затоа, манипулација е кога се вели дека тој бил за почитување, а некој друг не бил за почитување. Ние сме за почитување на тие права, тоа е регулирано во постојниот Закон, без притоа да се наруши уставното начело на право на јавен собир. Заради тоа ние бараме организаторот на овие собири и Министерството за внатрешни работи да си ги преземат сите оние мерки кои се предвидени во Законот за јавни собиро. Вие не сакате да зборувате за нешто што значи почитување на закон, туку зборувате за нешто кое отвора само простор за нарушување на уставно загарантираното право на јавен собир. Затоа сметам, тоа што сега се прави е само нешто што значи зборување за последиците, без притоа да се навлезе во решавањето на причините за собирањето на луѓето, за јавното изразување на нивното незадоволство и за нарушувањето на нивните права, затоа што и тие имаат нарушени права кои се однесуваат на се она што значи обезбедување на една социјална сигурност, намалување на сиромаштијата, почитување на законите во Република Македонија и се она што значи нормално функционирање на една демократска држава. Факт е дека во Република Македонија ги немаме тие услови и луѓето имаат право да се собираат, имаат причини за тоа, а вие немате право да го правите тоа, да им го ограничувате тоа со закон, туку ако сакате да направите некакви измени во однос на ограничувањето на ова право, тоа можете да го направите единствено со измена на Уставот на Република Македонија и слободно овде можете да дискутирате по иницијатива за измена на Уставот на Република Македонија, а не со закон да уништувате право кое е загарантирано со Устав. Затоа сметам дека она што го зборувате за сеење магла, го правите преку она што го зборувате. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Хасипи, имате една минута контра реплика.

**Кенан Хасипи:** Претседтеле, дали како предлагач на законот смеам да прекорачам една минута.

**Љупчо Јордановски:** Тука е овластен претставник на предлагачите и може да земе збор. Вие можете да земете збор по редоследот како што е.

Повелете имате една минута контра реплика.

**Кенан Хасипи:** Благодарам на репликата.

Зарем колегата пратеник смета дека сме толку наивни па ќе побараме асистенција на Министерството за внатрешни работи, со сила да ги растера демонстрантите, па после да бидеме оквалификувани како тоталитаристи кој го тепа сопствениот народ?

Два начини се за да се деблокираат патиштата. Едниот начин е да се најдат алтернативни патишта. За жал се блокираат и алтернативните патишта. Вториот начин е употреба на сила. Ова второто нема да ви помине.

**Љупчо Јордановски:** Не, јас го разбрав господинот Стојаноски дека организаторите требало да побараат асистенција на полицијата, ама господинот Блаже Стојаноски не одговори зошто организаторите не сакаат да побараат. Тоа е главната поента.

Има реплика господинот Фатмир Асани.

Повелете господине Асани, имате три минути реплика.

**Фатмир Асани:** Благодарам господине претседател.

Почитуван господине Кенан Хасипи, вие имавте демагошка дискусија, бидејќи често пати го користевте зборот солидарност, хуманост, ќе беше многу похумано и посолидарно доколку првите денови одевте во Прилеп и да се солидаризиравте со тутунопроизводителите во Прилеп и таму да ги решите проблемите, а не да бојкотирате. Тие по цели ноќи да бидат надвор, на асвалтот за да бараат да им се плати тутунот.

Многу ќе беше подобро како пратеник на оваа Влада вие да не дозволевте во тоа време тоа да се случи и со нив да разговарате на демократски начин да им го решите проблемот. Се знае дека 10 или 15 дена сите граѓани всушност тутунопроизводителите се на улица и се гледа дека оваа Влада нема слух и затоа тие се упатија кон Скопје со полна заслуга си ги бараат своите права. Вие немате право да го критикувате претходниот закон за собири, бидејќи собири имало и порано. Меѓутоа, сега кога доаѓаат изборите, кога народот е во голема сиромаштија вие барате да се бојкотираат собирите на местата каде што навистина не треба да има собири. Но, кога вие немате слух, кога не го слушате зборот на народот тие се принудени да направат собири и на клучните места кои што ја попречуваат Владата. Јас потполно ги поддржувам нив до крај, затоа што тие немаат поинаков начин за да ги исполнат своите барања и за да ве принудат вас да разговарате со нив.

Благодарам господине претседател.

**Љупчо Јордановски:** Господине Хасипи, една минута.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Прво, нема идеална власт.

Второ, нема ниедна земја во светот која што нема јавни собири и протести.

Трето, колку што знам од изјавите на претставниците на Сојузот на тутунопроизводителите најголемиот дел од нив е задоволен од разговорите со Владата и од она што го добија. Според тоа, не се работи за никакво манипулирање и демагогија, туку се работи за воведување на правила на игра за да се знае дека решенијата се изнаоѓаат во разговори, во преговори и во дијалог, а не во скратување на правата на останатите граѓани.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Заборавивте да кажете, постои и четврто нешто што се вика слободни и демократски избори на секои четири години. Тоа е четвртото. Не е битно, избори се и тоа е најголемата демократска придобивка.

Госпоѓо Костадинова повелете.

**Емилија Костадинова:** Благодарам претседателе.

Почитуван господин претседателе, почитувани присутни предлагачи, колеги и колешки пратеници,

Сосема накратко сакам да го искажам своето мислење зошто ќе ја дадам мојата поддршка на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за јавните собири поднесен од група пратеници. Искрено кажано тоа сега ќе го сторам, затоа што чувствувам грижа на совеста, зашто не го поддржав уште првиот предлог поднесен од пратеничката Славица Станковска. Се извинувам што ја спомнувам сега кога не е присутна. Сето тоа што беше кажано и од страна на предлагачите дека целта на предложените одредби е да се заштитат правата и слободите на другите граѓани, функционирањето на нивното непречено движење во остварувањето на секојдневните активности е сосема во ред, оправдано и прифатливо. Сосема е нелогично и недемократски за остварување на правата на одредени групи на граѓани кои сакаат да изразат некое свое незадоволство или револт од одреден проблем или состојба да се нарушуваат правата на другите граѓани и истите да не можат да ги користат јавните патишта и сообраќајници за навреме да стигнат на своите работни места, децата да ги однесат навреме во градинка или на училиште. Потоа, луѓето со здравствени проблеми и итните случаи навреме да ја добијат потребната медицинска здравствена заштита, а стопанските субјекти непречено да ги извршуваат своите активности, да не трпат загуби итн.

Дополнителен мотив за да го предложам овој предлог, имам и од доживеаното лично малтретирање и малтретирањето на многубројните други патници при доаѓањето во Скопје во периодот кога во неколку наврати и подолготрајно беше блокиран магистралниот пат Кочани-Штип кај селото Облешево и кога целиот источен регион беше отсечен од останатиот дел на државата, па да речеме и светот, бидејќи тоа ни е единствен излез кон светот и мораше да се бараат алтернативни патишта. Но, тоа значеше дополнително губење на време, а времето е пари.

Ќе ве потсетам на тој период со неколку цитати од тогашните дневни изданија. На 3.08.2004 година во "Дневник" и во "Македонија" по речиси двонеделна блокада на магистралниот пат Кочани-Штип во Облешево, од денес истата магистрала само неколку километри западно ќе ја блокираат граѓаните на општината Чешиново - 9.08.2004 година, "Дневник" и "Македонија" нова блокада. Облешевци ќе го прекопаат автопатот. Жителите на Облешево ќе го прекопаат магистралниот пат ако не им се врати општината итн. Повторно блокадите продолжија и по незадоволството од решавањето на статусот на седиштето на новата општина Чешиново - Облешево, наслов од "Вечер". Облешевци повторно го блокираа магистралниот пат Штип - Кочани, повторно "Вечер. По дваесетдневна одисеја на поларни студови Чешиновци вчера ја прекинаа блокадата и се повлекоа од регионалниот пат.

Зошто се навратив на тој период и на тие примери? Прашувам, каде беше тогаш моето демократско право и правото на останатите граѓани кои сакаа да патуваат по тој магистрален пат од било која причина, а тоа им беше оневозможено. Поради незадоволството од жителите на село Чешиново и село Облешево, каде да биде седиштето на новата општина. Тогаш и јас и секој оној што сакаше да дојде до останатиот свет, а некои да дојдат и кај нас, не можеше да го искористи тоа свое демократско право и да го користи магистралниот пат изграден со државни пари, кој треба да ни служи на сите граѓани подеднакво. Значи, правото на тие граѓани гарантирано со член 27 од Уставот беше повредено. Тогаш, многубројните патници и возила што сакаа да дојдат од останатиот свет користеа можност преку нивите, преку надојдената река Злетовица, ризикувајќи го сопствениот живот и изложувајќи се на дополнителни трошоци, заради поголемо нормално амортизирање на возилата кои се заглавуваат во калта и на сред надојдената река по студот да екаат, додека се туркаа заглавените возила во калта и реката, за да им се отвори патот. Тогаш, наместо да патуваме два часа до Скопје или за назад, патувавме многу повеќе или пак се враќавме дома среде ноќ.

Да не зборувам за штетите што тогаш ги претрпе целиот тој регион, за реакциите на сопствениците што доаѓаа и реагираат поради извозот што не можеа да го извршат навреме и бараа решавање на проблемот. Па, нели ние како претставници на народот требаше да им помогнеме да го решат проблемот што ни го изместуваа. Но, немаше сила и немаше институција што можеше да им помогне, затоа што тоа беше демократско право на тие граѓани и тие можеа да го блокираат патот додека сакаа и колку сакаа, а додека другите

граѓани можеа и да пливаат низ реката во студената вода.

Да не зборувам и за тоа дека претшколските и школските институции останаа без огрев, без нафта и не можеа да се снабдат, а беше кочан зима како оваа сега. Каде беше тогаш демократското право на оние студенти што студираа во Бугарија и кои не можеа да си дојдат дома или пак да се вратат назад. Каков углед остававме кај оние странски државјани кои сакаа преку таа магистрала да ја посетат соседна Република Бугарија или понатаму Турција. Или пак од граничните премини кај Делчево или Берово да влезат во нашата држава.

Значи, во името на сите тие граѓани што тогаш со часови чекаа на жешкото августовско сонце или подоцна на студеното време во калта и во водата на река  Злетовица, јас сега ќе гласам позитивно за Предлогот за изменување и дополнување на Законот за јавни собири. Сметам дека на грешките се учи и дека воопшто не е недемократски ако од праксата и искуството ги надополнуваме законите, за да ни служат на сите нас подеднакво. Ниту едни да се привилегирани, ниту пак другите да се дискриминирани. Сосема накратко тоа е мојот мотив и мои се аргументите зошто се јавив за збор со оваа кратка дискусија и зошто ќе гласам позитивно. А, за да не се повторувам со останатите дискутанти кои ја дадоа својата поддршка и ги изнесоа своите аргументи, ќе кажам само дека и нив ги прифаќам, бидејќи и тие се дел од моите размислувања. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Костадинова.

Господине Зуди Џелили имате реплика од три минути.

**Зуди Џелили:** Почитувана госпоѓо, вие и претходниот говорник пред вас имавте говори полни со емоции, морничави за судбината на нашите граѓани и за судбината на работничката класа и од друга страна сакате со овој закон да ги заштите интересите на работничката класа.

Која е несреќата на овој закон. Вие овој закон го предлагате и сакате да го донесете во време кога сме во пресрет на парламентарни избори. Значи во време кога работничката класа и граѓаните во Македонија се чувствуваат разочарани од политиката која многу вети од страна на оваа Влада. И сега опасноста од работничката класа од граѓаните и своите незадоволства да ги изразат преку јавните собири, вие сакате да им го ограничите ова право и на еден начин да ги дисциплинирате граѓаните. Но јас сум длабоко убеден дека вие овој закон ќе го донесете, имате парламентарно мнозинство но нема да можете да ги убедите граѓаните во идните избори да ви го дадат гласот бидејќи тогаш ќе го имаат правото, да го изгласаат слободно нивната волја со нивниот глас на самите избори, гласајќи слободно и демократски. Значи ова може да биде последната мерка која  ќе ја преземете за да ги ограничите изразот на слободата и правата на самите граѓани.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Костадинова, вашата една минута, повелете.

**Емилија Костадинова:** Благодарам претседателе, мотивите што ги изнесе почитуваниот колега не ги прифаќам од едноставна причина што нам сите граѓани ни се еднакви и како претставници на народот ние треба да работиме во интерес и за доброто на сите граѓани. Законите, како што реков, произлегуваат понекогаш и од праксата, значи праксата ги надоградува и се она што ќе констатираме дека е во интерес на сите граѓани на Република Македонија не е зло, ако еднаш сме згрешиле, втор пат да ја исправиме грешката. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господини Исни Шаќири имате збор, повелете.

**Исни Шаќири:** Благодарам господине претседател, почитувани пратеници, почитуван претседател, гледам дека ова прашање има поттикнато  интерес и е расправа за која што мислам дека во овој момент јас, како и многу други, ќе дадам своја проценка, во прв ред политичка проценка. Гледам дека мнозинството сакаат овој момент да го искористат за политички маркетинг пред изборите, меѓутоа треба да знаеме дека изборите не знаеме кога ќе се одржат дали ќе бидат редовни или вонредни, сепак, многу е рано да стартуваме од сега со еден маркетинг како што сакаме ние. Затоа што, вистина е дека населението е толку изморено од многуте расправи и дебати, кои што и одземаат време и понекогаш и ги засегаат нивните чувства, било да се душевни или други за многу прашања. Во оваа насока јас мислам дека треба да водиме сметка и да чуваме кондиција за изборите, затоа што е премногу рано. Законот како таков што се предлага од страна на пратениците на парламентарното мнозинство, вистина е дека е јак доказ, силен доказ и дека доаѓа од пратеници кои се во состав на мнозинството. Овој закон може да помине и без поддршката на опозицијата. Меѓутоа, уште на почетокот јас сакам да кажам дека е направена грешка голема што се однесува на моментот. Оваа грешка јас ја гледам во политичката димензија.

Би ги замолил предлагачите, меѓутоа и оние кои го поддржуваат овој закон, иако на почетокот е направена оваа политичка грешка дека не е изнајден вистинскиот момент за овој закон да биде во парламентарна постапка во време кога имаме протести речиси во секој град и  во многу населени места, локалитети во Македонија. Без да ги злоупотребиме овие ситуации во овие моменти, ќе настојувам да имам реален пристап и поблиску до нашата реалност.

Почитувани пратеници, кога го велам ова имам предвид еден факт, се бара измена на еден закон кој што е во однос на јавните собири или протестите. Прашање кое е гарантирано со Уставот дефинирано со Уставот, меѓутоа за многу проблеми зошто да не кажам и за сите проблеми Уставот како акт кој што е најсеопфатен правен акт бара преку законите да се пренесе, трансферира врз практичниот живот и тоа да се одрази и да се види кај граѓанинот, најобичниот граѓанин и затоа и законот ја има само таа форма а не поинаква форма. Меѓутоа во оваа форма и на овој начин како што се бара да се третира ова прашање јас повторно ќе речам дека  е сакале или не малку проблематично. И во оваа насока доколку го гледаме ова прашање, јас мислам дека ќе дојдеме до тоа што сакаме сите,  затоа што интересот на граѓаните е на сите без оглед дали сме опозиција или позиција. Вака треба да ги гледаме работите. Јас не сум за тоа да се искористи овој момент уште еднаш ќе кажам да се искористи за политички маркетинг. Ќе повторам уште еднаш дека е уште рано. Меѓутоа не сум и за тоа да поддржам закон кој што доаѓа во моментот кога јас сметам дека е во спротивност со многу начела кои што се утврдени, не само преку закон и преку Уставот, туку и преку тоа што е човечка и морална етика. Јас би го нарекол многу позначајно и ова го има покажано во секое општество, значи времето било и во општествата со помалку развиени демократии или во општествата со висока развиена демократија. Многу прашања го имаат најдено своето место, оставајќи на моралната етика, многу прашања нашле место и се уределе подобро отколку што може да ги уреди законот, што се однесува до проблемите кои што се надоврзани со овие прашања, посебно со протестите. Кога го велам ова, предлагачот бара, токму сега се засегна тоа прашање кое што е многу значајно, бидејќи законот токму тоа и го опфаќа. Законот токму тоа и го содржи.

Не треба да се одржуваат собири пред болници, пред здравствени институции, тоа е сосема нормално, тука нема дискусија. Кој е тој што ќе оди да организира протести пред здравствените установи. Што се бара таму? Ништо.

Еве, да поставиме друго хипотетичко прашање што се бара пред здравствената институција? Токму тука се гледа неморалната етика која постои кај секој поединец или група.

Се бара да не се протестира пред училиштата. Што се бара пред училиштата, училиштата не се институции кои ги решаваат проблемите на незадоволните луѓе, на луѓето кои го изразуваат својот револт и незадоволство. Ова се прашања кои не требало во овој момент да се дефинираат со овој закон како што го гледаат предлагачите на законот. Јас вака ги гледам работите. Не траба да имам изјаснување кое би било толку фанатично и екстремно, гледам дека ова е како што сакам јас и ќе го елаборирам така како што мене ми одговара и никому друг. Не треба воопшто да се бавам само со критики и напади врз предлагачите, туку предлагачите на овој закон требало да размислат за овој сегмент. Размислувајќи на ова рамниште и овој сегмент мислам дека прашањата кои се спомнати тука немало потреба да се употребат. Длабоко сум убеден дека е ова претерано и се стекнува впечаток дека сите оние кои излегуваат да го изразат својот револт и незадоволство преку протести како да не се свесни да разберат за што излегуваат на улица. Во прв ред имаат многу значаен интерес, интерес кој е првенствено во нивните чувства било лични или семејни затоа што имаме таква состојба каква имаме, но не треба да ја злоупотребуваме таа ситуација.

Имаме економска состојба која е исклучително тешка, проблемите се јавуваат од ден на ден и сега доколку се обидеме тие проблеми да ги решиме ограничувајќи ги протестите да направиме една законска контрола над протестите, мислам дека грешиме. Ова го нарекувам како политички гаф на парламентарното мнозинство во овој момент кога подготвуваме закони кои се многу значајни за Македонија за процесот на реформите, за процесот на интеграцијата и чекаме колку што е можно побрзо да ни дојде изборниот законик ние токму пред изборите, односно кога не делат неколку месеци пред изборите донесуваме закон кој и да не сака ќе не фати, како што се вели, ќе го најде моментот да не фати во мамка. Токму така. Зошто не го разбираме ова прашање. Тука не сакам да држам предавање, меѓутоа, уште еднаш ова ќе го наречам како наивност, политичка наивност во овие моменти да се предлага ваков закон.

Со ова сакам да кажам дека овде се губи време, време кое е многу скапоцено и кое може да биде ненадоместливо за прашања кое во моментот е многу релевантно и не го уредува ова прашање, напротив уште повеќе го револтира населението кое е веќе излезено на протести од многу причини, почнувајќи од приватизацијата на ЕСМ, проблемите кои се надоврзуваат со откупот на тутунот, проблемите што се надоврзуваат со земјоделските прашања и многу други прашања кои се значајни за нас.

Ние треба да прифатиме еден факт. Приватизацијата не се прави на прагот на изборите. Ова треба да ни биде јасно сакале или не, му се допаѓало некому или не, ова е прашање на кое сме му дале простор некој да го каже на улица кога во рамките на институциите во моментот не сакаме да го разбереме. Приватизација да, но не во овие моменти.

Друго прашање, зошто да не кажам, откупот на тутунот, ве молам, сум го имал истиот проблем со жителите на зоната 2 каде имало традиционални производители на тутун исто како што е традиционално производството во Источна Македонија. Се работеше за неколку тона со една сума на прари од околу 110 илјади евра, но

години на ред не им е платено на оние чиј интерес е и нивна пот и вложен труд.

Јас знам дека Владата, не можам да го прифатам образложението дека Владата немала пари, не можам да прифатам и тоа дека не се нашол модел за плаќање. Јас знам дека се прават разни пазарења и разни парични трансакции, на определени поединци за кои уште молчиме. Не 100 иљади евра, се говори за милион евра, но за тие работи молчиме, а се занимаваме со работи кои предизвикуваат проблеми секој ден.

Имам впечаток дека ние не сме прагматични, не сме во функција на нашите задачи и ова нас не чинело многу. Затоа прашањата треба да ги решиме со закони кои доаѓаат во момент кога воопшто не придонесуваат за решавање на проблемите. Кога велам дека не придонесуваат за решавање на овие проблеми, сега ќе беше многу пофункционално доколку пред оваа мерка, било која да е, дали тој што протестира пред таа маса на луѓе кои протестираат дали "Гласот на светлината" или тие што протестираат за ниските цени на тутунот и не навременото плаќање, било тие што протестираат од други причини, ќе ви кажм доколку се разговараше со овие луѓе верувам дека ситуацијата ќе се средеше и ќе немаше потреба да им сугерираме дека не треба да ги блокираат патиштата, тоа е вистина, тоа ја чини државата, нема потреба да им се каже да не протестираат, тие се свесни, меѓутоа, ќе ви кажам еден факт пред целата јавност која сакам да ја запознам. Јас како пратеник Хисни Шаќири, бидејќи не сакам да ја злоупотребам говорницата, во текот на локалните избори во Куманово што се случи? Се случи една многу смешна работа која треба да ја казнат структурите кои во себе имаат чувство и човечност и чувствуваат одговорност пред населението.

Знам едно лице кое говори германски се претстави на локална телевизија, ве молам внимателно да ме следите, пред завршувањето на кругот се претстави како лице од ДУИ, не сакам со име да го кажам, немој да се смееш господине Рафис Алити, гледајте, јас доаѓам од зона која има проблеми, но Куманово и Малешевијата уште не е излезена на улица и не треба да излезе, јас сум за тоа дека проблемите не се решаваат на улица, дали ме разбираш, не се решаваат на улица, биди внимателен и слушај ме. Излегува пред телевизискиот екран, промовира проект за преработка на млеко. Лицето кое е повикано за реализација на тој проект говори германски. Веќе сме февруари 2006 година, тоа се случи 2005 година, тоа прашање никогаш не се расчисти. Жителите на тие места чекаат затоа што имаат голема мака како што имаат и другите краишта. Ова покажува несериозност, ова покажува срам на сите нас кои сме претставници на работите кои во себе опфаќаат интриги и многу други работи. Додека не ги расчистиме овие прашања да знаете дека проблемите ќе ни се случуваат и со ниту еден закон нема да постигнеме да ги средиме. Законот е над се, законот треба да се спроведе, да се почитува од страна на институциите на оваа држава, но институциите ги составуваат луѓе, политички структури, но тие не се сериозни при претставувањето и во комуникацијата со жителите. Ќе ви кажам дека овие прашања не се уредуваат вака. Ќе завршам со еден апел заради не злоупотребата на овој закон затоа што сум длабоко убеден дека протестите треба да бидат организирани колку што е можно подобро од страна на организаторите и не треба да се применува насилство и да не се ограничуваат. Ќе ви кажам дека е момент овој закон од страна на предлагачите да биде повлечен во интерес на надминување на ситуацијата, во интерес на едно многу попродуктивно ниво, пофункционално ниво за ситуацијата која ја имаме сега, доколку сакаме, инаку што и да е овој закон би го нарекол како провокација кон масата која до сега протестирала. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Шаќири.

Повелете господине Хасипи, три минути реплика.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам претседателе, ќе бидам пократок, господинот Шаќири од говорница даде одредени политички квалификации на предлогот што го дадоа предлагачите дека тоа е провокација, дека ќе има контра ефект, напротив, ќе ги вжешти протестите.

Бидејќи господинот Шаќири ми е пријател во чија искреност и чесност никогаш не сум се сомневал. Не зедов збор за да му реплицирам, туку само да му речам пријателе не си во право. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Шаќири имате една минута.

**Хисни Шаќири:** Јас му се заблагодарувам на пратеникот Ќенан Хасипи. Исто така имам посебна чест во однос на овој мој колега, го сметам како познавач на многу проблеми, го ценам неговиот ангажман и неговата конструктивност. Вистина е дека ова прашање го кажувам со целосна убеденост не дека предлагачите сакаат да провоцираат, туку ова така се разбира. Го гледам од овој аспект, инаку би сакал да не е вистина како што го велам јас, туку реалноста така ја прифаќам.

Уште еднаш му се заблагодарувам за забелешката, но ова образложение што го давам сакам правилно да го разбере. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Асани имете три минутски реплика.

**Фатмир Асани:** Ви благодарам господине претседател, имав едно надополнување на делот од говорот на господинот Хисни Шаќири во однос на млекарата во Липково. Лицето беше еден мој близок пријател, беше Мумин Асани, вистина е дека имаше германска сериозна фирма која беше заинтересирана да отвори голема млекара во Куманово односно во Липково, да направи стотици вработувања, да му се дадат кредити за стока која не постои во општината, се изгуби во

текот на 2001 години, но лицето Мумин Асани беше измамен од страна на Владата, тој разговараше во Владата со многу министри, бидејќи тој не прифати оваа млекара да се отвори во Кичево, и во Западна Македонија тој излезе патриот и ја прекина оваа акција, бидејќи беше заинтересиран да се отвори токму во општина Липково. Чека подобри времиња за да се отвори оваа млекара.

Дискусијата помеѓу Хисни Шаќири и Ќенан Хасипи повторно беше маркетинг за тоа како се штитат еден со друг, фалејќи се еден со друг. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Иако не сте присутни 10 месеци брзо ги учите штосовите, сега вие реплицирате на реплика. Затоа ќе бидете успешен политичар, претпоставувам.

Господине Флоровски имате збор.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, сабајлево при една моја процедурална забелешка го употребив атрубутот или терминот селанец, но како карактерна особина, не мислев на луѓето кои живеат на село, кои се за почитување и доколку некого повредив со тоа сакам јавно да се извинам и големината на човекот е доколку некаде погреши јавно да се извини. Значи, се извинувам во сопствено име доколку некој се најде погоден...

**Љупчо Јордановски:** Е, не е баш секогаш така.

**Александар Флоровски:** Впрочем сите ние потекнуваме од село, колку и да ни се длабоки градските корени, корените си ги бараме во село. Сакам да се прифати моето извинување. Ја имам таа големина сопствените лапсуси, грешки јавно да ги кажам и во сопствено име да се извинам.

Пред се, се извинувам на луѓето кои живеат на село...

**Љупчо Јордановски:** Ако не сака да го прифати извинувањето, што тогаш?

**Александар Флоровски:** Нека е жив и здрав. Еве, јас јавно го упатувам и треба да се прифати.

**Љупчо Јордановски:** Тоа не е оправдување да се извините и да завршите работа. Можете се и сешто да кажето, па да кажете се извинувам.

**Александар Флоровски:** Големината на човекот е јавно да си ги признае сопствените грешки, за жал, многу малку луѓе ќе најдете во државата кои се функционери кои јавно ќе ги признаат сопствените грешки. Еве, мојата маленкост, сметам дека сум во рангот на еден обичен смртник, на еден обичен човек и во тоа име уште еднаш, по трет пат сакам да го упатам моето извинување.

Зошто впрочем излегов на оваа говорница?

Да расчистиме со некои работи кои на сите нас ни се општо познати, кои се случуваат во континуитет многу години наназад од сите политички чинители кои во период на опозиција делуваат, како што денеска се делува и тука нема лутење, тоа е основната азбука на демократијатал. Што значи демократија? Демократија значи народна власт, народна држава (демос и кратос) грчки зборови кои преточени на македонски значи власта на народот што не кореспондира со зборот анархија што во превод значи безредие, но има едно огромно движење во времето на царска Русија, така наречените анархисти кои анархијата ја толкуваат како демократија.

Значи, да расчистиме два поима. На кој не му е јасно уште еднаш ќе му повторам по потреба, но мислам дека работите се повеќе од јасни.

За жал, Македонија не е Велика Британија па да има сопствен Хајд Парк каде сите незадоволни ќе излезат и ќе говорат за своите проблеми. Живееме во една Балканска држава наречена Република Македонија во која односите се толку испомешани, толку извитоперени. Меѓу човечките односи се рамни на нула. Постои криза на моралот и сето она што значи негативни атрибути кои не сакам да ги спомнувам, за жал, Велика Британија, или за нивно добро, за наша жал, си ги има сопствените редови збиено, државата функционира безпрекорно, затоа го измисли Хајд Парк каде утре ќе оди некој и ќе говори за да некој го слушне, да си даде одушка на сопствената душа. Што се случува во Македонија?

Во Македонија се случува една најнормална работа што ја гледавме минатите 15 години. Како прв израз на едно народно незадоволство од постоечката состојба во која денеска се наоѓа Република Македонија. Од друга страна, стоиме пред едно големо искушение наречен предлог закон за донесување и дополнување на Законот за јавни собири кои не само позицијата, а и денешната позиција утре може да биде опозиција, па да им се врати сопствениот камен по сопствена глава, го толкуваме онака како што го слушнавте и гласот на опозиционите пратеници. Парадигми и примери можам да ви кажам мал милион дека луѓето кои штрајкуваат на улица не треба да се нарекуваат со најгнасните атрибути слушнати од говорницата на овој Парламент, дека тие луѓе го рушат системот, се кочничари за влез во ЕУ, го рушат концептот на оваа Влада, не и даваат простор да го обработи она што како идеја го има и треба да го пласира за едно понормално живеење во Република Македонија и не е чудно и необично и невообичаено кога ќе видите дека во разните делови на Република Македонија имате штрајкувачи од разно-разни типови, тутунари, Електростопанство на Македонија, тетовски универзитет на времето и сето она што како изблик од душата на Македонецот излегува затоа што господа, оваа Влада нема слух, нема сенс дека пожарите се гасат во зародиш, кога ќе се запали огнот, многу е тешко да се угаси. Огнот е веќе запален. Народното незадоволство, впрочем ако ги видите и сите сондажи, она што се говори по електронските медиуми, освен онаа државната, разно-разни рејтинзи кои се валидни и невалидни, но има еден фактички показател дека сите овие народни незадоволства се продуцирани

од политиката на актуелната власт, улицетворена во лицето на тројната коалиција СДСМ, ДУИ и ЛДП. Кој колкава улога и залог има во оваа коалиција незнам и многу не ме интересира, но едно знам господа дека на народот им сте дојдени преку глава и дека на следните парламентарни избори ќе се преселите од оваа страна на спротивната страна. Но, се надевам дека ќе дојдат луѓе кои ќе се спремни, бистри, умни, и ќе водат сметка за обичниот македонски човек. Кога говорам обичен македонски човек, говорам за тие 400 илјади невработени и говорам за сите оние кои стануваат од 5 наутро барајќи леб и работа. Овде слушнавме многу работи и добро што вака парламентот се отвори и претседателот воведе една нова практика нема дигресија, што сакам јавно да го поздравам, ова е општа расправа и добро е да ми допуштите во име на таа демокатија нас од опозицијата да кажеме, дас не кажам пролаеме нешто овде, знејќи дека имате мнозинство дека тоа што ќе го предлагате, дека ќе помине, во тоа јас воопшто не се сомневам, но повторно ќе кажам дека да не ви се случи сопствениот камен да ви се врати по ваша глава.

**Љупчо Јордановски:** Како рековте господине Флоровски?

**Александар Флоровски:** Да повторувам немам намера, затоа ќе продолжам господине претседателе, а можеме да полемизираме ако сакате.

**Љупчо Јордановски:** Ова ви е добро, сопствени-от камен по ваша глава.

**Александар Флоровски:** Не, по нивна глава. Зошто штрајковите ги кочат процесите. Слушнавме и други работи дека кога ќе дошле странците, кога ќе виделе што ни се случува, тешко на Македонија. А што мислите, дека странците не знаат што се случува во Македонија? Дека некој ги убедува дека во Македонија тече мед и млеко. Дајте луѓе да не се лажеме, да не се маткаме повеќе. Ги знаат работите многу подобро од нас, затоа што секојдневно имате по пишаните и електронски медиуми буквално се. Уште да завират во спалните соби на политичарите. Уште тоа го немате. Може ќе имате и таква работа. Значи, нема што да се крие, нема што да се браниме. Тоа е фактичката состојба угоре високо, удолу длабоко. Се наоѓаме во еден чуден меѓупростор, но за тој меѓупростор мојот колега Драго Шајноски како кибернетичар можеби знае повеќе да каже. За жал, не сме втемелени немаме темели. Работите ги градиме да висат на воздух. Зошто позицијата или луѓето кои штрајкуваат се кочничари за влезот во ЕУ. Со што тие луѓе ја кочат Владата и ги кочат процесите за влез во ЕУ. Дали сакаме себе да се лажеме, или сакаме македонската јавност, зависи кој како настапува и што ќе кажам, јас себе си не сакам да си залажувам дека тоа што се случува на македонските улици, низ македонските градови е состојба продуцирана од одредена политика која од матичниот македонски човек, окфалификувана како крајно  негативна, како крајно деструктивна. Во која смисла? Во финансиска смисла. Мислите дека обичниот Македонец го интересира влезот во ЕУ, скоро имавте референдум во Словенија, Словенците со огромен процент, т.е. беше сондажа се извинувам, во огромен процент се изјаснија дека се каат што влегле во ЕУ. Затоа што ќе влеземе некогаш, но кога таа вистински ќе заживее е знак на прашање. Значи, не прифаќам дека штрајкувачите се кочничари на процесот за влез на Македонија во ЕУ, која во догледно време е мислена именка за сите нас за жал, но таа е состојбата и тука ништо не можеме да направиме, се е во рацете на Владата, се е во рацете на актуелната власт, таа е упатена, таа треба да знае што треба да работи, а ние по потреба каде што треба ќе помогнеме за доброто на Република Македонија.

Беа спомнати дека се работи за еден партиски профит, или гола борба за власт. Па господа, која политичка партија не се бори за власт и спроведување на програмата која ја презентира пред македонската јавност, со надеж дека ќе донесе благодет на граѓаните на Република Македонија. Зарем СДСМ 1992 година не се бореше за гола власт. Ветуваше брда и долини, а денеска немаме ни низини во Република Македонија, затоа што земјоделието умре, тутунарството умира, буквално сето она што 1991 година го направија уставотворците, како стратешки производи на македонската држава, денеска таа буквално нема ништо. А кои беа уставотворците господа предлагачи? Уставотвор-ците беа членови на СДСМ, олицетворени во ликот на тогашните тн., експерти, господата Фрчковски, Поповски, Китановски и една во наводници плеада на доктори на науки по право и тие го скроија членот 21, како фундаментално право на граѓаните на Република Македонија, јавно да изразуваат протест. При тоа, нормално, да ги известат надлежните органи, во случајот полицијата. Тука нема никаков проблем и дека сите оние што штрајкуваат навреме ја известуваат полицијата по писмен пат, кој како документ мора да стои. Тоа го имаме многу пати поминато ние како политичка партија во тоа време ВМРО-ДПМНЕ, верувам и СДСМ и тоа е една нормална процедура. Но, сето во наводници што ни се случуваше во оваа држава имаме, без некој да се навреди еден ненормален предлог. Зошто велам не нормален? Јас говорам за предлогот, не говорам за луѓетео кој го пишуваат. За мене говорам. Без притоа некого да навредам.

Зошто ова го велам? Членот 21 од Уставот е многу јасен, а тој е базичен, или темелен акт врз кој треба да се градат сите законски и подзаконски акти. Уставот е темел на државата и врз него се градат буквално сите законски проекти, ако ова писание можеме да го наречеме закон, т.е. Предлог за изменување и

дополнување. Во десетина члена овде. Има некој проблем овде во Собранието?

(Со седницата продолжува да претседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието.

**Слободан Најдовски:** Мене ми дофрлуваат господине Флоровски. Продолжете.

**Александар Флоровски:** Човечки е да прашам, да нема насилие во Собранието. Да има една добра волја, еден дух, дајте малку освежете се, не е се така црно мајка му. Ние сме тука да критикуваме, вие сте да ги браните предлозите. Нема тука ништо страшно. Само не треба да се сфаќаат трагично работите воопшто. Кажуваме она што мислиме, она што е наше размислување и никој не треба да ни го земе за зло нашето кажување. Мислиме дека даваме некој придонес. Ако мисли некој поинаку дајте цела опозиција да си оди па работете, носите што сакате. Ако на мене се однесуваат одредени нагодувања, но, потпретседателот ми кажа дека не било наменето кон мене и тука ќе завршам со овој дел. И ќе продолжам во истиот стил. Спомна некој од пратениците дека нема идеална власт. Точно, никогаш немало и ќе нема власт по мерка на сите луѓе. Тоа е утопија. Тоа не може да се оствари. Секогаш ќе имате опоненти или еден стар термин опортунистички настроени под политичари и луѓе. Тоа не може да се постигне. Но, зад овај лош хуман идеал се крие нешто друго. Дека оваа власт не е идеална, но блиску до идеалната е. Јас ви велам нешто сосема друго. Дека не само што не е идеална, туку, ако ја рангираме е под скалилото нула. Одиме во адот, во пеколот, ако беше тоа размислувањето на господата кои спомнаа дека нема никаде идеална власт. Знаете ли што говорат обичните луѓе и тука обезбедувањето. Вака велат: "Флоровски во ваше време да брцневме ќе најдевме некој денар во џебот, а сега каде да брцнеме, џебовие ни се празни. А ВМРО ДПМНЕ беа криминалци, крадци, арамии. Уште во живо сеќавање ми е настапот на господинот Гошев, со кој имав една добра комуникација како пратеник, кој овде од петни жили и низ митинзите говореше, дрште ги арамиите, дајте да ги апсиме. Што ќе се случи кога ќе дојде нова власт? Треба истото да го прават тоа што го правеле претходните двајца премиери? Па ние да викаме држте ги арамиите, дајте да отвораме  нови затвори. Се ова е во контекст на овој предлог за јавни собири, затоа што и јавните собири се продуцирани од нешто. Никој верувајте, ги спомна некој од пратениците, на минус 20 не е будала да излезе да мрзне ако нема проблем. Значи, проблемот постои, проблемот се генерира,проблемот се акумулира и не се решава што е најстрашно. Се нама сенс, слух, да се слушне гласот на обичниот човек таа власт е далеку од идеална господа. Верувам дека и не претендираат да влезат како идеална власт во Гинисова книга на рекорди, како земја со најидеална власт во светот, од постоењето на светот. Таква работа нема. Штрајковите ја трошеа власта. Еве еден термин турски. Ова се вели мижи Асан да ти бајам. Зошто штрајковите ја трошеле власта, затоа што власта бара изговор за сопственото неработење. Власта нема да се троши ако ги реши проблемите навреме. Една работа господа треба да сфатите. За да немате граѓански немири, за да немате штрајкови, за да немате масовни немири треба на време да ги средите работите. Детето ако не плаче, мајката не му дава млеко. Некој плаче, се слуша вапај, како што велат Србите, повик, бараат спас луѓето. Звучи патетично, но и вистинито. Тоа е факт. Значи штрајкувачите не ја кочат работата. Главниот генератор барајте си го во овие лилјакови клупи, за жал, нема никој да не сослуша, толку изгледа и не есапат како пратеници. Изборите се блиску, септември, октомври, ноември, незнам кога ќе бидат, не е ни битно. Барем некој да се најдеше да не удостои да дојде. Сепак, е даден еден предлог од пратеник од позицијата, треба да се најде некој да ни одговори на овие прашања. Можеби и јас сум во криво, можеби размислувам поинаку. Можеби грешката и проблемот се кај мене. Нема никој од Владата. Политички биле менаџирани собирите. Па, да. Што е тука чудно. Има ли нешто чудно во политички менаџирани собири. Од кој аспект го говорам. Дојдовте 2002, ја земавте метлата, исчиствте буквално се, од фирмите се што беше ВМРО-овско и тие луѓе сега се на улица. Што да им правиме. Сте ги избркале ВМРО-овците дури 2100 души од Електростопанство на Македонија. И уште да ви набројам милион и една фирма каде што буквално на клоци ги избркавте ВМРО-овците. Без нервоза господа, се во добар дух и во добар амбиент, оставете го потпретседателот, тој е главен тука, тој раководи со мирот во оваа средина и треба да воспостави мир. При тоа го замолувам да не го ангажира обезбедувањето, имаме сите толку како пратеници елементарна култура да се разбереме со збор.

**Слободан Најдовски:** Госпоодине Флоровски, само за момент.

**Александар Флоровски:** Нека си зборуваат.

**Слободан Најдовски:** Не ви говорам вам. Јас цел ден ги  молам пратениците да не дофрлуваат и оние кои што се цел ден овде се воздржуваат. Оние кои што ќе дојдат по еден час и тогаш сакаат да дофрлуваат. Ги молам пратениците да не дофрлуваат. Ако не се способни да слушаат, тогаш нека излезат. Продолжете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Претседателе, не се тревожете.

**Слободан Најдовски:** Воопшто не се тревожам, меѓутоа сакам да има мир во Парламентот.

**Александар Флоровски:** Се е минливо и менливо, панта реи, денеска сме тука, утре господ знае каде ќе бидеме, дали на улица, дали дома. Не е битно.

И ова е демократска работа некој да дофрли и ние дофрлуваме некогаш. Како таков го сфаќам јас овој плурален Парламент, без притоа некој да ме навреди, да ме опсуе. Инаку, нека дофрла, нема лутење. Тие дофрлаат, ние дофрламе и тоа е добро додека овде си дофрлуваме. Лошо е на улица да се гледаме како душмани.

Мислам дека конечно и ние ќе сфатиме, можеби не овој состав, некои други луѓе оптоварени, неоптоварени, што значи вистински плурално општество. Впрочем и не е тајна ние да си кажеме, овде се расправаме, но знаеме многу пати заедно кафе да се напиеме. Да нема чувство нашиот народ дека си ги вадиме и тука очите и надвор си ги вадиме очите. Си комуницираме најнормално. Но, политичките ставови си се политички ставови. Тука нема лутење.

Значи, сето што го кажувам не е со зла намера. Не е со злоба, не е со заднина, да му наштетам, некому да направам лошо. Но,вистината морам да ја говорам. А вистината е дека оваа Влада е "идеална". А, контра идеално знаете што значи.

Па видете, се сторило хаос во државата, па јас не давам таква квалификација на работите. Хаосот е продуциран од некого. Од истиот тој што треба да го спречи хаосот по демократски пат. А, што значи тоа? Тоа што е ветувано 2002 година, барем дел, минимум да исполни. Тогаш слушавме дека тутунот ќе се плаќа по 150 денари. Не знам колку сега се плаќа, Владата нешто интервенираше, успеа да ги омекне ставовите. Нешто научи оваа влада, кај што бургијата не буши парите бушат. Но доцна се сетивте. Народното незадоволство тргна. Тоа ќе биде се поголемо и поголемо, господе до изборите и ме плаши да не ескалираат работите за време на изборите. Тоа не смееме да го дозволиме и како позиција и како опозиција. Да се гледаме преку нишани е страшна работа. Туку, да си отидеме најкултурно, да си заокружиме, да си гласаме. Кој ќе победи, нека владее. Тоа е гласот на народот. Но тој глас на народот тешко дека ќе биде, господо, на ваше конто, на денешната номенклатура што владее. Тоа морам да ви го кажам. Можеби сте разочарани, можеби не се движите многу меѓу луѓето, но факт е дека на народот му е доста од вакво владеење.

Како што нас не казнија 2002 година, реков се тече, се се менува, дојде и вашиот ред и вас да ве казнат. На кој начин? Ќе изберат друга политичка гарнитура. Па и таа ако не чини, може пред време да си оди. Па повторно да се врати некоја стара. Тоа е плурално општество, плурално живеење. Сакавме демократија. Не сакаме едноумие. Ако беше едноумие, 99% од пратеницуве нема да беа присутни во овој Парламент. Тоа е факт. Но добро е, имаме сопствена држава, имаме сопствен Парламент, што мене потполно ме исполнува и мислам дека главната цел на оваа нација е оваа македонска држава.

И, ќе продолжам во истиот дух, затоа што, знаете, кога се бранат работите, мора аргументирано да се бранат. Овде, не само предлагачите, туку и од позицијата слушнавме ноти на поддршка кон предлагачите на овој текст, што апсолутно не успеаја мене да ме убедат дека е баш така. Значи, Македонија се наоѓа во една економска катастрофа, да не кажам, ако работите брзо не се променат, господо вие од гарнитурата, таа ќе добие облици на катаклизма. И, станавме сведоци, дури на појави, мислам можеби глупаво звучи ова што ќе го спомнам, да почине стечаен работник пред камерите на А-1 телевизија. Луѓе нешто невидено. Па ни се случува на клоци во Куманово да ги исфрлаат од канцелариите од Министерство за труд и социјална политика, луѓето на минус 15 степени на минус 10 степени, не знам колку било. Сликата што излегува е многу лоша. Говори за состојбите во Република Македонија. Според тоа не оценуваат сите оние што како емисари, како ан кесеџии шетаат и ја шпартаат Македонија уздуж и попреко и даваат оценки на разно-разни европски судови, форуми.

И сега, ваквите измени што се нудат, може се добронамерни. Точно дека има одредена група на граѓани што реагираат спротивно. За име на вистината се обидувам да бидам реален. Но, повторно работата се враќа на Владата. Доколку Владата ги реши сите проблеми во врска со ЕСМ, во врска со тутунари, во врска со разно-разни штрајкувачи, тие, верувајте, ќе си седат дома и ќе нема проблем на улица.

Сакам да го кажам следново, вие како чинители на власта, како партии што ја поддржувате оваа Влада, направете максимални напори оваа влада да има слух кон сите. кон земјоделците, тутунарите, кон избрканите работници, стечајците и не знам уште колку категории на луѓе обесправени, најдени на улица кои не можат да врзат крај со крај. Живеат од ден за ден. Буричкаат по кантите и ѓубрињата. Продаваат старо железо и ги сечат шините за да ги продадат, да купат пет-шест килограми леб за децата. И, замислете, господинот Бучковски ми оди во Либија, а овде во државата се случува хаос. Ќе го примел Муамер Ел Гадафи. Бучковски оди во Либија, а Гадафи се сонча на либиските пустини или јава на арапски коњ. А, во државата се случува карма - каша.

(Дофрлање од место)

Јанаќе, кажи дали сум во право или не?

Да, јавно велиш не сум, а приватно велиш дека сум.

Ако господинот Бучковски како премиер на оваа Влада сакал да ја види Либија, можел и приватно да оди. Ако сакал да се бања на Средоземно Море можел и преку лето да отиде таму. (Дофрлање од место)

Има врска господа.

Велите хаос, се кочи се. Државата пропаѓа. А премиерот се бања на Средоземно Море. Дали се бањал не знам, дали понел купачи, не знам. Ќе купи од таму, од фри-шоповите.

Тоа сакам да ви кажам. Ние, како домаќини луѓе, семејни, ако во семејството постои хаос, зар треба да го оставиме семејството дома да се испоколе, а ние, што јас знам, фатиме џаде некаде само да не ги гледаме глупостите што се случуваат.

Тоа е пример, тоа е парадигма, државата е едно големо семејство. А главата на семејството, во случајов премиерот не ни е тука. Ни се случува хаос. Па, да не кажам, премиерот што опкружување има. Што да ви кажам?! Се ум до ум. Нека си направи еден кризен штаб надвор од таа Влада,од доверливи луѓе, нека си ги активира и нека ги гаси пожарите. Инаку, му предвидувам многу лоша политичка иднина. Ќе биде лидер на ептен јака опозициона партија. Пак во наводници ова го мислам, јака. И, ми говореа дека оваа Влада има направено прогрес. Сакам да слушнам во што. Во што има направено прогрес. Во која област? Освен она што секогаш го поздравувам, како признавањето од САД и она што влеговме во тој ходник на Европската унија во кој што ниту крајот не можеш да го видиш од стотина метри, а ние сме на скалилото. Колку да ни ја отворат вратата да ѕирнеме што се случува внатре.

Нема прогрес, нема многу позитивни работи, нема со многу нешта да се пофалите. Значи, работите некако не ви се движат во добар правец, господе, ја утнавте работата. Некаде платината шмелцува, ви залепила. Живеете во друг свет. Дека се е добро, фактички ништо не е добро.

И, кога ги избркавте овие клети ВМРО-вци кои не сакате да ги видите, а уште помалку да ги слушнете, што направивте? Направивте класично партиско општество. Од судство до вработување и буквално до сите сегменти.

Некој ццка од овде, ама ќе му кажам една друга работа што ја слушнав вчера на А-1 телевизија. Министерството за здравство одвоило 200 илјади евра од заштедените пари од минатата година, божем од татко му ги заштедил и ќе купат 17 возила за инспекцијата да биде помобилна."Форд фокус".Па симпатични возила и за некој од функционерите ,знаеме како оди таа работа. Но нема да се земе сега, кога ќе се заврши мандатот. Тоа турски се вика сара-бара, во превод тебе-мене, ја тебе тендер ти мене возило.

И откога ги избркавте, повторно ќе кжам, ВНРО-вците, вчера исто така на А-1 слушам дека примате нови кадри. Бркате лекари и сестри а примате лекари и сестри. Што е разликата меѓу лекар ВМРО-бец и лекар од СДС, ако тој е квалитетен? Нема разлика. Ако е подобар тој од СДС секој ќе оди кај него. Нема да оди кај овој од ВМРО, затоа што нема име, не успеал да направи ништо. Останал на тоа ниво.

Значи, ако така мисли да се движи ова општество, ова наше државиче од 25.000 квадратни километри со 2 и кусур милиони жители, продолжете. Продолжете, но кога ќе се освестите ќе биде многу лошо освестувањето, ќе станете мамурни, глава ќе ве боли, ќе се чудите што ви се случило. И, некој друг ќе вика 15-ти септември, како што викавте, по едно вработување. Точно, го остваривте. Таму каде што имаше 3 остана еден. На двајцата клоците, надвор.

И уште една работа што не сакам да ја спомнам, се случи во едно мало градче во Македонија, знаете ли какви работи се случуваа? На директорот, што го поставивме ние, директорот од СДСМ му даде четка и рачка, вели , бидејќи слоганот ви е "Главата горе", оди да го искречиш таванот.Цело време човекот кречел, главата горе да му биде. Па , да , човечки ли е бе луѓе? Се има ли малку усул, се има ли малку човечко? Да не бидеме ѕверови едни према други, да бидеме луѓе. Затоа што не можам Јанаќе јас да го гледам денеска како душман или било кого овде од вас. Па, страшна работа се случуваше, господа.

И, се чудите, луѓето биле на улица?! Па навистина, ако повикаат сите политички партии што се во опозиција на генерални митинзи, па да не знаете каде ви е главата и оној другиот дел од главата. Што тогаш ќе правите? И, се блокира, навистина, цела држава? Ќе одиме на предвремени избори?

(Дофрлање од место)

Нека бидат во декември. Јас ќе бидам солидарен со сите пратеници, како ќе одлучат. Сепак, мора да се чуваме како пратеници, бидејќи никој од Владата не не есапи. Ајде, ние сме опозиција, ама вие пак сте позиција па никој не ве есапи, за жал, туку им служите како гласачка машинерија.

Во сета оваа работа, некој спомна каде се членовите на Парламентот во сета оваа папазјанија. Што ние, како членови на Парламентот како опозиција можеме да помогнеме? Ништо. Ниту можеме да се обратиме кај некого, ниту некој не слуша, ниту некој не есапи. Но, вие господо, можете да сугерирате на министрите. Луѓе кои доаѓаат од Прилеп, пратеници од позицијата да проговорат за фактичката состојба, па тие од Охрид, охридската пастрамка се краде или било што е проблем, да се реагира едноставно. Или, кажете дека сте немоќни, не ве слушаат министрите. Не сакаат ниту да разговараат. Имавме и ние министри кои не сакаа да разговараат со нас и беа надмени. Божем господ им го дал ова место, па не не есапеа. А, ние моравме да гласаме, да останат како министри.

(Дофрлање од место)

Ова е тека почеток. Ова е пледоаје или вовед или увод во сето она...

**Слободан Најдовски:** Ве молам за законот сега господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Господине потпретседателе, сето ова што го говорам е во функција на законот.

**Слободан Најдовски:** Не, не само ве прашувамдали може.

**Александар Флоровски:** А, што е законот, пет членови? Ова е дополнување на законот. И сега, ако се префрлам на законот, ќе останам уште саат време. Не сакам тоа да го направам. А, има да се говори за членот 1 што значи јавен морал, кој термин е тој, што сакаше да каже текстописецот со јавниот морал.

Амандманите не ги гледам. Знам дека направивте измена. Јас ова го гледам. Кога ќе дојде текстот ќе говориме за амандманите. Не се тревожите толку. Знаеме толку што се амандмани. И од Владата и од вас има. Колку, 13 амандмани има? Ќе говориме.

Значи, членот 21 од Уставот на Република Македонија е темелник и на некој начин заштитник на правата на граѓаните на Република Македонија. А, тоа значи право на јавни собири, без притоа да се наведе дали тоа ќе се одвива пред Влада, ќе се одвива пред Парламент, ќе се одвива пред некое министерство и тн. и тн.

Јас не сум правник, ги читам и ги кажувам работите онака како што ги пишуваат. Јас ги пишувам на македонски. Сега, Уставот ми е таму, да не го земам и да го цитирам, многу го спомнуваа, но јасно говори дека се гарантира правото на јавен собир.

За да не се обвинува опозицијата, а не знам колку стои опозицијата, оти сепак гледам помал број на граѓани, господо, ќе ве потсетам на една друга работа, што ја искористивте успешно. И нема лутење тука. Тоа е азбука на демократијата.

Она што 2002 година беше, го направивте со новинарите, дојдете, тука сме, тепајте не, не знам каков им беше слоганот, па сите тие после станаа портпароли на разно разни министерства. Господе, колку успешни новинари - портпароли тоа е чудо невидено. И, ние не се буневме за таа работа овде. Воопшто не отворивме расправа. Штрајкуваат, штрајкуваат. Нивно легитимо право е да штрајкуваат. А, правото на Владата е да ги смири тие штрајкови без насилие, без употреба на сила. Што, во случајов, Владава и не го прави. Лошо ќе биде ако употреби сила. Значи, работите мора културно да се средуваат. Таму каде што треба да се плати, да се плати. Она што е произведено а ветено дека ќе се откупи, да се откупи.

Не може да се манипулира со јавноста, со обичните луѓе. Еднаш ќе ги излажете, два пати, но трет пат не ќе можете да го излажете, верувајте.

Затоа што има една македонска поговорка која господ знае дали е точно: народот имал кратко паметење. Можеби е обратно, народот и памти многу работи, особено она лошото што му е направено. И одговорот ќе биде брз, многу брз на следните парламентарни избори кои се оваа година. Значи, ако членот 21 е темелник и врз него се градат сите други законски акти, овој член 21 го пишуваа луѓе од СДСМ. Господа, не знам од каде е причината да се менуваат одредени одредби.

Да ве прашам, говориме за стечајциве, говориме за тутунарите, говориме за разни категории на луѓе кои штрајкуваат надвор. Па попатно да спомнеме и некои други работи, одредени проневери во Министерството за труд и социјална политика кое исто така е објавено, па во Паркови и зеленило. Тој директор сега е амбасадор во Канада. Многу му е гајле што ние овде говориме. Битно е што тој си ја заврши сопствената работа, но ќе видиме, претпоставувам дека ќе има ревизија на многу работи, анализи на изминатово 4 годишно работење.

На крај сакам да ги прашам господава предлагачи, една многу обична македонска работа на македонски јазик. За да не дојде до, ако може да кажеме вакви искричина, препукувања , па и критики, добронамерни, не со зла намера апсолутно. Зошто вие господа предлагачи не седнавте заедно со сите релевантни политички партии да седнете и да донесете едно писание кое ќе ги реши сите овие наши и ваши и заеднички проблеми. Јас ќе подржам било каков закон, ако е добар и квалитетен без при тоа да видам дали беше потписник од СДСМ, од ВМРО, од ЛДП. Зошто не го повлечете ова што денеска го расправаме, седнете направете анализа на работите, договорете се и законот, т.е. измените на законот да ги донесеме едногласно, да бидат задоволни и тие што штрајкуваат, да бидат задоволни и луѓето кои се спречени при тие штрајкови да ги обавуваат своите секојдневни потреби. Зошто не појдете, што ќе ви падне круната, ореолот ли ќе ви падне? Седнете, разговарајте, дајте создадете една позитивна клима, тоа е во интерес на сите нас. Точно е дека се губат и пари и тоа е факт, но уште поголем е фактот дека луѓево оправдано излегуваат на улица. И кога ќе се најдете меѓу чекан и наковална многу тешко е да се одлучите, те маваат и одозгора и одоздола. Затоа и спомнав, седнете заедно со опозицијата вие владеачките партии повлечете го текстот, направете едно добро решение и што би рекол нашиот народ: и волкот сит и овците на број. Многу е тешко да се фаќа страна во една ваква ситуација, од една страна да им се ускрати правото на сите што штрајкуваат оправдано, а од друга страна па имате луѓе кои апсолутно немаат врска со работиве, а не можат да си ги обавуваат своите дневни потреби. Како што и Блаже кажа, ако е вистина горе на Плетвар онаа случката со сватовите ги терале да го играат "тешкото". Мислам една не добра работа, ако било така. Тоа не е добро. Но,исто така не е добро да се занемарат проблемите на луѓето. Еве, Јанаќе, ти доагаш од крај кој произведува вино, грозје. Тој проблем може утре да се јави. Значи постои тој проблем, значи, Владата не ги решава работите. Па нека ги решаваат, затоа се влада, затоа се министри, затоа се шетаат, секаде летаат со авиони, затоа трошат пари на македонските даночници. Па за што се поставени министри, да одговараат на пратенички прашања, па и тоа го

прават после пет месеци, година дена, па има пратеници кои што чекаат одговор и две години. Па не може министер да биде облечен во "Версаче" одело, да носи балдинини кондури и незнам што, еве јас сум министер и да си ги врши сопствените приватни работи, да вработи членови од семејството. Па не може ваков однос. И наместо цехот да го платат министри, господинот премиер да направи една чистка да се растерети од она што значи непродуктивни луѓе, тој не презема ништо. Повторно ќе кажам, се гаси кога жарот ќе се појави, а не кога оганот ќе се распламне. А Македонија гори економски, па и политички. А што ќе правите утре ако ве притиснат вашите коалициони партнери и ви бараат еднакви права за борците на ОНА со оние што ја бранеа Македонија. Што тогаш ќе правите? Па заборавате дека некој од тука повикуваше, не од тука, од некое друго место од западна Македонија дека доста се трпи јаремот на славомакедонците и при тоа никој не сноси санкции за таа работа. И сега овие тутунарите ја кочат Македонија, на патот кон Европа, ја рушат Македонија на секој чекор. А премиерот го нема никаде. Се сонча на бреговите на Средоземно море, па не го примил ни Гадафи, за жал за македонската држава. Зошто давате квалификации на улична демократија, кога утре вие од позиција на опозиција ќе го правите истото. Имате право како политички субјект да повикате за прашања кои сметате дека таа Влада е актуелна утре, или задутре, не работи добро, да го повикате вашето членство и да негодувате, да штрајкувате , да парализирате. Па во времето на Маргарет Тачер во Велика Британија имаше две години штрајкови од 2.000.000 рудари, две години блокирана цела Велика Британија. Па на никој во Британскиот парламент и Британската влада, внимавамте една конзервативна Влада на Маргарет Тачер не и падна на памет да ги забрани штрајковите и да ги минимизира. Жртва падна водачот на рударите, синдикалниот водач тогашен Артур Скаргил, Велшанец.

Тука мислам дека ќе завршам, освен ако некој нема желба да го коментирам текстот. Но, имам забелешки, а мислам дека ќе има расправа и по текстот, ќе се јавам и по самиот текст. Мојот апел, ако можам да апелирам на некого, текстот да се повлече, госпоѓата Грковска е потпишана, таа е гласноговорник во име на овој текст, ја прифаќам и како предлагач, затоа и нејзе и се обраќам, да се повлече текстот, да се седне со сите политички чинители пред се парламентарни, па и она што значи најмала пратеничка група, седнете, преработете го и да се направи еден текст кој е соодветен и ќе одговара и на позицијата и на опозицијата, а најмногу ќе одговара на она што значи граѓанство, на она што значи народ на Република Македонија. Доколку успеав со ова што денеска тука го изложив во овие кратки црти да ве убедам во нешто, сигурен сум дека не успеав да ве убедам да гласате спротивно на предлогот. Мислам дека не само што е битно, круцијално прашање е, затоа што ова што денеска го работиме треба да важи за следните 20, 30, 40 па и 50 години за да не се случи секоја политичка гарнитура да си носи соопствени измени и дополнувања на било кој закон. За жал, во македонсково Собрание имаме една лоша практика ни се случуваат многу закони, многу брзо трпат измени и промени. Во тој смисол е и мојот апел госпоѓа Грковска, доколку сакате, доколку имате желба, доколку имате волја, добра волја ова да помине, повлечете го, седнете, направете заеднички текст да не се препукуваме овде и уште во месец февруари започнуваме со политички кампањи. Мојот настап точно е дека беше политички, но и сите пред мене што настапија, настапија политички и ги ставивме аргументите на маса. Што е она што држи од моја страна, што е она што држи од ваша страна, а вистинскиот судија нека бидат граѓаните на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Има збор пратеникот Ристо Пејоски.

**Ристо Пејоски** : Почитуван потпретседателе,

Ќе бидам необично краток , анегдотски краток, слушајте ги досегашните дискусии можат да се одвеат две тенденции, две политички крајности. Едната божем заговара преку законот политика со морал, а другата заговара божем политика без морал. Додека го слушам големиот прасок од тој гигантски судир во Парламентарниот микрокосмос се сетив на еден изонреден пример за една јапонска фирма која постојано ја поместувала границата на продуктивност нагоре. Нејзиниот последен обид се состои во следната реализирана идеа. Досетливите фабрички психолози направиле гумени фигури на личностите од менаџментот и ги поставиле во кабини во кои можело во потполна изолираност да се влезе и да се излезе. И што се случило? Работниците влегувале гневни, а излегувале расположени со насмевка. Секое утро распарчените кукли ги заменувале со нови. Трошоците биле минимални во однос на порастот на продуктивноста. Повлечен од оваа идеа, предлагам по дизниевиот принцип на возможни невозможности, тоа е онаа состојба кога прави неколку чекори којотот кој се наоѓа над провалијата и се струполува за одново да излезе жив и здрав спремен повторно да биде изигран. Значи, предлагам да се изградат сали надвор од сите автопати, надвор од сите магистрални патишта за да не се попречи уставното право на слободно движење. Во тие маргинални сали да влегува маргиналниот народ и слободно да го користи правото на протесет. Но, во салите се подразбира да има гумени фигури за сиот политички менаџмент од државата и нормално секое утро одново да се заменуваат за да не го троши народот гневот на парчињата од тие кукли. Оваа идеја колку да звучи апсурдно, некому и смешно ќе биде извонредно тло за нашата

вклучена интелегенција распространета по академиииите, универзитетите, медиумите да изготви плејада на научни трудови за политичката потсвест на исклучените од автопатите, магистралите, за исклучените од работа, за исклучените од правото да живеат достоинствено, за исклучените од правото да бидат среќни. Но, навечер одкако народот ќе излезе од тие сали на гневот, тивко да влезат без никој да не им смета политичките елити да погледнат во очи, ако ги најдатна своите распарчени гумени симболи. Што ќе постигнеме со овие сали на гневот? Народот ќе влегува гневен, гладен, несреќен ,а ќе излегува задоволен, насмеан и ќе им се придружи по автопатите, по магистралните патишта на оние кои брзаат на работа, на оние кои брзаат на ручек и нема да се разликуваат од нив кога минуваат покрај Собранието, пред Владата, ќе исчезне разликата меѓу ситиот и гладниот, а владиниот ној ќе може да ја извлече главата од песокот бидејќи настапило чудното време на поговорката: "куче лае, мече трае".

И на крај, во САД имало човек црн, или бел, во Њујорк или Вашингтон, не е важно кој учествувал на сите демострации, леви или десни, или централни и сите го прифаќале. Зошто? Затоа што носел универзален транспарент на кој пишувало: "засрамете се". И се прашувам како оние кои предлагаат ваков ограничувачки закон не можат да видат илјадиници со тој транспарент. Ако го видат тој транспарент, ако го прочитаат, лесно ќе им простиме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Пејоски.

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе, дами и господа пратеници,

Искрено да ви кажам денес и вчера одкако почна расправата за законот за измени и дополнвување на Законот за јавни собири колегите искажаа голем дел од забелешките, претежно колегите од опозицијата, а колегите од позицијата го бранеа законот од петни жили бевме сведоци како се брани законот. И после сите овие дискусии, јас можам да издвојам само две прашања кои јас си ги поставувам, а веројатно си ги поставуваат и другите луѓе кои размислуваат како мене, а не мора да се пратеници.

Првото прашање е, кои се причините за ваквата измена на овој закон, не оние што се наведени во Предлогот за измени и дополнувања од страна на предлагачите.

И второто прашање е, зошто да се бара сега законот да се менува. Тие се две клучни прашања на кои опозицијата два дена дебатира и за кои сметам дека се прашања кои вреди да бидат разгледани и вреди владеачкото мнозинство да подразмисли од потребата за донесување на ваков изменет закон, или измени на постојниот Закон. Јас лично не верувам дека, ниту предлагачите на законот колегите пратеници можат да дадат одговор и на првото и на второто прашање токму од причини што припаѓаат на политичкото мнозинство и на парламентарното мнозинство во Собранието. Затоа јас ќе се потрудам да кажам некои аргументи, иако во некои можеби ќе се повторам со колегите, меѓутоа ќе бидат концизни и се надевам дека ќе влијаат на вашето размислување при гласањето за овој предлог за изменување и дополнување на Законот за јавни собири. И вчера почитувани колеги од некои од предлагачите слушнавме некои чудни аргументи со голема доза на театралности, не само вчера, туку и денес дека тие многу се загрижени за правата на граѓаните нормално да живеат и да ги обавуваат своите функции. Дури и се предлага и некоја колона и на чело на колоната да има друг пратеник и после да се бараат, со таа колона да си ги бараат правата луѓето кои не учествуваат во протестите. Нели е малку дволично и малку лицемерно ваквото повикување во денешни услови, во денешни услови, зборувам и за денешниот и за вчерашниот ден и за деновите кои претстојат кога на Владата и на владеачката коалиција се случуваат различни протести од оние кои се во главниот град организирани од страна на Здружението "Глас на светлината" и кои се однесуваат на забрана за продажба на ЕСМ на Македонија, па протестите со тутунопроизводителите кои како што кажа и колегата го блокираат градот Прилеп, човек да не може ниту да влезе, ниту да излезе. Но, со право, сигурно луѓето од мака протестираат, не дека сакаат да протестираат, туку си имаат мака.

И сега со помош на некои од колегите пратеници се успеа да се институнационализира тој нивни проблем и Владата да им вети, само да им вети, кога ќе им даде тоа е прашање, 30 денари премија за килограм тутун, кога се закануваат протести од страна на воени инвалиди и т.н. од Куманово, бевме сведоци на протестите на луѓето, трудови инвалиди од Куманово и сега во овој период да се бара промена на Законот. Јас сметам дека токму сега се инсистира Владата да го реши овој проблем, на сите идни протести кои ќе дојдат, до завршувањето на мандатот на оваа владеачка коалиција, затоа што со овие протести може да се изврши определен притисок врз Владата бидејки друг начин не постои, нормален начин, освен протести на граѓаните за да остварат определени права. Тоа сигурно му билона ум и на уставотворецот кога го ставил членот 21 во Уставо тна Република Македонија, од 1991 година. Вака, со овој Предлог за измени и дополнување на Законот, сметам дека добра шема разработила владеачката коалиција, како на најбезболен начин да се елиминираат сите идни можни протести од различни групи на граѓани, незадоволни граѓани кои сметаад дека на нивните права никој не мисли, од нив само се бараат обврски. Јас не ја знам кујната која сето тоа го зготвила, но ми е жал што граѓаните пак ќе

бидат кабаетлии. Во секој случај тие се кабаетлии.

Почитувани колеги, вие не сте свесни какви се тензии покренавте со ваквиот Предлог за изменување и дополнување на Законот за јавни собири, затоа што мислам дека ги насскавте единствено граѓаните и тоа оние граѓани кои протестираат, визави граѓаните кои не протестираат, на кои им се ограничуваат определени права на движење и на користење на определени услуги. Значи доаѓаме до степенот граѓанин против граѓанин и сега вие тука му доаѓате како олеснувачи, ќе му се јавите на македонскиот народ како олеснувач и велите, еве овој закон е едно решение, го фаворизирате законот, овој закон е многу добар, ќе бараме негови измени и дополнувања. Според мене е апсолутно небитен закон во овој момент и апсолутно небитен за иднината на Република Македонија. Во вакво море од небитни закони ние ќе ја промашиме Европската унија, верувајте, од толку големо море на вакви закони, прво неограничувачки затоа што секаде каде што е дозволено правото на јавни протести и на собирање, ние сега го ограничуваме и велиме, на тие и на тие места можете да протестирате, вака предлагаат предлагачите. Дали ќе биде сувоен, тоа зависи од парламентарното мнозинство. Но, искрено да ви кажам, што и да правите, какви закони да минат во Собраниеот на Република Македонија, вклучително и овој закон до крајот на мандатот, вие не можете да се заштитите од вашите досегашни погрешни потези, а верувајте дека граѓаните на Република Македонија знаат да казнуваат за таквите погрешни потези кои ги прави Владата.

Сега ќе поминам на одговорот на второто прашање кое сама си го поставив, а требаше и вие да си го поставите за да знаете дали треба да се предложи ваков закон и дали воопшто треба да го изгласате овој закон. Значи, зошто сега овој закон?

Сега јас да прашам, нели овој Закон беше донесен во 1995 година, нели овој Закон функционираше до сега. Според мои сознанија, функционирал. Сега, како после 11 години од неговото функционирање, решивте да го менувате одој Закон. Добар беше кога почитуваниот лидер на Синдикатите, Муратовски, ги организираше протестите. Нели беше многу добар овој Закон кога сегашниот потпарол на Владата и плејада сегашни потпароли, а тогашни новинари штрајкуваа тука, свиреа и велеа - овде сме тепајте не. Тогаш беше добар. Добар беше кога имаше блокади пред Штип, кај Три Чешми, кога се продаваше Текстилниот комбинат "Македонка", па ние од Штип моравме преку Неготино да дојдеме за Скопје. И тогаш беше добар Законот. Тогаш, почитувани колеги за вас не беше добар Законот, одличен беше затоа што беше насочен или протестите беа канализирани кон актуелната тогашна власт. Тогаш ви одговараше. Сега вам пак ви се случија, почнаа за територијалната организација, тоа прашање го покрена колешкака Емилија Костадинова, со Законот за територијална организација на Република Македонија, блокадите кај Облешево, блокадите кај Чешиново, ајде Владата успеа некако таму со компромисно решение и со притисок и од страна на премиерот и на минситерот за локална самоуправа некако да ги убеди граѓаните да се дојде до компромисно решение, па една општина оваа, а седиште во другата општина, па сега доаѓаат блокадите со тутунарите, дали ќе продолжат не знаеме, зависи дали Владата ќе го оствари ветувањето, па блокадите на главниот град на Република Македонија против приватизацијата и продажбата на ЕСМ и сега го и маме тука Балтазар и Балтазар има решение. Четворица пратеници предлагаат измени и дополнувања на Законот за јавни собири. Владата вика јас не го предложив законот, еве јас можам само да дадам мислење од три-четири реда, па Владата поднесе и амандмани и тоа 6 амандмани, со три се согласуваат предлагачите, со три не се согласуваат и не ги прифаќаат, па мнозинството во Парламентот квалитетно си притиска зелено копче и на крај излегува, јавни собири можете во Хајт Парк.Најубаво можете таму да си ги држите јавните собири, протести, митинзи, се таму. Ама има една разлика меѓи Хајт Парк и ова што се случува во Република Македонија. Таму барем имате едно ќоше, качени луѓе на подиуми и кажуваат. Тука кај нас и подиум нема да се обезбеди за да можат луѓето да ги кажуваат, слободно да размислуваат за своите работи или да протестираат, едноставно да протестираат незадоволни од определено решение. Сега наместо, почитувани колеги, ние да се фокусираме на причината поради која се јавуваат овие протести, поради која се јавуваат овие собирања и овие блокади кои во континуитет постојат во Република Македонија, а тоа е дека Владата треба да им дава можности, да нуди перспективи за економски развој во Република Македонија, а ние заборавивме што беше тоа економски развој. Ние се фокусираме само на изборите, да бидат фер и демократски, економскиот развој некако таму чека, 150-ти е на ред. Значи наместо да се фокусираме на подобрување на економската положба и да нема потреба граѓаните да протестираат, дали премијата ќе им биде 30 денари, 60 денари, дали ЕСМ мораше да ја почне приватизацијата и на тој начин да се ограничи правото на протест на граѓаните, со самото тоа што, ако тие имаат доволно пари да платат струја, вода, да не се секираат дали можат на децата да им купат неопходните потреби, да може да се прехранат. Искрено да ви кажам не верував дека некој од граѓаните ќе излезе на протест или јавен собир каде ќе бара некое право кое според сите стандарди се установило дека му припаѓа. Затоа сметам дека на стариот Закон од 1995 година

ништо не му фали, апсолутно ништо. Но, од небулозноста на овој предлог, читајки го и споредувајки го со она што е дадено како предлог од страна на колегите, искрено да ви кажам си псотавив едно хипотетичко прашање. Еве на пример Карневалот во Рио Де Жанеиро, од определени причини не може да се одржи таму и они определуваат да се одржи во Скопје Карневалот. Сега, колегите предлагачи во членот 1 со кој бараат да се надополни предлогот, значи правото на граѓаните на јавно собирање може да се ограничи заради заштита на слободите и правата на други граѓани, правниот поредок и јавниот морал. Со основниот Закон е дозволена забава, под јавен собир се смета и забава. Сега тука ми е малку симптоматично, јавен морал, Рио Де Жанеиро. Јас не верувам дека ќе се дозволи Карневалот да се одржи тука во Скопје, токму заради ваквите предлози, мислам конкретниот предлог од страна на колегите предлагачи. Значи, апсолутно сметам дека овој закон, не дека не е потребен, не дека нема потреба сега, не дека постојниот Закон, таков каков што е ги покрива сите области. Апелирам до предлагачите, затоа што тука Владата веќе е чиста, нема потреба, предлагачите културно да го повлечат законот со допис од сите четворица, затоа што едниот рече дека не е потписник на законот. Значи, останатите четворица колеги да го повлечат законот, да си останеме така како што сме утврдени со Уставот, членот 21, со членот 27. До сега немавме проблеми и за слободното движење и слободно право на јавни собири. Така што, уште еднаш моето апелирање до колегите предлагачи е да го повлечат законот, да не си се брукаме сами и тука на надвор во Европа, бидејки тој закон не ни е толку неопходен за побрз влез во Европската унија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓице Грковска имате реплика.

**Славица Грковска:** Јас мислам дека ова Собрание треба да носи закони, не само за тоа што се неопходни за влез во Европската унија, туку закони кои во одредена смисла ќе подобрат или ќе решат одредени пробелми во државата. Не знам зошто и во изминатите години, некако ни е лесно да најдеме изговор, во обврските што ги имаме спрема Меѓународната заедница, за реформите што треба да ги спроведеме, место да сватиме дека тоа се прашања кои треба да ги направиме за наше добро.

Не знам зошто во излагањата некои колеги упорно се повикуваат на погрешен текст на законот затоа што, знаете, предлагачите штом ќе прифатат одредени амандмани и штом ќе поднесат амандмани на текстот, тие стануваат составен дел на законот. Значи сега зборуваме за сосема поинаков текст на законот.

Не знам зошто е толку атрактивно прашањето за јавен морал, што ги испровоцира колегите да го коментираат во секое нивно излагање.

Еве едно хипотетичко прашање, јас нема да се осмелам да коментирам за Рио Де Жанеиро, на пример да дојдат луѓето да протестираат пред домот на колешката Којзеклиска и да речеме колешката Којзеклиска и нејзината фамилија д абидат оневозможени еден месец воопшто да не можат ниту да влегуваат ниту да излегуваат од дома. Како ќе се однесува. Тоа е право на јавен протест, меѓу другото.

Апсолутно сме свесни за политичкиот момент, апсолутно сме свесни дека во ваков момент, какви да било решенија, и најбезазлезни решенија, како што се во предложените измени, ќе добијат вакви политички конотации, најмалку во онаа смисла и во онаа намера со која сме ги предложиле. Меѓутоа, и покрај тоа што сме свесни за политичката штета што би можело да ни ја нанесат ваквите дискусии, токму заради политичката димензија која се дава на предлогот, јас сметам дека треба да ги донесеме овие измени затоа што се во функција на остварување на уставното право на граѓаните и за одржување на јавен протест, истовремено за гарантирање и овозможување на уставното право на останатите граѓани, на слобода на движење. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска имате една минута контра реплика.

**Марија Којзеклиска:** Точно е дека овој закон нема да не спречи да влеземе во Европската унија, ама ќе ни го забави, троа, процесот за влез во Европска унија, посебно затоа што се однесува на ограничување на демократијата. Знаете вие европјаните колку се осетливи на демократија и права на граѓаните.

Второ, ако јас сум заслужила, сум ветила, а не сум остварила нешто, слободно нека дојдат граѓаните и нека протестираат и во право се. Сум ветила дека ќе завршам работа, не сум ја исполнила. Затоа се случуваат протестите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидете внимателни, претпоставувам дека како пратеник многу работи сте ветиле, иако сте од опозицијата. Сте ветиле, сигурно знам, вие ако сте од опозиција, затоа не давајте такви изјави, а сигурен сум дека и да се смени власта, а овој закон биде изгласан, не верувам дека ќе го вратите назад истиот закон, баш заради тоа, да не ви ја блокираат куќата и да не можете да излезете. Бидете внимателни со изјавите. Не верувам дека нешто не сте ветиле и како пратеник во опозиција.

Повелете господине Манев имате збор.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе, почитувнаи колеги пратеници, почитувани пратеници подносители на овој Предлог закон.

Имајки предвид дека скоро два дена паднаа доста дискусии, ќе се обидам да бидам што пократок во моето излагање и да се осврнам исклучиво на правниот дел на овој закон, без многу политика по истиот.

Најнапред, бидејќи зборував и на Законодавно-правната комисија и таму и понудив на колешката Славица Грковска да го повлече овој закон, кое нешто го правам и сега, а тоа од следните причини:

Сметам дека со ништо не го убедија Парламентот, пратениците, дека постојат причини за донесување измени и дополнување на овој Закон и дека со овој Предлог, измени и дополнување, ќе се подобри правниот систем во Република Македонија. Напротив, такво нешто нема да се случи. Може да се случи нешто полошо.

Овој закон, основниот Закон донесен 1995 година е донесен од истата владеачка структура која што е денес и малку посилна од сега, бидејќи тогаш СДСМ можеби имаше 70 пратеници. Сметам дека тогаш и тие пратеници го почитувале Уставот при донесувањето на тој Закон и донеле Закон со кој скоро се решени сите состојби по однос на причините и овозможувањето на граѓанските права и слободи за луѓето да протестираат во одредени случаи кога ќе оценат дека тие имаат потреба од такво нешто.

Што е причината која што ја наведуваат потписниците за да го поднесат овој закон, овие измени и дополнувања. Основно се наведува дека со овој закон, ако не е вака како што тие го предлагаат, се кршат човековите права на граѓаните кои, тоа стои во Уставот, дека имаат право тие да се движат на територијата на Република Македонија каде што сакаат. Истото нешто го пишува во Уставот дека граѓаните на Република Македонија имаат право да протестираат без да е ограничено нивното место на протестирање. Сега, тие предлагаат дека не може да се протестира односно амандманот поднесен од Владата се сведува на тоа дека не можат да протестираат на автопатиштата и другите регионални патишта, како и пред школите, болниците, таму каде што има деца, забавиштата. Сметам дека ни до сега никој не одржал протести, мирни протести пред некое школо, пред некоја амбуланта, освен ако имаат право на штрајк вработените во амбулантата, тие можат таму мирно да протестираат. Сакам да кажам дека граѓаните немаат таква потреба.

Ние мораме да навлеземе во суштината на законот, кој протестира и зошто протестира. Многу лоши примери даде госпоѓицата Славица Грковска дека таа со нивното семејство, нивни роднини, нивни пријатели ќе ги повика и ќе направи еден мирен протест пред Бучковски. Сметам дека нема потреба да се протестира пред Бучковски и никој не оди да протестира пред Бучковски, туку одат да протестираат пред Владата. Владо Бучковски е премиер на Владата и него го бараат да му кажат одредени прашања, проблеми кои ги имаат и дали тој може или Владата да ги решеи. Инаку, поединечно никој не оди кај него и нема потреба. Нема потреба и таквите примери кои ги даваат, да отидат пред вратата на пратеник. Такво нешто имаше во претходниот Парламент, преминување од една во друга партија, може само тие што гласале, а инаку не. Толку се свесни граѓаните, многу повеќе од нас овде што дискутираме, што ќе бара од Ефтим Манев или од било кој да му ги реши проблемите, на пример да му го реши прашањето за тутунот, да го реши прашањето за грозјето, да го реши прашањето за било кој случај сега што штрајкуваат. Тоа, во цел свет, па и кај нас е проблем Владата.

Дали, ако се донесе овој закон ќе биде мир во Република Македонија и никогаш нема на било кој автопат или друг регионален пат да излезе ниту еден. На кој начин ќе ги спречи? Ќе излезат и ќе застанат и пак ќе треба да оди полицијата да употреби сила. Во постојниот акон има решение и за тоа, кои коли да се пуштат, кои луѓе да се пропуштат по автопатот. Ако не сака Владата ниту да излезе таму на лице место каде што протестираат овие луѓе, тогаш нема да ги пуштат. Зошто е протестот на патиштата? Мислиме дека тие се толку несвесни луѓе? И тоа како се свесни. Тие тоа го прават да обрнат внимание на Владата, на Парламентот и на секој субјект политички кој може да помогне во разрешување на нивното прашање. Доколку ова се оттргне, како што некои говореа, да ги однесеме на Водно или било каде или во парк да штрајкуваат, тие таму можат да штрајкуваат една година, но никој нема да ги види. Ова се прави за да се обрне внимание и да го решат пролемот, да се обидат да го решат, а веројатно целосно не. Ако прифатеше Владата уште првите денови, веројатно ќе имаше ден, два или три дена, повеќе не. И, на крајот повторно се реши со компромис. Ги повикаа и го решија проблемот. Овие луѓе се многу покомпромисери отколку ние што се занимаваме со политика. Тие прифаќаат и знаат што може, а што не може. Наместо 60 денари, им се даде 30 денари и тоа го прифатија. Неспорен факт е дека за истиот артикл, за тутунот Бугарите имаат едно евро, Србите едно евро, а овие наши граѓани прифатиле дека Република Македонија е во тешка економска состојба и се сложиле со половина евро и со 30 денари. Да не сметаме дека тие луѓе се до тој степен шизофрени или болни, па тие ќе рушат се. И до сега имало безброј штрајкови или протести мирни, па кога се случило на патот каде што има таков протест да останал човек со болно дете или било што на пат. Тоа никогаш не се случило. Измислени работи ги кажуваше господинот Кондарко, а измислени работи кажуваа и другите, поединечни случаи.

Неопходно е Владата и Парламентот во донесување на поинакви закони ние да успееме тутунарите да го вратат здружувањето или било кој облик на здружување, дали синдикат, за да имаат со кого да преговараат, да не ги оставаме сами на патот да штрајкуваат и сами да се здружуваат по однос на нивниот поблем кој што го имаат. Во тој дел треба да интервенираме. Јас говорев и на Законодавно-правната комисија дека

неспорен факт е што може да се интервенира во овој закон, но не сега. Интервенираа колегите токму кога ги имаше протестите. Овде има лекари, поготово ако те боли забот никогаш стоматологот не ти го вади забот веднаш, туку ќе го лечи, ќе го излечи, па потоа ќе го извади. Во овој случај кога има протести, најнапред треба да ги смириш протестите и во една мирна атмосфера да се донесе законот, а не ваков. Мислам и да го донесеме ваков каков што е, многу луѓе, многу пратеници спомнаа дека Европа ќе каже дека тоа не е во ред. Земете ја Франција. Пред три-четири месеци, не знам кога беше, невидени демонстрации од страна на граѓаните, рушење, палење по 300 возила дневно. Дали употребија било што.

**Љупчо Јордановски:** Само прогласија вонредна состојба.

**Ефтим Манев:** Да, но колку дена? Чекаа. Во Франција, во Грција автопатиштата се стопираат, се преговара и кога ќе завршат преговорите, кога ќе се најде решение соодветно, реално, и ако излезе одредена група која што сака да прави неред и насилство, тоа го пишува и во Уставот, пишува и во законот, кој сака да го наруши системот, веројатно во Франција, тоа што протестиравте, бидејќи овие граѓани некои што реагираа сакаа да го нарушат системот на Франција. Тоа е тоа. Нашиот проблем не е таков.Граѓаните многу лесно го прифатија одговорот и мирно си отидоа. Никој не сака на минус 20 степени да седи на автопат или било каде.

Затоа, уште еднаш би предложил да го овлечат законот, бидејќи овој закон најмногу проблеми и задава на Владата, зошто Владата не го поднесе. Исто така, дали овој закон е во согласност со Уставот, не можат овие мои колеги, не знам колку има правници меѓу нив и кој го поднел, малку нека побараат експертиза по однос на човековите права, бидејќи се судираат две човекови права различни а на исти граѓани, тоа се граѓаните на Република Македонија. Вие имате право да правите мирни протести, вие имате право да се движите по патот. Е, сега, кога ќе застанат на патот, овие се обесправуваат, тогаш што треба тука. Треба да се најде решение, колку дена, колку часа, во кој период кој да се пропушти. Инаку, не може да се забрани автопатот и нема никогаш да се забрани, па и да се штрајкува и да постои законот, само ќе се радикализира. Тие ќе станат радикални, уште посилни, подемонстративни, затоа што сакаат да го скренат вниманието, сопственото внимание да види Владата што се прави. Страдаат одредени граѓани по однос на своите извршувања на своите работи, но тоа го прават со цел и тие да им се придружат, да викнат малку кон Владата за да го реши проблемот. Затоа, сметам дека во оваа состојба најпаметно е да се повлече законот, да се смират состојбите. Не треба да носиме закони кога настануваат состојби. Ние знаеме во 2001 година што се случи и на крајот го подвргнавме случајот што се случи дека е по однос на човекови права. Дали е така или не, историјата ќе каже. Но, исто може да се случи и сега. Затоа, треба малку поумно и попаметно и нека ги прашаат експертите. Јас не ги потценувам колегите, имаат право за поднесување на измени и дополнувања на Законот, но прашање е кој до која степен е квалификуван во таа област. Не значи дека во 1991 година Уставот е донесен така, да ги има и двете компоненти, да имаш право и тој да има право, а едниот ако го користи правото, другиот му попречува. Значи, треба тоа во законот да се најде, како. Велам, не со овој начин бидејќи овој начин забранува на едниот. Не може да забрани, треба да му каже како  ќе го реши проблемот, така што и двете странки да бидат задоволни, а за тоа има начин. Нека побараат експерти и јас можам да им го предложам тоа и да им го решам. Но, не побараа ниту еден д опозицијата, така што седнаа пет души, дали на Владата и требало, и беше страв на Владата да го направи тоа, но не се прави баш така лесно закон за една таква осетлива работа, која што засегнува во човековите права на граѓаните. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Манев.

Госпоѓице Грковска имате три минута реплика.

**Славица Грковска:** Бидејќи беа спомнати и други искуства, премиерот на Белгија во октомври 2005 година изјави по повод генералниот штрајк организиран  од синдикатите во земјата дека нема да преговара под притисок на улицата. Меѓутоа, нема да штрајкуваа железниците, а се очекува и меѓународните возови да се движат нормално во текот на денот. Во Њујорк  веќе реков, забранет е штрајкот на јавната администрација, а Синдикатот беше казнет со казна од еден милион долари дневно, синдикалците се соочија и со затворска казна поради непочитување на законските прописи, кои забрануваат штајк на вработените во јавниот сектор. Во Италија во генерален штрајк во организација на трите најголеми синдикати, меѓутоа заради обврската да се обезбедат минимални услови на граѓаните, јавниот транспорт и јавниот сообраќај не беа целосно прекинати. Во Брисел полицијата во Стразбург употреби солзавец и огнени топови, за да ги растера пристанишните работници што се упатија кон Европскиот парламент на масовни протести. Демонстраторите фрлаа петарди, камења, метални предмети и тн. Потоа, ќе го кажам примерот со Германија. Во Германија треба да побарате дозвла за штрајк, а доколку не ви дозволат имате право на суд да побарате дополнителни, доколку одлуката на судот е конечна. Во Хрватска, покрај овие места кои што ние сме ги навеле во законот, имате забрана во радиус од 100 метри од објектите каде што се одржува седница на Собранието, на Владата, на претседателот на државата и на Врховниот суд,

да не се одржуваат протести. Ако во нешто се согласувам со вас е дека протестите на крајот, сепак се нашло решение со компромис и дека е вистинскиот начин на разговор. Меѓутоа, ние имаме случаи, како што е актуелниот случај Глас на светлината, кога воопшто не сакаат и покрај повиците на Владата да разговара, воопшто не сака да оди да разговара со Владата, што покажува дека нивните протести се само продажбата на ЕСМ не е вистинската причина, туку е само повод, а дека заднината е сосема поинаква. Вие и самите констатиравте на Законодавно-правната комисија дека се потребни измени на Законот, меѓутоа не предложивте ниту еден амандман, а како пратеник имавте можност и вие и вашата пратеничка група, доколку сте искрени во таа намера, да ги предложите амандманите не само на нашиот предлог, туку и на основниот текст и да дојдеме до едно решение, како што рече и господинот Флоровски, едногласно да донсеме измени кои што ќе бидат во функција на грааните. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Манев имате една минута.

**Ефтим Манев:** Се она што го кажа колешката Грковска повеќе зборуваше за штрајкови, отколку за протести. Тоа е огромна разлика. Ние имаме Закон за штрајк, кој што е регулиран во Законот за работни односи, јавните протести и нешто друго. Тоа е едниот дел. А, тоа што го спомна дека во Германија било потребно да се побара дозвола, многу пратеници спомнаа дека требало да се покрене иницијатива за измени на Уставот. Нашиот Устав нешто поинаку регулира. Не може да се пречекори Уставот. Ако се смета дека Уставот е многу либерален, тогаш нека повелат и нека поднесат иницијатива за промена на Уставот на членот 21 и мислам дека тогаш ќе биде се решено. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Топузова, имате три минути реплика.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Сосема накратко ќе кажам дека дискусијата на почитуваниот колега Манев беше насочена кон тоа дека граѓаните имаат право да го изразат своето незадоволство. Јас се соглсувам со него. Исто така, беше кажано дека најчесто во најголем број случаи тоа незадоволство е насочено кон работата на Владата, а и со тоа се согласувам. Ако веќе така стојат работите, дали има подобро место за да се искаже незадоволството, освен пред Владата и како што самиот кажа, за да може Владата да ги слушне што сакаат тие да кажат и да ги преземе соодветните мерки. Истото се случи и со тутунарите. Додека ги блокираа патиштата, додека Прилеп со денови беше изолиран град, не се случи да дојде до некои разговори. Разговорите беа како резултат на нивните протести пред Владата и се најде компромисно решение односно оние сите барања кои што ги имаат тутунарите и кои што ги изнесоа на средбите со пратениците и неколку дена пред тоа.

Значи, се согласуваме дека најдобро место каде што се изразува незадоволството, тоа е Владата и зградите на локалната самоуправа. Со овој закон никаде не се оневозможува или се одзема правото на граѓаните на јавно собирање. Напротив, не гледам што е лошо во овој закон ако не се дозволува тоа да биде пред здравствените установи, пред детските градинки и училиштата и тоа исклучиво кога децата престојуваат во нив, секако да се блокираат автопатиштата, регионалните патишта и со тоа, остварувајќи едно право, да се одземе друго право, односно правото на граѓаните на слободно движење. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута господине Манев.

**Ефтим Манев:** Не знам дали предлагачите можат да сфатат тоа што го зборува овде, со едно право се одзема другото, тоа исто важи и во обратната состојба, а тоа е перпета мобиле. Ако на овој му одобриш, на другиот му ускратуваш. Тоа е неспорен факт. Таму, веројатно, ако треба било што да се направи интервенција во Уставот, ако не експертите од повеќе гранки, социолози, педагози, психолози, политичари, да се најде решението дали вака може да опстои. Инаку, колку што сакаат нека зборуваат дека на овој начин ако тоа се забрани дека се е во ред. Веднаш ги попречуваш сите други граѓани кои го имаат истото право како и останатите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Насуфи, повелете, имате збор.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине претседателе, дами и господа пратеници.

Мислам дека ова е една жешка тема и за жал законот за кој говориме е доста сензитивен. Кога правиме компарации, треба да го знаеме и тој факт дека предлагачот треба да има една позитивна споредба од овој аспект. Вие знаете дека Владата на господинот Едуард Хит во Англија поради штрајкот на рударите, кои сакаа да ги приватизираат рудниците во Англија, падна Владата. Значи владите по него, опфаќајќи ја и госпоѓа Маргарет Тачер ниту не замислуваа да го изменат Законот и да воспостават остри ригидни услови на јавното незадоволство, сега веќе на вработените или на тие кои бараат нешто за нивната егзистенција.

Измените на овој закон фактички имаат многу димензии било политички, правни, но имаат и една прагматична димензија, за која нема чувство првенствено Владата затоа што во услови на развој на еден протест толку остар и длабок, содржински, Владата се дави со последиците, а не со причините. Во суштина се бави со причините, но откако ќе констатира, ќе утврди во самата потсвест дека протестантите имаат право. Мислам дека преќутно Владата ова го призна. Затоа седна и се согласи начелно, посебно со

тутунопроизводителите, но лично сум скептик во однос на ова.

Прво, сите нивни барања не се исполнети во целина, има недостатоци за манипулации во иднина и ценам дека посебно во однос на премијата, таа може да се додели, но ќе се додели од политички мотиви, можеби во моментот на изборите.

Зошто дојде до протест на тутунопроизводителите? Ова не е посебен случај, ова ја искажува севкупната состојба во аграрот, бидејќи Владата и на производителите на пченица им вети премија пред 6-7 месеци, а сеуште ја нема исполнето. Се плашам дека истата судбина ќе ги снајде и тутунопроизводителите.

Јас од зона број 5 пратеник, го покривам Дебреште, Црнилиште, Житоше, Алданце и др. Да ви кажам искрено во една посебна состојба за мене тие не повикаа да ми ја кажат нивната мака. Јас како пратеник од таа зона не отидов во таа област да им кажам излезете и протестирајте по улици. Ниту ДПА го направи ова, бидејќи сум пратеник од ДПА затоа нивниот протест е провоциран од крајната сиромаштија. Тој дел од населението, ова треба да го разбереме, не е индустриска зона, немаат ниту еден вработен освен во училиштата, немаат ниту еден вработен во администрацијата, во јавната управа, нема ниту една фабрика во овој дел. Доколку тутунот е услов за нивната егзистенција, тогаш ве молам, не дека треба да имате разбирање, туку повеќе од ова за нивното искажано незадоволство што го искажуваат со протести и разни блокади. Сега што следи?

Мислам дека Владата преку пратениците предлага закон да им се реваншира заборавајќи дека овој закон има политички и правен вовед. Правниот вовед е во тоа што го рекоа колегите да потврдат една проценка дали е во согласност со Уставот и со меѓународните конвенции кои Македонија ги има потпишано во однос на правата и слободата на човекот. Ние не можеме да одиме со проценки и тоа апсурдни, ќе го нагласам амандманот 1 од страна на Владата. Ќе ми дозволите да го прочитам:

Право на граѓаните на мирно собирање може да се оствари на начин со кој мирно ќе го изразат јавниот протест и притоа нема да се ограничува правото на граѓаните кои не учествуваат во јавниот собир на слободно движење и други права утврдени со Уставот на Република Македонија.

На албански јазик има една поговорка, молам преведувачот да го преведе добро "качи се дека ќе те убијам, симни се дека повторно ќе те убијам". Ова значи имате право да протестирате, но не ги попречувајте другите кои не протестираат, бидејќи во тој случај немате право. Не може правото да се оствари на овој начин со контроверзи кои се не акцептирани, посебно за Македонија, бидејќи на крајот на краиштата овој закон треба да отиде и на Венецијанската комисија, бидејќи Македонија има статус на кандидат, има аплицирано за кандидатура во Европската унија.

Овој правен вовед треба искрено и реално да се анализира. Политичките импакти на оваа Влада која е веќе 4 години, ова е политичка незрелост во време на избори, во време на протести да се донесе еден ваков закон. Ова треба да го признаете. Ова е отворена вистина. Доколку Владата која има преоптоварен административен апарат и стручњаци правници и економисти, доколку констатира дека овој закон има празнини и недоследности, тогаш требаше на време да интервенира. Не можам да се ослободам од проценката дека е ова политичка измена на овој закон, со политичка конотација и политичка дневна конјунктура. Доколку не беше вака сигурно немаше да дојде до еден договор условно да го наречам провизорен кој се постигна, сакам да се оствари и во сегментите каде не е остравен до сега.

Да се вратам на една друга димензија за која мислам дека треба да се земе во предвид. Задолжен сум да ги штитам интересите на тој дел од населението кое го нагласив претходно, ќе повторам, Црнилиште, Дебреште, Житоше, Алданце, бидејќи минатите години во текот на откупот на тутунот направена им е неправда на национална основа. Не ретко откупните компании опфаќајќи ги комбинатите било во Струмица или во Прилеп не се однесувале коректно во однос на овие населени места како во однос на откупот на тутунот така и во однос на проценката на квалитетот и класата на самиот тутун, за жал, од аспект на извршување на финансиските обврски.

Мислам дека ние треба да се освестиме дека вакви дизбаланси кои можат да имаат и имаат меѓуетнички карактер се штетни и опасни и се дестабилизаторски.

Затоа во овој случај посебно апелирам доколку се оствари договорот во целост, на цела територија на Република Македонија со сите тутунопроизводители, ви благодарам господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Дали има реплика? (Нема)

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе, јас сум наполно свесен дека некои работи што колегите претходно ги кажаа и јас можам да ги повторам и после мојата дискусија предлагачите секако нема да го повлечат Предлог законот за ограничување на јавните собири, меѓутоа, сепак ќе дискутирам, ќе кажам нешто, сакам да се вбројам во редот на колегите кои го искажаа своето против донесување на овој Предлог закон од група пратеници.

Каква е денешната ситуација во Република Македонија?

Се наоѓаме во изборна година кога сме на прагот на конечната верзија на донесувањето на

изборниот законик, треба да подготвиме фер и демократски парламентарни избори и за да тоа го направиме треба до крај да ги спроведеме реформите во правосудството и уште некои закони во полицијата за да се доближиме и да стекнеме статус, да стекнеме стандарди кои ќе не доближат до Европската унија.

Меѓутоа, дали состојбата е таква каква што ни треба за добра работа ја имаме во Република Македонија? Очигледно таквата состојба недостасува. Мирна, релаксирана состојба. Очигледно е дека социјалните тензии во Република Македонија се во нагорна линија, протестираат земјоделците од сите области од земјоделското производство, тутунарите, лозарите, винарите, рударите, стечајните работници, трудовите инвалиди и не знам уште кој не протестира, која социјална категорија односно група не протестира.

**Љупчо Јордановски:** Пратениците.

**Чедомир Краљевски:** Значи незадоволството на социјалните групи е евидентно и единствен начин, со оглед на тоа што Владата не им излегува во пресрет на нивните барања понекогаш реални, понекогаш можеби нереални, но не им излегува во пресрет за да им го објасни тоа што го бараат дали е во ред или не и колку се можностите на Владата. Луѓето го одбираат единствениот можен начин да го обрнат вниманието кон себе и кон својот тежок живот со излегување на јавни протести. Ништо нема лошо во тоа, единствено лошо е наместо Владата да работи на создавање на еден социјален мир и релаксирана атмосфера пред донесување на овие закони, таа самата со логистичка поддршка на група пратеници од нејзиното парламентарно мнозинство ни нуди решение кое по дефиниција на старт е рестриктивно, заборавајќи притоа дека на тој начин самата придонесува состојбите во Република Македонија наместо да се релаксираат истите да се радикализираат. Како да ја заборавиле онаа анегдота што би ја кажал сега дека царот кога ги праќал своите даночници низ државата ги прашува како реагира народот. Народот се бунтува односно протестира. Добро е, качете го данокот, а потоа кога ги пратил повторно и ги прашал како реагира народот, народот молчи, тогаш намалете ја тензијата, намалете ги наноците. Сега, наместо да му дозволи на народот да протестира, да реагира за да колку-толку ја одржува стабилноста на состојбата, Владата преку своето парламентарно мнозинство односно група пратеници, ги замолчува. Ги замолчува граѓаните или сака да го ограничи правото на јавен протест, со други зборови.

Како да Владата подзаборави на онаа друга народна поговорка дека она што не сакаш да ти го прават немој да му го правиш на друг. Се заборави дека по туѓ грб сто стапа не болат, а кога таа организираше односно тоа парламентарно мнозинство од таа партија или тие партии организираа протести низ државата во едно блиско минато време, тогаш се беше во ред, се можеше да помине.

Според тоа, мислам дека овој потег на предлагачите не придонесува кон стабилизирање на состојбите или кон одржување на едно нормално ниво или атмосфера на работа. Мислам на оние работи од државен карактер што не очекуваат во блиска иднина.

Аргументите на предлагачите - се ограничува правото на движење. Тоа не е апсолутно ограничување на правото на движење, бидејќи не можат на друг начин да се изведе. Ако паралелно егзистираат две права и во еден момент дојдат во колизија правото на јавен протест и правото на движење, сепак треба да се најде модус и начин како едното право да не го исклучува апсолутно другото право. Затоа постои временска најава на протестите, затоа постои обврска на организаторот на протестите да го регулира редот за време на одржувањето на протестите. Тоа само теоретски е можно, но се коси со други закони да се узурпира правото, да се ограничи правото на движење дали месец или два, тоа е веќе кривично дело и тоа е нешто друго. Не можат да се споредуваат такви теоретски состојби со оние практични состојби на самиот терес и во самата пракса. Тоа е нон сенс да се ограничи правото на движење на не знам колку голем период и на тој начин не само да се атакува врз правото на движење, туку се атакува и на правото на живот и егзистенција, како што кажа пред малку колешката Грковска на колешката Којзеклиска што би било кога би се ограничило пред куќата на Којзеклиска би се организирале протести во траење од месец и повеќе. Тоа е нон сенс и не би требало да се дискутира за такви работи, многу е јасна состојбата, имаме колизија на две права загарантирани со Уставот додека трае едното право нормално е да се ограничи другото право. Додека трае тоа право нормално е ова да се ограничи и тука нема ништо нејасно. Тука има само начин и модус како да се организира тоа ограничување тоа да биде временски димензионирано и да биде во најдобар ред организиран протестот односно да нема екцесни состојби. Во судир на овие две права како арбитар се јави Владата. За жал, Владата во еден случај арбитрираше на страната на противниците на овој закон, а во сегашниот најнов случај арбитрираше во корист. Претходното арбитрирање односно дадено мислење од Владата беше дебело аргументирано на половина или цела страница дека овој Предлог закон што беше поднесен во тоа време од колешката Славица Станковска дека е против уставен и се дадоа големи образложенија зошто е против уставен и зошто не треба да се ограничува правото на јавен протест.

Сегашното мислење односно арбитрирање на Владата се состоеше во една или две реченици дека овој закон треба да се прифати и ништо

повеќе. Принципите на хипокризија ја зафатија Владата во ова свое арбитрирање и тоа го стори сосема свесно. Свесна е дека е на повидок народен протест, да не употребувам таков хиперболичен збор - бунт, предизвикан од социјално - економски мотиви. Работата е тргната, лавината е тргната, прашање е на време кога тој народ, тој протест нормално низ институциите на системот и низ демократските инструменти ќе се претвори во промена на власта, меѓутоа, зошто тоа го стори сега ...

**Љупчо Јордановски:** Имате уште 15 секунди, бидејќи е 18,00 часот ...

**Чедомир Краљевски:** Очигледно дека игра на картата додека се произнесе секако овој закон ако се донесе, а ќе се донесе ќе го оспори некој пред Уставниот суд и Уставниот суд кога ќе решава за ова тоа ќе го стори секако по изборите, значи Владата на овој начин си купува време, а од друга страна добива еден социјален мир, меѓутоа, на вештачки начин, како што кажав, а бидејќи времето е ограничено, ми помина времето, јас ќе завршам со мојата дискусија, бидејќи утре имам обврски на друго место.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, од пријавените е присутна само госпоѓа Топузова.

Дли вие барате збор? Благодарам.

Другите не се присутни.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по општиот претрес ...

(Реакција од страна на присутните пратеници, госпоѓа Бонева бара збор)

Дали можам да ја заклучам расправата, а ќе зборувате по текстот. Навистина по текстот ќе ви дозволам да зборувате.

(Реакција од страна на пратениците)

Добро, не ја затворам расправата, утре продолжуваме.

Госпоѓо Бонева вие утре во 11,00 часот ќе продолжите.

(Реакција од пратеникот Чедомир Краљевски)

Да, да само во иднина ќе ве прекинам точно во 18,00 часот, нема проблем, ви дадов една минута, ако сум принципиелен, тогаш можам и овде.

Не, госпоѓа Бонева се пријави, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,02 часот).